МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

INTERNATIONAL SLAVIC UNIVERSITY
GAVRILO ROMANOVICH DERZHAVIN

МЕЖДУНАРОДНЫЙ СЛАВЯНСКИЙ УНИВЕРСИТЕТ
ГАВРИЛА РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ТЕК НА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: СТЕФАНИЈА ЈОВАНОВА
БРОЈ НА ИНДЕКС: М197005
МЕНТОР: ДОЦ.Д-Р МАРЈАН КИЦЕВ

Свети Николе, 2020

АПСТРАКТ

По распадот на СФРЈ и долги потготовки за да се донесе сопствен закон за кривична постапка биле потребни шест години. Во 1997 година е донесен првиот Закон за кривична постапка на Република Северна Македонија. Првите измени ги доживува во 2002 година со Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка, а подоцна во 2004 година се случуваат по големи измени на една третина од одредбите на Законот за кривична постапка.

Главен предмет на обработка во магистерскиот труд е текот на кривичната постапка во Република Северна Македонија. Целиот тек на кривичната постапка е по детално појаснет според членовите од Законот за кривична постапка.

Одвивањето на кривичната постапка според нашиот Закон е во неколку фази: претходна постапка, истражна постапка, обвинување, главна расправа и пресуда. Против донесената пресуда или решение, странките имаат право на редовни и вонредни правни лекови.

Главна цел во трудот е постигнување на по јасна слика за текот на кривичната постапка, фазите низ кој минува и правата на странките по донесена пресуда или решение од страна на судот.

Клучни зборови: Закон, кривична постапка, Република Северна Македонија, СФРЈ, суд, пресуда, тек.

After the decay of the SFRJ and a long preparation which take 6 years for making own law for criminal procedure, in 1997 finally was established the first law for criminal procedure in North Macedonia. Furthermore the first changes in this law are made in 2002 with the law for changing and auditioning the law of criminal procedure, and later in 2004 occurs the big changes (almost third of the points) for the law of criminal procedure.

The main subject that will be process and this master thesis is the timeline flow of the law for criminal procedure in Republic of North Macedonia. The whole flow for the criminal procedure is detail explained according to the points of the law for criminal procedure.

The unfolding of the criminal procedure according to our law is in several phases: previous procedure, investigate procedure, accusation , main discussion and conviction. Against the conviction or solution, the members involved has right for regular or additional treatments.

The main target on this master thesis is accomplishing better picture for the process flow of the criminal procedure, the phases that the procedure passes and the rights of the members after the accusation is in force or the statement that the court has officially declared.

Key words: law, criminal procedure,Republic of North Macedonia**,** SFRJ, court, conviction, flow.

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ 2

Клучни зборови: 2

I МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО……..…….....6

1.1 Проблем на истажувањето.....6

1.2 Предмет на истражувањет.....6

1.3 Цел на истражувањето…….....…….....7

1.4 Хипотези на истражувањето…….....…….....7

1.5 Методи на истражување……..…….....7

III Историски развој на Кривичната постапка во нашата држава.....8

IV Тек на кривична постапка.....10

1.Претходна постапка...…….....10

1.1 Поводи.....10

1.2 Полициски извиди.....13

2 Истражна потапка.....…….....…….....24

2.1 Истражна постапка на јавниот обвинител.....…….....24

2.2 Дејствија на одбраната……..…….....30

2.3 Доказно рочиште.....32

3. Обвинување.....33

3.1 Обвинителен акт и оцена на обвинителниот акт.....33

4. Главна расправа и пресуда.....40

4.1Подготовка за главната расправа.....40

4.2 Начело на јавност на главната расправа.....42

4.3 Раководење со главната расправа.....43

4.4 Претпоставка за одржување на главна расправа.....46

4.5 Одлагање на главната расправа.....46

4.6 Записник за главна расправа.....51

5. Пресуда.....63

6. Правни лекови.....71

6.1 Редовни правни лекови.....72

6.2 Постапка по жалба.....77

6.3 Жалба на пресуда на второстепениот суд.....86
6.4 Жалба против решение.....87
6.5 Вондредни правни лекови.....89
6.6 Повторување на кривичната постапка.....90
6.7 Барање за заштита на законитоста.....97
V. Емпириско истражување…….....98
VI Компаративни аспекти на текот на кривичната постапка…….....100
1.Компаративна анализа помеѓу Македонското законодавство
со Француското и Германското законодавство.....100
ЗАКЛУЧОК 114
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 116

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Цел на кривична постапка .....**Error! Bookmark not defined.**
Слика 2: Современа судница во Република Северна Македонија…….46

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЗКП – Закон за кривична постапка
КЗ – Кривичен законик
МВР – Министерство за внатрешни работи
КП – Кривична постапка
САД – Соединети Американски Држави
ВСРМ- Врховен суд на Република Северна Македонија
ЗПО – Закон за полиција
ЗЈО – Закон за јавното обвинителство

ВОВЕД


Како **прва** цел кривичната постапка најпрво тргнува од пронаоѓање на вистината. Целиот тек и сите истражувања доведуваат до материјално релевантни околности кои треба да се докажат.

Втората цел е правичноста, што значи дека правичната одлука предвидува фер и соодветна постапка.

И како **трета** цел е владеењето на правото, односно важење на нормите од кривичното право.

Во судската постапка се балансираат материјалните вредности на вистината, правичноста и владеењето на правото. Постапката е всушноат целиот процес кој се спроведува по конкретни правила во пропишана форма. Во согласност со деловодникот постапката е заштитен механизам за интересите што мора да ги чува правната држава. Вкавите заштини форми често знаат да го попречат кривичното гонење, но не и да го блокирааат.

Патот за одлуката што е вистина, а што не е постојано оптоварен со раазлични опасности за не правилно одлучување.Затоа секогаш треба да се избира вистинскиот пат со фер постапка во согласност со деловодникот.



Слика 1: Целта на кривичната постапка

Република Македонија доста долго со неколку мали измени го применувала југословенскиот ЗКП, кој што влечел корени од Наполеоновиот француски Закон за Казнена постапк, кој имал т.н мешовита казнена постапка и од него се извел австрискиот ЗКП, Најпрвен во Југослаија се внел преку Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Па од тоа време се до 2010 година во Рпублика Македонија се применнува овој систем кој што довел до една навика и рутина.

I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.1. Проблем на истражување

Казнената постапка го следи развојот на човековото општество. Со неа се врши операционализација на материјалното казнено право, чија заштитна функција се состои во заштита на дадениот поредок и заедничкиот живот на луѓето во него. Казнената постапка зависи од економската и општествено -политичката структура на одредено општество. Казнената постапка е променлива, поради што на одделните процесни институти не треба да се гледа како на постојани, непроменливи и апсолутно дадени категории, туку како на институти кои се менуваат во зависност од промените што настануваат во општествените односи. Во својот развој, казнената постапка ги следела промените во општеството и се прилагодува на карактеристиките на општествено-економската формација. Најсилно влијание промените имале врз положбата на личноста во казнената постапка. Основна цел што се настојува да се постигне преку казнената постапка е остварување на правда, како и спречување на сторителот да врши казнени дела и негово превоспитување и воспитно да се влијае врз другите да не вршат казнени дела.

Со успешно завршување на казнената постапка се постигнува поголема правна сигурност кај граѓаните, свесни за самиот факт дека не смеат да напаѓаат определени општествени вредности кои се заштитени со материјалното казнено право, како државен инструмент за заштита на општествените вредности, ограничувајќи му ги основните права и слободи.

1.2. Предмет на истражување

Предмет на обработка на овој труд е казнената постапка која се применува во Република Македонија и казнената постапка во европските држави: Франција и

Германија, односно компаративна анализа на пречистените текстови на законите за казнените постапки на Македонија, Франција и Германија.

1.3. Цел на истражувањето

Целта на овој труд е поопширно разгледување на законот за кривична постапка односно текот на кривичната постапка и правата на странките во целиот тек на постапката во нашата држава. Суштински да ги разгледаме казнените законодавства на Германија и Франција и со тоа да ги воочиме сличностите и разликите помеѓу нив, така што воочуваме што ја прави казнената постапка поразлична и поефективна.

1.4. Хипотеза

Успешното водење на кривичната постапка зависи од почитувањето на основните начела поставени со Законот за кривична постапка. Во овој труд се анализира текот на кривичната постапка, на нашето казнено законодавство, при што ќе можеме да забележиме дека е потребно да се направат измени и да се прекомбинираат делови од постојаниот кривичноправен систем за да се формира нов систем на казнено правосудство кој ќе одговара на нашето поднебје и традиции, кој исто така ќе биде на ниво на европските стандарди.

1.5. Методи кои се применети во изработка на трудот

Во изработка на трудот ќе се користат следните научни методи:

- анализа на содржината на документи;
- компаративен метод;
- синтеза;
- аналитичко – синтетски метод;
- индукција и
- дедукција.

III. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО НАШАТА ДРЖАВА

Законот за кривична постапка во Република Северна Македонија е всушност потомок на австрискиот Strafprozessordnung (StPO) од 1873 година,кој пак бил под многу големо влијание на францускиот Code d'instruction criminelle од 1808 година.

Францускиот законик е модел на мешовита кривична постапка во континетална Европа. Овде кривичната постапка се дели на подготвителен стадиум и стадиум на главна расправа,со уште неколку контроли и меѓустадиуми.

Првиот стадиум или така наречениот подготвителен стадиум главната улога ја има истражниот судија кој го следи односно истражува настанатото кривично дело кое што го сторило одредено полнолетно лице. Јавниот обвинител во оваа фаза ја има улогата во разјаснување на околностите за стореното кривично дело,заедно со истражниот судија или полицијата, може да се вклучат и останатите државни органи кои можат да му бидат од помош на Јавниот обвинител.

Сепак ваквиот процес не претставува формална кривична постапка,затоа се именува со називот предистражна постапка односно фаза еден.

Внесувањети на австрискиот модел во Република Македонија се случило преку Законот за судската кривична постапка на Кралството Југославија од 1928 година, па во тогашната унитарна држава важењето на овој Закон е проширено на нашата територија. Во 1948 година бил донесен нов закон,Закон за кривична постапка,па по втората светска војна Македонија станува дел од Југославија како федерална единица. Овој закон донесен во тоа време бил под големо влијание на советското

право. Тогаш настануваат промени односно измени во текот на постапката,со кои измени Истражниот судија нема никаква илога во подготвителната постака, а Јавниот обвинител станува главен во овој дел од постапката исто така и на контролната фаза по повод правните лекови против прасудата.

Во активностите пред почеток на кривичната постапка Јавните обвинители имале голема политичка моќ, па затоа дел од своите овластувања ги пренеле на полицијата. Со ова промена одвоеноста на предистражната и истражната постапка

се задржала,со тоа што полицијата целосно ја водела предистражната постапка, а истрагите тогаш ги спороведувале истражителите на државното обвинителство.

Обновувањето на кривичното законодавство се случило во 1953 година кога бил донесен Законикот за кривична постапка,потикнато од политичкото раскинување на ФНР Југославија со Советскиот Сојуз. Стапувањето на сила нс овој Законик повторно ја ставил во функција институцијата истражен судија, а го ограничил овластувањето на Јавниот обвинител. Кривичното гонење и истрагата согласно либералната идеја се одвојуваат со што започнувањето односно иницјативата за кривичната постапка му е препуштено на Јавниот обвинител, а пак на Истражниот судија му останува одлуката за започнување на постапката.Овие измени ја доведуваат Југословенската кривична постапка да биде доверена само на судовите.Сепак дел од елементита на поранешниот систем останале задржани.

За тешките кривични дела односно за оние дела за кои се изрекувала казна затвор над 15 години била превидиена Судската истрага. Собирањето на докази во останатите предмети било препуштено само на полициската истрага со што Јавниот обвинител можел да го заснова обвинителниот акт. Процесните дејствија истражниот судија доколку сакал му било дозволено да ги довери на полицијата. На судењето како валиден доказ се сметала целата документација собрана од полициската истрага за предметот, а обвинетиот немал процесна заштита пред полицијата. Со сето ова полицијата се здобила со улога во која одлучувала за целиот тек на кривичната постапка.

Во 1991 година се случува распадот на тогашна СФРЈ, па Република Македонија одлучува да го превземе сојузното кривично законодавство, па со тоа и ЗКП/77. По долги подготовки за донесување на сопствен ЗКП за кој на нашата држава и биле потребни шест години, односно во 1997 година се донесува нов сопствен ЗКП на Република Македонија. Своите први парцијални измени овој првичен сопствен закон ги доживеал пет години подоцна односно во 2002 година, со Законот за изменување и дополнување на ЗКП со кој се рационализираа одредбите на Амандманот V од Уставот на Република Македонија што се однесувало на употребата на јазикот на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Во 2004 година се случиле по големи измени на македонскиот ЗКП кои опфатиле една третина од одредбите на ЗКП од кои како најважни ке ги издвоиме: забрзувањето на постапката со определување на куси рокови за одлучување и подобрување на доставата која придонесувала за одовлекување на постапувањето, воведување на посебни истражни мерки за борбата против организираниот криминалитет, проширување и збогатување на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката, регулирање на притворот и неговото траење определубање на куќен притвор, подобрување на положбата на оштетениот и редефинирање на имотно-правните побарувања,прифаќање концепт за заштита на сведоците,соработниците на правдата и жртвите, забрзана постапка донесување пресуда без одржување главен претрес, постапка против правни лица, можност за повторување на постапката врз основа на пресуда на судот за човековите права во Стразбур.

IV. ТЕК НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1 ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Претходната или предистражната постапка е фаза во која се прибират инфомации и докази за кривичното дело, кога сторителот или сторителите не се откриени целосно.[1] Претходната постапка се спроведува од страна на полицијата кога тоа по службена должност ке го побара Јавниот обвинител.

1.1 Поводи

За оваа постапка можеме да кажеме дека не е целосно регулирана со закон бидејќи се базира на полициските правила. За да се почне предистражната постапка претходно не се донесува решение, туку условот за нејзино отпочнување е постоењето на основ за сомневање како сознанија кои можат да бидат доказ за стореното кривично дело. Со поднесување на кривична пријава до полицијата или друг орган започнува предистражната постапка.

[1] Водич низ претходна кривична постапка- Македонското здружение на млади правници (МЗМП),Институтот за човекови права (ИЧП) и Коалицијата, стр.3

Целта на предистражната постапка е да се обезбедат доволно материјни докази за лицето кое го сторило кривичното дело за Јавниот обвинител да може да донесе наредба за споведување на истражна постапка или доколку нема доволно докази тој ке ја отфрли кривичната пријава.[2]

За да може јавниот обвинител или правосудната полиција да гони по службена должност потребно е да имаат некој повод за тоа.

Како извори врз кои може да се заснова поводот за кривично гонење се:

- Гласот (fama) односно кога во одреден круг на луге ќе почне да се зборува дека постои некое сторено кривично дело или осбоено кога нешто ке се сподели со јавноста на телевизија во весник и сл.Овие работи доведуваат до повод за поведување на кривична постапка по службена должност.
- Ноторноста (notus) означува факт кој е познат мегу сите и укажува на постоење на кривично дело.

Законот за кривична постапка пропишува должност за сите државни органи, јавни претпријатија и установи доколку се известени или доколку дознале на некој начин дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност тоа да го пријават. Пријавата од овој тип се нарекува службена кривична пријава, која во прв ред потекнува од МВР или од некој инспекциски органи кои имат функција за вршење надзор за примената на законите, па секогаш кога ке увидат дека има основ а сторено кривично дело должни се да поднесат кривична пријава.

Државните органи, јавните претпријатија и установите кои се должни да пријават кривични дела кога ќе ппријават кривично дела мораат во пријавата да ги наведат и доказите кои тие ги знаат и истите да ги зачуваат трагите со кои располагаат, а кои се употребени во извршувањето на кривичното дело.

Исто така законот дозволува и можност за секое физичко и правно лице да поднесе кривична пријава која се води по службена должност.

Начините за поднесување на кривичната пријава по поранаешното пропишано решение се поднесувала само писмено или усно до надлежниот јавен обвинител. Со

[2] Водич низ претходна кривична постапка- Македонското здружение на млади правници (МЗМП),Институтот за човекови права (ИЧП) и Коалицијата, стр.4

измените и со новото решение кривичната пријава може да се поднесе и по електронски пат или со други средства и начини.

Во случајот кога ке се поднесе електроснка кривична пријава јавниот обвинител составува посебна службена белешка која е евидентриана како примена кривична пријава во соодветен уписник, а во предметот стои електронски запис од применета кривична пријава.

Доколку се поднесе кривична пријава на усен начин директно кај јавниот обвинител, или по телефонски пат тогаш најпрвен лицето кое што поднесува пријава се опоменува од страна на јавниот обвинител за лажно пријавување односно дококлку изврши лажно пријавување тоа претставува кривично дело. За усните пријави јавниот обвинител составува записник, кој се заведува како кривична пријава во усписникот, додека пак кај пријавите поднесени телефонски се составува службена белешка која се заведува во уписникот во својство на кривична пријава.

Исто така кривичната пријава може да се поднесе и до полицијата, судот или не надлежен јавен обивнител. Откако ќе ја примат пријавата овие лице се должни да му ја достават на надлежниот јавен обвинител.

За да одлучи по кривичната пријава јавниоит обвинител има поставено законски рокови впишани во ЗЈО. Според законот јавниот обвинител по приемот на кривичната пријава во рок од 3 месеци е должен да преваземе дејствие за кое има надлежност. Во овој рок јавниот обвинител превзема дејствија за решавање на пријавата и прибирање на докази или пак да донесе некоја од можните одлуки по кривичната пријава.

При одлучувањето по кривичната пријава јавниот обивинител има може да ги донесе следните одлуки:

- Решение за отфрлање на кривичната пријава
- Наредба за спроведување на истражна постапка
- Обвинителен предлог во скратена постапка
- Предлог за издавање на казнен налог

Доколку јавниот обвинитлел во дадениот рок од три месеци не одлучи за кривичната пријава, тој е должен да го извести подносителот на пријавата и повисокиот јавен обвинител.

Јавниот обвинител кој не постапил по законскиот рок при обврската за известување на повисокиот јавен обвинител должен е да ги наведе причините за неговото не постапување по предметот. Доколку јавниот обвинител не ги почитува зконските рокови за него не следуваат процесноправни консеквенции, но во овој случај повисокиот јавен обвинител ја следи и оценува работата на пониските јавни обвинители, па непочитувањето на законските рокови пропишани според законот значат и нестручно вршење на функцијата јавен обвинител, но исто така ова е и основа за поведување на дисциплинска постапка чии краен исход може да биде и со престанок на функцијата јавен обвинител.

1.2 Полициски извиди

Во последните дваесетина години полициското право и постапката се предмет на интензивно правно нормирање во светот и кај нас.Постапувањето на полицијата многу долго време било оскудно уредено со правни прописи. Но, со примената на се поголем број на човекови права и слободи, исто така и почетниот стадиум на кривичната постапка за ефикасноста на каазнената правда се фактори кои влијаеле детално да се уреди полициската постапка и освластувањата, кои се составен дел на мегународното право и националните устави. Ова бил тренд кој се применувал секаден во светот, но исто така и наште уставотворци го примениле.

Постарите автори сметале дека предистражната постапка всушност по природа не била правна туку управна постапка.Нејзината задача била да се обезбедат докази за кривичното дело исто така и за сторителот. Според авторите предистражната постапка не била ниту судска ниту кривична постапка, според нив таа била опишана како криминалистичка постапка.

Според ЗКП полиицијата претставува монопол во делот на започнувањето на предистражната постапка. Најпрвен се започнува со полициски извиди кои полицијата ги започнува според одредени законски услови, по службена должност или по барање на јавниот обвинител. По што полицијата се обврзува да го извести јавниот обвинител за мерките кои тие ги превзеле.

Покрај криминалистичката полиција во МВР исто така во функција на правосудна полиција дејствуваат и Царината и Финансиската полиција, а доколку се работи се

посебен и посериозен облик на криминал за вклучува и Управата за безбедност и контраразузнавање.

Полицијата се води како монопол од причина што е главна во истражувањата на кривичната постапка, и граѓаните често наместо до јавен обвинител најпрвен пријавуваат кривично дело до МВР. Полицијата завзема активна уолга во предистражната постапка, и во најголем број од случаите сама ги завршува истрагите за кривичните дела.

За да се започне кривичната постапка потребно е да постои сомневање односно основа за сомневање за одредено лице кое се смета дека го сторило кривичното дело. ЗКП предвидува дека и кога постои најмал степен на соменвање односно веројатност дека се сторило одредено кривично дело, а притоа без да постои поткрепа односно без да има сомневање неможе да се започне со истрага.

Мерките како што се: легитимирање, сопирање и преглед се применуваат во случаи кога има основ за сомневање во лицето врз кое би се превзеле мерките. Исто постојат и по сериозни мерки кои се превземаат при, апсење без налог, прислушување и други посебни истражни мерки. Според ЗКП основано сомнение законот бара за мерките од посериозен тип како што е притворот. Додека пак за претресот се бараат посебни стандарди на докажаност, со претпоставка или веројатност дека при претресот ќе се пронајде лице или предмети кои што се поврзани со кривичното дело.

За да му се обезбедат на јавниот обвинител потребните материјали за да процени тој дали првичните сознаниа на сомнежи можат да преминат во основано сомнение се водат извидите. Основаното сомнение е по висок степен на сомневање со кое според прибраните докази дека одреденото лице сторило кривично дело се потврдуваат како точни. Со што јавниот обвинител може да поднесе барање за спроведување истрага.

Со сето ова ЗКП не прави измени во делот на постапувањето на полицијата. Нејзините овластуавања остануваат исти со тоа што тие се главни во откривањето и пријавувањето на кривични дела. Полицијата во овој дел има своевиден монопол наспорит законските норми. Па затоа во вој дел се насочува и јавното обвинителство да завземе поактивна улога во постапкта.

За да се оствари целта на предистражната постапка, надлежните органи по приемот на кривичната пријава или пак по добиено сознание дека одредено лице сторило крвично дело се должни да ги превземат следните мерки:[3]

- пронаоѓање на сторителот на кривичното дело
- сторителот или соучесникот да не се скрие или побегне
- да се откријата и да се обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што може да послужат како доказ
- и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка

По приемот на пријавата за сторено кривично дело тој може да се вклучи со различен интензитет на активности во постапката, што значи тој нема да ја превземе целата постапка и да ја води самостојно во нејзината рана фаза, откривањето на кривичните дела е специјалност на полицијата и други државни органи со посебни овластувања па така во оваа рана фаза тие се должни да ја водат постапакта, а јавниот обвинител само се известува за дејствијата кои се превземени и е активно вклучен како надзор.

При целосното вршење на активностите од страна на полицијата, јавниот обвинител има право да и дава наредби на полицијата а исто така има право и да им врши контрола во текот на сите нивни активности. Тој исто така може и сам да ги врши и спроведува сите мерки самостојно. Правосудната полиција го известува јавниот обвинител кои истражни мерки ги предвиделе за спроведување на истрагата и исто така усно ќе го исвестат јавниот обвинител за текот и за превземените мерки, а доколку поради итност на случајот не се во можност, тие дополнително ќе го информираат јаавниот обвинител.

Јавниот обвинител кога ќе ја има превземено контролата врз постапувањето преку издавање на инструкции, наредби и насоки на правосудната полиција, тие можат да продолжат со своите активности кој што им ги задал јавниот обвинител. Правосудната полиција не смее да постапува спротивно на наредбите на јавниот обвинител или да превзема дејствија кои што јавниот обвинител ги забранил.

Во случаи утврдени со законот, правосудната полиција може да превзема односно да собира информации од граѓаните, државните органи и правните лица. Тие можат

[3] Закон за кривична постапка,член 276-Овластувања на полицијата

да добиваат информации од непосредни разговори со граѓаните, исто така и при нивно неспоредно забележување, како и од средствата за јавно информирање, социјалните мрежи, интернет и слични извори.

Информациите можат да ги добијат и писмено од страна на други лица, преку телефон, преку средства за електронски комуникации, со набљудување на лица кои се сомнева дека имаат сторено кривично дело, исто така и со набљудување на простор или објекти каде може да очекуваат да се случи некое казниво дело или на место каде што има предмети кои можат да користат за да се изврши казниво дело.

Кога полицијата смета дека сопирањето, легитимирањето, прегледот на лица се неопходни на превозно средство или на багаж кога лицето носи со себе, а со цел да се пронајдат предмети доколку има сомнение дека тоа се предмети со кој лицето може да изврши напаад, може да изврши самоповредување или доколку се смета дека предметите имаат потекло од некое сторено кривично дело, доколку се сметаа дека се предмети кои што можат да се употребат во кривична постапка.

Со запирањето на одреденото лице од страна на полициски службеник тој превзема дејствија кои се неопходни за проверка. Со запирањето се врши увид на облеката и обувките на одреденото лице. Доколку се врши увид на превозно средство тогаш полицискиот службеник тоа го прави со проверка на сите отворени и затворени простории и места во превозносто средство, исто така и во багажот.

Овластувањето на полицијата за пренасочување, насочување или органичување на движење на одредени лица или пак превозни средства во предистражната постапка постапи поради следните причини:

- да се спречи извршување на кривично дело или на прекршок;
- постојат основи дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност;
- да се пронајде или да се фати лице кое веќе сторило прекршок или кривично дело;
- да се пронајде или фати лице по кое се трага
- да се откријат или да се обезбедат траги и предмети кои служат како докази во постапката;
- доколку постои загрозена безбедност предизвикана од елементарни непогоди и
- прибирање на известувања кои се од корист за успешно водење на постапка

Ова овластување на полицијата доколку го спроведи не смее да има траење повеќе од од 6 часа.

Утврдувањето на идентитетот е постапка која се врши со цел да се докажат правните, стварните и телесните обележја на лицето, кога за тоа има одредена причина да се разликува од други лица при сторено кривично дело. Утврдувањето на идентитетот може да се врши и врз непознат и врз познати лица. Кога лицето е познато, а се врши утврдување на идентите тоа се прави кога е потребно да се обезбедат дополнителни лични информации за него при поднесување на кривична пријава или прекршочна постапка или во случај кога има барање од физички или правни лица заради остварување на одредени нивни права. Исто така и доколку има леш на непозната лице, се врши утврдување и на неговиот идентитет.

За да се утврди идентитет на лице се врши увид во матичните книги и се користаат средства и методи на криминалистичка техника и тактики, медицински вештачења или други соодветни вештачења во кои се опфаќа:

- земање отпечатоци од папиларните линии и нивна споредба со отпечатоците на постојана евиденција во полицијата;
- фотографирање на лицето и споредба на фотографијата со постојаната евиденција на фотографии;
- изјави или искази од лица кои можат непосредно да го препознаваат лицето со негово покажување на фотографија или со негово препознавање или пак препознавање на неговата облека, обувки и други предмети кои можат да послужат за утврдување на идентитетот;
- давање на личен опис на лицето;
- утврување на ДНК структура и
- други методи кои се расположливи.

Во предистражната постапка полицијата има овластување да спроведе потрага по одредено лице или одредени предмети. Потрагата претставува наредба на надлежен орган со што од полиоцијата се бара да се ангажира во пронаогањето на лицата и предметите.

Полицијата ја спроведува потрагата со цел да се:

-пронајде или фати лице кое се сомнева дека сторило некој прекршок или кривично дело;

- или пак за лице кое има информација за сторено кривилчно дело или прекршок,

- за исчезнато лице, за да се утврди живеалиште или да се утврди идентитет на лице кое неможе да даде информации за себе или леш.

Распишувањето на потрага е потрага по лица и предмети во предистражната постапка и ја спроведува полицијата, од друга страна пак распишувањето на потерница се врши по наредба на судот и се распишува во текот на кривичната постака.

На информацискиот систем на полицијата се објавуваат сите потерници, расписи и објави исто така се објавуваат и во регистарот за лица и предмите по кои се трага.

Полицијата може да спроведе преглед на објекти, простории на државни органи институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена документација само доколку има присуство од одговорно лице и тоа проади следните причини:

1. да се пронајде или да се фати лице кое е затекнато во извршувањето на кривичното дело, а кое се дало во бегство;
2. да се пронајде и фати лице кое при приведување се дало во бегство;
3. да се пронајде или фати лице за кое има распишано потерница;
4. постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност и
5. заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка

За да се утврди идентитетот на одредени лица од страна на полицијата, ЗКП има предвидено некои сензитивни мерки како што се:

- негово фотографирање

- земање отепачатоци

- примерок од ДНК анализа[4]

Дефинирањето на идентитетот може да го кажеме како природно логички меѓусебно органски поврзан збир на својства и обележја по кои една личност се разликува од друга личност.

[4] ДНК анализа претставува анализа на молекулата на деоксирибонуклеинската киселина (ДНК) која претставува основна градбена единка на гените на човекот

Една од извидните мерките за да се утврди идентитетот на лице е објавување на фотографија, тоа може да го направи полицијата со претходна дозвола од јавен обвинител. Примероците како што се коса, плунка, крв се собираат без согласност од лицето кое е осомничено со цел да се спроведе молекуларно генетска анализа. Ваквите дејствија се превземаат само при потреба да се утврди идентитет на лице. Ако треба да се откријат траги од предмети се зема отпечаток од папиларни линии од прстите и дланките, како и биолошки материјал за ДНК анализата од трети лица. ДНК анализата е посапка со која се утврдува и се диентификува основниот генетки материјал на човекот и на друго живо суштество.

Методи кои можат да бидат спроведени при препознавање се:[5]

- препознавање **со смотра** што значи дека лицето кое е сведок го гледа осомниченото лице застанато во иста линија со останати лица шти имаат скоро исти карактеристики со тие што сведокот ги дал во описот за осомничениот. При спроврдување на смотра на лицата кои се учесници им се кажува целата и начинот на нејзиното спроведување кое е впишано во член 7 и 8 од Правилникот.

- препознавање **со групна идентификација** е кога лицето кое е осомничено е во неформална група на лица на определна локација која ја утврдува правосудната полиција и кое треба да е место на кое минуваат други лица или стојат во неформални групи. На сведокот му се овозможува доволен временски период за да ги препознае осомничениот од останатите лица.

- препознавање **со видеофилм** е метод со кој на лицето му се прикажува видео филм во кој мегу останатите лица на видеото се наога и осомничениот, па после две гледања на видео филмот сведокот е должен да посочи кон осомничениот, односно да изврши препознавање.

- препознавање **со соочување** е метод кој се применува кога нема можност за промена на некој од останатите методи па на сведокот му се посочува дека ке му се прикаже само едно осомничено лице, а тој треба да каже дали станоува збор за тоа осомничениот или не.

На секое препознавање за да биде законито треба да е присутен јавниот обвинител за да биде препознавањето законито.

Повикување на граѓани поради собирање на известувања за кривичното дело и сторително или за други важни околности што се однесуваат на КД. Правосудната полиција може да повикува лица за да врши истражување за кривичното дело и за сторителот.

Повикувањето на лицата се врши со писмена покана во која се наведуваат причините за повикување и поука за правата на бранителот, право на бесплатен

[5] Закон за кривична постапка, член 278-Препозмавање

правен советник, право да биде информиран за обвиненијата против него, право на преведувач и толкувачправо на молчење.

Доколку лицето кое е повикано и ке се јави на поканата а одбие да даде известување за делото за кое е повикано истото тоа повеке не може да се повика за истата причина.

Прибирање на информации од лице односно известувања може да трае најдолго 4 часа.

Лицето кое е повикано односно граѓанинот може да биде повикан за зобирање на известувања за друго кривично дело или за сторител, а за собирање известувања за истото крвично дело за кое веке еднаш е повикан неможе да се повика повторно само во случај ако тое е потребно од важни причини може да се повика уште еднаш.

Повиканиот граѓанин,правосудната полиција неможе да го испитува во својство како обвинет,сведок или вештак.

Доколку правосудната полиција оцени дека повиканото лице може да се јави како осомничен, веднаш го известува јавниот обвинител.

Полицијата поднесува кривична пријава за дело кое се гони по службена должност врз основа на сите собрани известувања и други мерки и дејствија кои се превземени. Кон кривичната пријава се доставуваат и скици,предмети, фотографии, прибавени извештаи, списи за превземени мерки и дејствија, службени белешки и други материјали кои се потребни за водењето на постапката да биде успешно, исто така се приложуваат и податоци со за местата каде што се чуваат одземени средства и предмети ако не се доставени.

Кривичната постапка ги ограничува слободите и правата на лицата кои се затекнати во постапка во случаевите кога се врпи претрер, лицата кои може да бидат сведоци, неретко и на самите жртви. Исто така одредбата предвидува и краткотрајно ограничување на слободата на лица кои се затекнати на место на настанот и истите можат да послужат како сведоци во постапката.

Полициските службеници се должни лицата кои што ке ги затекнат на местото на настанот и се потенциални сведоци беднаш да ги легитимираат, во спротивно доколку тоа не го направат лицата може да се изгубат и никогас повтрно да не се порнајдат или да се губи време во нивно пронаогање. Исто така полициските службени се должни сами да одлучат дали лицето е корисно како сведок во постапката или не. Лицата кои ке бидат затекнати можат да бидат: пуштени, задржани додека не дојде јавен обвинител или да бидат упатени кај јавниот обвинител со цел да бидат испитани.

За да се случат овие работи потребно е лицата кои се затекнати да исполнуваат три законски услуови: да се наогаат на лице место на настанот; да можат да дадат корисни инфомации за настанот и да е веројатно дека нивниото подоцнежно

испитување нема да биде возможно или ќе биде поврзано со значително осолжување или со други тешкотии.

Полицијата има пропишана обврски за сите кривични дела кои ќе ги добие односно ке бидат доставени до полцијата веднаш да го извести јавниот обвинител по писмен пат.

Доколку се работи за дело кое е од по сериозни размери на криминалитет, и доколку за истото дело јавноста е видно заинтересирана, тогаш полициските службеници се должни да го зивестаст јавниот обвинител веднап без одлагање и тоа да го направат усно. Исто така треба да се достави и писмено известување до јавниот обвинител.

Откако ке се добие пријавата за кривична пријава или по добиеното известување од полиција јавниот обвинител е тој кој што раководи со постапакта. Тој како раководител на постапкта има право на правосудната полиција да и дава наредби за понатамошно постапување. А тие се должни да постапуваат по нив.

Јавниот обвинител одлучува по кривичната пријава врз основа на доставните прилози, но најчесто тие не се доволни за да се одлучи само по нив. Па затоа јавниот обвинител бара дополнителни информации, докази, известувања и податоци, кој може да ги прибави лично тој, да го побара тоа од вработените во истражните центри, полицијата или други органи надлежни за откривње на кривични дела.

Според стариот ЗКП за собирање на потребните известувања јавниот обвинител пишувал барање до надлежните органи. Но во практиката ова не било успешно бидјеки не секогаш надлежните органи му одговарале на јавниот обивнител на барањето па често се случувало јавниот обвинител да неможе да постапува по кривичната пријава и да неможе да донесе одлука поради недостаток на докази.

Па затоа со новиот закон во член 275[6] е пропишан рок во кој органите се обврзуваат за 30 дена да му одговорат на јавниот обвинител на поднесеното барање. Јавниот обвинител со издавање на наредба ги определува дејствијата што ке се превземат. За собирањето на докази и информации а воедно и за успешно водење на предистражната постапка од особено значење е во барањата да се наведени конкретни дејствија и активност кои треба да се превземат. Доколу наредбите се збунувачки за полициските службеници тие најчесто го пробивсат рокот од 30 дена во кој тие треба да одговорат на наредбата на јавниот обвинител.

Доколку станува збор за тешки случаеви на криминалитет,организирани облици на криминал или кривични дела сторени од повеќе лица, на барање на правосудната полиција рокот од 30 дена може да се продолжи уште за 30 дена.

Јавниот обвинител има право да повикува лица како што е лицето кое ја поднело кривичната пријава, исто така и други лица кои имаат сознанија и можат да придонесат за оценка на веродостојнсота на наводите во пријавата.

[6] Закон за кеивична постапка-Рок за одлучување по кривичната пријава

Јавниот обвинител со одобренмие од судот може да и довери на полицијата да собира известувања ое лица кои се во пртивор во случаи кога треба да се разјасни кривичното дело или сторителите.

Во предистражната постапкиа јавниот обвинител има можност да бара: одземање на предмети,даночна и инспекциска контрола,хартии од вредност, пари,предмети и документи кои можат да послужат како доказ,потрага по имот стекнат со извршување на кривично дело, контакти остварени во комуникацискиот сообраќај,известувања во врска со невообичаени или сомнителни трансакции.

Сите горенаведени податоци јавниот обвинител има право да ги бара од:организации, единиците на локалната самоуправа, од државните оергани, од правни и физички лица.

Се што му е потребно на јавниот обвинител во текот на постапката како известувања ,податоци, предмети, документи,банкарски сметка и списи, тој може да ги добие со изготвување на барање до институциите.

Сите горенаведени субјекти не секогаш одговараат на време на барањата на јавниот обвинител, па затоа е пропишан рок од 30 дена во кој институциите треба да оговорат на барањето на јавниот обвинител во спротивно доколку се надмине рокот од 30 дена тогаш јавниот обвинител има право да бара од судот тие да бидат казне со барична казна која се движи од 2.500 до 5.000 евра на одговорното лице. Доколку се лучи органите да не му достават и не му одговарат на барањето на јавниот обвинител а тој мегувремено сам си ги обезбеди потрбените документи исто така може да предложи санкција на лицата кои се одговорни да постапат по неготово барање, а не го направиле тоа. Исто така и банките и комуникацискиот сообраќај од операторите на јавни комуникации се должни на јавниот обвинител да му одговорат на барањето и да му дозволат увид и преглед во банкарските сметки и остварените контакти во комуникацискиот сообраќај.

Законска можност за да се заврши предистражната постапка е донеување на решение со кое се отфрла кривичната пријава. Истата може да биде отфрлена споре два основи:

1. Материјалноправен основ доколку пријавеното дело кое се гони по службена должност не е кривично дело, односно во него недостасуваат дел од законските обележија на предметното дело. Исто така и во случај кога кривичното дело посоти, но се гони по службена должност.
2. Процесно правни причини за отфрлање на кривичната пријава се: ако настапи застареност, ако делото е опфатено со амнезија или помилување или ако постојат други околности кои го исклучуваат гонењето.

Со новиот концепт на законот, јавниот обвинител е единствен субјект кој ја води истражната постапка и само тој одлучува за нејзино поведување. Доколку лицето се спогоди со јавниот обвинител за време на истражната постапка тогаш имаме забрзана постка и се донесува пресуда врз основа на спогодба.

По решението за отфрлање на кривичната пријава оштетеното лице има право да се жали до повисок јавен обивнител. И за истото има пропешано рок за жалба од 8 дена. Доколку жалбата биде поднесена од неовластено лице или биде пропуштен рокот од 8 дена, тогаш повисокиот јавен обвинител ги известува со известување лицата за отфрлање на жалбеното барање. А доколку жалбата е во законски рок и од овластено лице, тогаш јавниот обвинител има рок од 30 дена да одговори на жалбеното бараење и да превзема некое дејствије.

Постапувајќи по жалбите, јавниот обвинител може да донесе два вида на одлуки. Доколку јавниот обвинител одлучи дека жалбата е неоснована, тогаш го потврдува решението на основниот јавен обвинител. А доколку одлучи дека жалбата е основана тогаш со решени го задолжува понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.

Дејствијата и активностите кои се превземаат во текот на предистражната постапка се сметат за тајна. Најпрвен за да се почитува начелото на пресумпција на невиноста, а и исто така бидејќи станува збор за предистражна постапка во која сеуште се прибираат информации.

2. ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

Втора фаза во предистражната постапка е истражната постапкта која ја спроведува јавниот обвинител.Истражната постапка се спроведува за кривични дела за кои е пропишана кана затвор од над 5 години.Законски преходна постапка е поделена на предистражна и истражна, но во практика ова е само една неформална поделба, бидејќи јавниот обвинител во текот на целата претходна постапка, предистражна и истражна ги спроведува сите истражни мерки кои му се потребани за донесување на одлука. Сите докази кои се прибавени имаат иста вредност и во истражната и во предиистражната постапка. Истражната постапка е во целосна надлежност на јавниот обвинител, само тој одлучува за нејзиното спроведување.

Со обвинителската истрага се актуализира учеството на одбраната во претходната постапка. Бранителот може да превзема дејствија кои се дозволени при пронаогање и собирање на докази кои се од корист на одбраната. Бранителот може на јавниот обвинител и на судијата на претходна постапка да му ги презентира доказите и информаациите кои што се во прилог на лицето кое го застапува.

2.1 Истражна постапка на јавниот обвинител

Јавниот обвинител како надлежен и овластен орган за спроведување на истражната постапка донесува наредба со која ја започнува истражната постапка кога ке оцени дека постои основано сомнение за лице кое сторило кривично дел кое се гони по службена должност или по предлог за дело за кое е предвидена затворска казна од над 5 години. За делата кои е предвидена главна парична казна или казна затвор во трање од 5 години се спроведува скратена постапка и не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка. Истражната постапка се спроврдува само кога имаме познат сторител на кривично дело.

Основаното соменвање е повисок степен на сомневање за разлика од основите на соменевање. Основаното сомнение се заснова врз прибавените докази кои упатуваат назаклуичок дека лицето сторило кривично дело, што значи за да имамае основано сомненевање не се доволни само претпоставки дека е сторено кривично дело, туку потребни се и одредени докази и податоци кои укажуваат дека лицето сторило кривично дело.

При спроведување на истражната постапка јавниот обвинител на располагање ја има правосудната полиција, со новиот концепт ова значи дека правосудната полиција соработува активно во текот на целата претходна постапка со јавниот обвинител и во предистражната и во истражната постапка.

Во истражната постапка јавниот обивнител врши прибарање на сите потребни податоци и докази кои му се потребни за да одлучи дали ке поднесе обвинение или ке се откаже од кривично гонење, а истите не ги прибавил во предистражната постапка. Во текот на истражната постапка само се врши прибирање на податоци, а не и нивно исведување. Постои исклучок само доколку се смета дека нема да може да се изведат доказите на главнота расправа, или изведувањето би било со потешкотии, во тој случај пред судијата за претходна постапка се спроведува доказно рочиште.

Како орган кој ја спроведува истражната постапка и одлучува за исполнување на условите за започнување и споведување на истртажната постапка јавниот обвинител донесува наредба за нејзино спроведување. Наредбата е интерен акт кој јавниот обвинител го донесува и не го доставува до спротивната странка бидејќи осомниченият и неговиот бранител немаат право на жалба или приговор. Донесувањето на наредб за да се спроведе истражна постапка го прекинува рокот на застареност на гонењето нан кривичното дело, а почнува да тече рок за застареност на кривично гонење.

Наредбата за спроведување на истражна постапка содржи:

- лични податоци за осомниченото лице
- законскиот опис на кривичното дело за кое се сомнева дека е сторено
- дејствија кои ќе бидат превземени

Доколку јавниот обвинител во наредбата не наведе некои од потребните дејствија кој треба да ги превземе тоа не значи дека нема да може да ги превземе истите.

Исто така јавниот обвинител одлучува дали ке спроведе испитување на осомниченият, а дали осомниченото лице ке даде исказ или не зависи само од него. Обврската на јавниот обвинител е само да му даде можност тој да даде исказ до завршување на истражната постапка.

ЗКП му дава право на оштетениот да превзема дејствија за утврдување на решавачки факти и за остварување на неговите права. Тој има право нада предлага докази, укажува на факти и да ги разгледува списите и предметите кои служат како докази.

По приемот на известувањето за завршување на истражната постапка, осомниченият и неговиот бранител имаат право во рок од 15 дена да поднесуваат предлози до јавниот обвинител да превземе определени дејствија за да ги оствари своите права.

Судијата на претходна постапка е гарант за заштита на слободите и правата на осомниченият и на другите учесници во постапката. Како осоновно овластување и должност на судијата е да одлучува по предлозите на јавниот обвинител за определување на притвор на осомниченото лице или други мерки за обезбедување на неговото присуство. Според законот судијата е должен веднаш штом добие ваков предлог да го разледа и да одлучи.

Претресот е исртражно дејствије кое по барање на јавниот обвинител го донесува судијата на претходната постапка. Исто така судијата може да одлучи и да го одбие барањето на јавниот обвинител како неосновано за претрес.

Судијата на претходна постапка е надлежен и за спроведување на посебни истражни мерки како што се: следење и снимање на дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен; следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; таен увид и пребарување во компјутерски системи и автоматско пребарување и спроведување на личните податоци. Исто како и претресот и воаа наредва се донесува по предлог на јавниот обвинител.

Судијата на претходна постапка одлучува по барање на јавниот обвинител за ставање под надзор на судот имот или средства на лицето или привремено обезбедување на имотот или средствата што имаат врска со кривичното дело.

Јавниот обвинител може да спроведува истражни дејствија кои се во согласност со законот а тоа се:[7]

[7] Закон за кривична постапка, член 295- Истражни дејствија

- претрес;
- привремено обезбедување и одземање на предмети или имот
- увид и реконструкција;
- испитување сведоци;
- определување вештачење;
- испитување на осомничениот;
- посебни истражни мерки.

Јавниот обвинител е должен да ги извести обвинетиот и неговиот бранител и оштетениот, кога се превземаат истражни дејствија на кои можат да присуствуваат. Во случаи кога има увид, реконструкција и вештачење. Исто така и доколку се известени осомничениот и оштетениот, тоа не значи дека мораат да присуствуваат на настанот. Но, присуствувањето на овие истражни мерки може да биде од корист и за двете страни бидејќи можат странките да кажуваат забелешки и да поставуваат прашања.

Јавнот обвинител ги превзема истражните дејствија за месноста за која тој е надлежен, а во одредени слуичаеви може да има потреба јавниот обвинител да превземе одредено истражно дејствија на место за кое не е надлежен.

Во текот на истражната постапка за дејствијата кои ги превзема јавниот обвинител може да побата помош од стручни лица или правни лица за областа од која има потреба а тој нема соодветни познавања за неа. Ваквите стручни лица не се исто со вештак, бидејки тие не даваат наод и мислењ туку само му помагаат на јавниот обвинител во постапката што ја спроведува. Објаснувањата од стручните лица јавниот обвинител ги внесува во записник.

Доколку постапката се прогласни за тајна, тогаш тоа значи дека неможе да се врши надзор врз начинот на спроведување на истражните дејствија.

Во текот на постапката доколку е прогласена за тајна присуствуваат само лицата кои се засегнати во конкретното дејствије. Кога се работи за тајни информации или податоци, јавниот обвинител ги известува лиицата односно ги предупредува за можноста од сторување на кривично дело доколку ја одадат тајната.

Јавниот обиовнител може да ја прекине истражната постапка во следните случаи:

- осомничениот е во бегство

- кај осомничениот по стореното дело настапило душевно заболување, раастројство или друга тешка болест поради што не може да учествува во постапката или
- настапиле околности кои привремено го спречуваат кривичнотто гонење.

Доколку се исполнети условите за прекин на постапката, јавниот обвинител е должен да ги прибере сите докази што се однесуваат на кривичното дело и на осомничениот поради опасноста од нивно уништување, пропаѓање и слично.

Кога има прекин на истражна постапка кој трае подолго време, а не постојат можности за продолжување на постапката, јавниот обвинител води сметка за настапување на застареноста на кривилно гонење. Апосолутната застареност на кривичното конење се пресметува според тежината на кривичното дело.

Доколку прекинот на постапакта е од привремен карактер тоа не значи дека истражната постапка завршила, туку дека само е во мирување додека јавниот обвинител на утврди дека условите за прекинот на постапката завршиле и ја продолжува постапакта.

Јавниот обвинител кога смета дека ги има шрибрано сите докази кои се во интерес како на обвинението во корист на обвинетиот, и кога ке ја заврши истражната постапка може да донесе два вида одлуки: да поднесе обвинение или да ја запре истражната постапка.

Законски е определн рок од 6 месеци во кои треба да заврши истражната постака од донесувањето на наредбата за спроведување на истражната постапка. Доколку во овој рок не успее да ја заврши постапката јавниот обвинител го известува вишиот јавен обвинител и тој може да определи рок од 6 или од 3 дополнителни месеци за спровеување на истражната постапката.

Во кривичните дела кои се од облата на организиран криминал дозволен рок за продолжување на истражната постапка е максимун траење од 21 месец, а доколку се работи за поголемо дело во кое има повеќе обвинети, поголем број кривични дела и голем број на докази, јавниот обвинител работи во тим со повеќе обвинители.

Осомничениот, а исто така и оштетниот доколку сметаат дека јавниот обвинител постапува со неправилности или ја одолговлекува постапката, можат до вишиот

јавен обвинител да поднесат поплака писмено а и во усна форма. Ова се однесува исклучиво на работата на јавниот обвинител, не и на неговата одлука.

Јавниот обвинител е должен пред исекот на рокот за завршување на кривичната постапка да го извести осомничениот и неговиот бранител писмено за завршување на истражната постапка, а по нејзино доставување осомничениот и неговиот бранител имаат рок кој почнува да тече од тој момент за увид во списите собрани од страна на јавниот обвинител, а исто така и рокот за да предложат фокази и предлог заа докази до јавниот обвинител од страна на одбраната.

Во редовните постапки јавниот обвинител мора да го испита осониленият прерд да ја заврши истрагата, а претходно не го сторил тоа.

Известувањето кое му го доставува јавниот обвинител на осомничениот претставува писмен акт во кој точно е определена содржината, која се состои од краток опис на кривичното дело, правна квалификација на делото и напомена дека списите се наоѓаат во архивата на јавното обвинителство и тие имаат увид во нив и можат да вршат препис на нив.

Исто така во известувањето секогаш стои правна поука во која се посочува дека осомничениот има рок до 15 дена од приемот да достави докази до јавниот обвинител или да бараат точно прецизирани доказ кои треба јавниот обвинител да го собере.

Јавниот обвинител го запознава осомничениот со сите докази кои ги има собрано во истражната постапка, тоа може да бидат и докази кои се во полза на осомничението а јавниот обвинител да не ги презентира пред судот, па затоа пости увидот во списите од страна на осомничениот и неговиот бранител со кој тие можат овие докази да ги прикажат на суд во нивна полза.

Доколку осомничениот и неговиот бранител имаат поднесено барање до јавниот обвинител тој да собере одредени докази, тоа тој треба да го направи во предвиден рок од 30 дена, што значи дека тој е обврзна да постапи по оваа барање. Ако се случи јавниот обвинител да не го прибави доказот кој е побаран од осомничениот и неговиот бранител, тогаш тие самите можат да ги приложат во листата на своите докази.

Откако ке истечат предвидените рокови за спроведување на истражната постапа јавниот обвинител има рок од 15 дена за донесување на обвинение или за запирање на истражната постапка. Поднесувањето обвинение во делата од областа на организираниот криминал изнесуваат 30 дена.

Запирање на истражната постапка[8] јавниот обвинител може да поднесе во случаите кога:

- делото што му се става на товар на осомниченият не е кривично дело кое се гони по службена должнст;

- нема докази дека осомниченият го сторил кривичното дело;

- настапила застареност на кривилното гонење или делото е опфатено со акт на амнестија или помилување,

- натапиле дурги околности кои го исклучуваат кривичното гонење.

Ако јавниот обвинител ја запре постапката, а осомниченото лице се наога во притвор, истото веднаш се пушта на слобода.

Во случајот кога јавниот обвинител ја запира истражната постапка, наредбата за запирањето ја поднесува до осомниченият и до оштетениот. Па оштетениот има рок од 8 дена од приемот на наредбата да поднесе приговор до вишиот јавен обвинител. Дококу рокот за поднесување на приговор е ненавремен или приговорот е недозволен, тогш јавниот обвинител го известува оштетениот писмено за тоа. Вишиот јавен обвинител има рок од 30 дена да одоговри на приговорот на оштетениот и да одлучи по него.

2.2 Дејствија на одбраната

Во текот на постапката бранителот има право да му дава предлози на јавниот обвинител за тој да превземе одредени истражни дејствија со кои ке се соберат дополнителни докази. Бранителот има право да превзема дејствија кои ќе бират од корист на одбраната. Исто така бранителот самостојно може да превзема дејствија кои ќе им помогнат во собирањето докази во нивна корист во текот на целата

[8] Закон за истражна постапка, член 304- Запирање на истражна постапка

постапка, не само во текот на истражната постапка. Овие дејтсвија за собирање и пронаѓање на докази може да бидат певземени од страна на бранителот, неговиот заменик, овластени приватни детективи и технички советници.

Бранителот има можност да собира известувања и од лица за кои смета дека можат да дадат корисни изјави за одбраната. Бранителот е ограничен од законот само во делот на собирање известувања од оштетениот или обратно жртвата со неговиот бранител.

Бранителот може да побара писмена изјава од лицето со кое разговара, а истото ке се забележи во записникот. Изјавата кое ке ја даде лицето може да биде подигната само од бранителот или неговиот заменик. Изјавата ја потпипува лицето кое ја дало.

Ако се случи изјавата да е добиена спротивно на процедурата и со повреда на ограничувањата, тогаш истата не може да се користи во постапката. Писмената изјава треба да биде потпишана од лицето која ја дало и истата да биде заверена со потпис и печат од бранителот на осомниченото лице.

Бранителот на осомниченият има можност за пристап до приватни простории или во протои кои не се отворени за јавноста, во дом и простории поврзани со домот, а лицата кои го поседуваат или располагаат со нив не дозволуваат пристап, тогаш бранителот на осомниченият има право да бара од судијата на претходна постапка да му одобри пристап до тие простории. Бранителот претходно со барањето до сдуијата треба точно да наведе од кои причини му е потребно да изврши увид во тие простории.

Бранителот на осомничнениот согласно законот може да бара известувања и податоци од државни органи, од правни и физички лица, од органите на локалната самоуправа, и од други правни лица. Истите овие правни лица се должни во рок од 30 дена од приемот на барањето да одговорат на бараењето, а доколку се работи за лице кое е во пртивор тогаш рокот е 7 дена поради итноста на постапката. Во случај ако субјектите на постапат по барањето истите можат да се сносат со парична казна од 2.500 и 5.000 евра.

Во новиот ЗКП воведено е доказно рочиште кое претставуваа дејствије спроведено од страна на судијата на претходна постапка, а по барање на странките поради

изведување на определени докази пред да се започне главната расправа. Доказаното рочиште овозможува изведениот доказ да се користи на главната расправа.

2.3 Доказно рочиште

Доказното рочиште може да се спроведе по барање на јавниот обвинител или осомничениот. Судијата на претходна постапка е тој што одлучува по барањето на обвинителот или на осомничениот за да одржи доказно рочиште и за истото има рок од три дена.

Ова рочиште може да се одржи во следните случаеви:[9]

1. доколку е потребно вештачење, а доказите се однесуваат на лице, предмет или место чија состојба е подложна на неизбежни промени
2. доколку е веројатно дека сведокот поради болест или смрт немада може да се испита на главната расправа
3. и доколку постпојат конкретни околности што укажуваат дека сведокот е изложен на насилство, закана, верување на пари или друга корист за да не сведочи или лажано да сведочи.

Во барањето кое ке се достави до судијата на претходна постапка треба да бидат наведени доказите кои се предлагаат да се изведат и причината за која странката смета дека доказите нема да може да ги спроведат на главната расправа. Во рокот од 3 дена судијата на претходна постапка одлучува со решение дали барањето ке го одбие или ке го прифати.

Како надлежен за спровдување доказно рочиште судијата на претходна постапка ги известува јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и оштетениот за закажано рочиште.

Доколку странките се уредно известени за одржувањето на рочиштето, а тие не дојадат, а притоа не го оправдаат своето недоаѓање тоа не го спречува судијата да не го одржи рочиштето. Во случај ако не се појави бранителот на осомничениот судијата му определува друг бранител. На рочиштето е дозволено да се извеат само

[9] Закон за кривична постака, член 312-Случаи кога може да се бара одржување на доказно рочиште

докази кои се однесуваат на осомничен чиј бранител и присутен на рочиштето. Кога се изведуваат докази кои се пообемни или кои неможат да се изведат на едно рочиште, судијата закажува следно рочиште не подолго од седум дена.

Одлагање на доказното рочиште може да се случи доколку со неговото одржување би се загорозиле едно или повеќе дејствија кои се превземаат во истражната постапка. Ако судијата го прифати барањето за одлагње должен е да закаже следно рочиште во рок не подолг од 7 дена. Странките имаат прасво само еднаш да бараат одлагање на доказно рочиште.

Осомниченият доколку не се појави на доказното рочиште, а е уредно повикан, судијата на претходна постапка има право за присилно довдување на осомниченот.А во случај кога осомниченият е во бегство, судијата одлучува доказното рочиште да се одржи во негово отсуство. Употребата на доказите кој ќе се изведат на доказното рочиште на главната расправа можат да бидат само против осомниченият чии бранител приуствувал на изведувањето на доказите. Освен ако осомниченият се откажал од правото на бранител.

3. ОБВИНУВАЊЕ

Можеме да сретнеме три облици на обвинување:

1. Обвинителен акт – во редовна кривична постапка го поднесува јавниот обвинител, а му претходи спроведување на истражна постапка
2. Обвинителен предлог и предлог за издавање казнен налог – се поднесуваат во скратена постапка од страна на јавниот обвинител и нив не им претходи истражната постапка
3. Приватна тужба – се поднесува од страна на приватен тужител со цел да иницира кривилно гонење за кривичино дело кое според законот е казниво дело

3.1 Обвинителен акт и оцена на обвинителен акт

Јавниот обвинител откако ке се заврши истражната постапка утврдува дали постојат докази со кои се очекува осуителна пресуда, па доколку оцени дека постојат поднесува обвинителен акт до надлежниот суд.

Јавниот обвинител има обврска при при поднесување на обвинителниот акт да го дпонесе до надлежен судија и обвинителниот акт да биде поднесен во доволно примероци според бројот на осомничените лице и нивните бранители, плус еден примерок за судот.

Со утврдувањето на јавниот обвинител дека постојат доволно докази да онесување на осудителна пресуда, а за кривичното дело е предвидена заствроска казна до 10 години тогаш обивнителниот акт го оценува судија поединец. А во случаите кога имаме дело за кое е предвидена казна затвор над 10 години или по тешка казна, оценувањето на обвинителниот акт го врши совет за оцена на обвинителни акти.

Во обвинителниот акт се содржани следните елементи:[10]

- име и презиме на осомниченот со лични податоци, податоци дали и од кога е во притвор или се наоѓа на слобода, а ако е пуштен на слобода пред да се поднесе обвинителниот акт, тогаш колку време поминал во притвор;

- опис на делото од кое произлегуваат законските обележја на кривичното дело, времето, местото и начинот на извршувањето на кривичното дело, предметот на кој е извршено кривичното дело и средството со кое е извршено кривичното дело, како и други околности потребни за прецизно определување на кривичното дело;

- законски назив на кривичното дело, со наведување на одредбите од Кривичниот законик што треба да се применат по предлог од тужителот;

- означување на судот пред кој ќе се одржи главната расправа и

- доказите врз кои се темели обвинителниот акт.

Освен овие елементи кои се задолжителни јавниот обвинител заедно обвинителниот акт доставува:

- материјални докази

- записници и снимки од испитување на лицата и

- листа на докази кои предлага да се изведат на главната расправа.

[10] Закон за кривична псотапка, член 321- Содржина на обвинителниот акт

При изготвувањето на обвинителниот акт, јавниот обвинител може да направи технички грешки како што се: згрешен податок,број и сл, па доколку советот за оценување на обвинителниот акт воочи видливи гршки му го враќа назад на јавниот обвинител, а тој има рок од 3 дена да го врати назад со поправени грешки.

Советот за оцена на обвинителниот акт или судијата смета дека за кривичното дело не е стварно или месно надлежен, туку за тоа е надлежен некој друг суд, тогаш тие се огласуваат за ненадлежни и го доставуваат предметот до надлежниот суд.

Како ке му се достави обвинителниот акт на осомниченият зависи од тоа дали тој е на слобода или во притвор. Доколку е на слобода тогаш судијата или советот за оценка на обвинителниот го доставува обвиителниот акт директно без одлагање. Доколку на обвинетиот му е веќе определена мерка притвор при поднесување на обвинителниот акт тогаш судијата е должен да му го достави во рок од 24 часа. А во случај кога на осомниченият му е определена мерка притвор до решение на советот, тогаш зедно со решението за определување на притвор му се доставува и обвинителниот акт.

Откако ке го прими обвинителниот акт, осомниченият има можности[11]:

- осомниченият може да поднесе приговор против обвинителниот акт согласно со член 327 од ЗКП;

- осомниченият може да поднесе изјава за признавање на вината согласно со член 329 од ЗКП и

- осомниченият доставува листа на докази кои предлага да се изведат на главната расправа.

Ако осомниченият не е задоволен од тоа што го пишува во обвинителниот акт тогаш има право на приговор во рок од 8 дена. Истото може да го направи и бранителот на осомниченият без негово изречно овластување.

Откако ќе се поднесе приговорот и ќе биде примен од судјиата или советот за оцена на обвинителните акти, тие го разгелдуваат дали е навремено поднесен и дали е од овластено лице. Доколку станува збор за ненавремен и недозволен приговор тогаш тој се отфрла со решение. Во случаите кога не го отфрла приговорот тогаш се пристапува кон оцена на обвинителниот акт[12].

Обвинетитот има можност да поднесе изјава со која тој може да признае вина на сите или на дел од кривичните дела кои што му се стават на товар со обвинтелниот акт. Со ваквата изјава за признавање на вина претставува основ за спогодба на јавниот обвинител и осомниченият.

[11] Закон за кривична постапка, член 326 - Постапување на осомниченият по приемот на обвинителниот акт

[12] Закон за кривична постапка, член 330- Начин на постапување при оцена на обвинителниот акт

Судијата за оцена на обвинителниот акт постапува самостојно во оценувањето на обвинителниот акт за кој постпил рок во кој треба да постапи. Во случај ако судијата сака да ги слушне аргументите на двете страни тогаш тој може да свика рочиште.

Колегјално оценување на обвинителниот акт каде постапува совет од тројца професионални судии, може да одлучува на два начини: на рочиште или на седница.

Рочиште може да се оржи во два случаеви:[13]

1. кога судот оценува дека тое е потребно или
2. кога во приговорт се наведува подготвеност за признавање на вина

По приемот на приговорот на обвинител акт, судот има рок од 8 дена за да закаже седница. На закажаната седните цудот ги цени водеите наведени во приговорот, основаноста на овинтелниот акт во основ на доказите и списети кои се пиложени со него од страна на јавниот обвинител.

Дали ќе се оджи рочиште за оцена на обвинителниот акт зависи само од судијата или советот за оцена на обвинителен акт. Одржувањето на ролиште помага во разјаснување на фактите кои можат да помогнат во одлучување на основаноста или не основаноста на обвинителниот акт. Доколку судијата или советот одлучат да има рочиште, тогаш тие ги повикуваат странките на расправа на рочиште кое го закажуваат не подолго од 15 дена од приемот на приговорот.

На рочиштето присуствуваат само странките и бранителите, истите доколку се уредно повикани од страна на судот, а не се појават тогаш рочиштето ке се одржи во нивно отсуство. А во случај кога тие не се уредно повикани тогаш судот е должен да го одложи рочиштето за нови 15 дена.

Текот на рочиштето се одвива така што јавниот обвинител прв добива збор како овластен тужител и како странка кој го поднесува обвинителниот акт што се оценува во тој момент на рочиште. На рочиштето јавниот обвинител пред судот ги презентира дејствијата кои се превземени во текот на истражната постапка, на доказите кои тој ги прибавил и ги аргументира причините кои тој смета дека се главна причина за донесување на осудителна пресуда. Следен добива збор бранителот на осуденият, доколку тој има поднесено приговор го образложува приуговорот и причините наведени во него, а доколку нема поднесено приговор тогаш одбраната укажува на пропустите кои се направени во текот на истражната постапка, на доказите кои се прибавени од одбраната, со ова тие делумно или целосно ја оспорува основаноста на обвинителниот акт.

[13] Закон за кривична постапка, член 332- Рочиште за оцена на обвинителниот акт

Одбраната има право да поднесе листа на докази кои предлагаат да се изведат на главната расправа, а исто така имаат и право да побаараат од судот исклучување на докази кои се незаконски прибавени.

Осомниченият може да даде изјава за да признае вина во рок од 8 дена од приемот на обвинителниот акт или на рочиштето за оцена на обвинителниот акт. Изиавата на осомниченият за признавање на вина може да биде за сите дела кои му се ставаат на товар или само за дел од кривичните дела кои се впишани во обвинителниот акт. Откако ке ја даде изјавата за признавање на вина осомниченият, постапката продолжува во услови предвидено со законот по признавање на вина.

Судот може да одлучи да не ја прифати изјавата за признавање на вина на осомниченият или обвинтелството да не биде подготвено да прифати спогодување, и во овој случај постапката продлжува да тече како што е предвидено според ЗКП со член 334[14].

Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт во овој случај имаат за обврска изјавата за признавање на вина да ја затворат во посебна обвивка и да ја издвојат од списите на предметот.

Откако судијата или советото за оцена на обвинителниот акт ке заклучат дека ги слушнале и утврдиле сите сомнежи кои гио имале во донесување на одлуката што сметаат дека треба да се донесе, тогаш го прогласуваат рочиштето за завршено, а својата одлука не ја соопштуваат. На странките и на бранителите дополнително ке им се достави одлуката.

Осомниченият кога ке ја даде изјавата за признавање на вина дали на рочиште или пво оркот од 8 дена од приемот на обвинителниот акт, судот е должен да направи проверка односно со поставвуање на одредени прашања на осомниченият да оцени дали осомниченият ја кажува вистината доброволно или постпои можност да дава ваква изјава за да заштити друго лице, да е во заблуда, измама, запалашување и слично. Исто така судот ја проверува и свеста на осомниченият.

Покрај свеста и доброволната волја на осомниченият судот ги проверува и доказите со кои располага, а кои треба несомено да упатуват на вина на осомниченият. Ослуката на судот за прифаќање на изјавата на осомниченият веднаш им се соопштува на странките и бранителите.

Во случај кога судот ја прифаќа изјавата за признавање на вина има можност за да се почне постапка за донесување на пресуда врз основа на спогодба на осомниченият и јавниот обвинител. Спогодувањето во стадиум на оцена на овивинителниот акт може да трае најдолго до 15 дена.

На ново закажаното рочиште бранителот и странките доставуваат предлог спогодба, судот ја оценува нејзината основаност и донесува одлука на рочиштето пред

[14] Законот за кривична постапка,член 334-Тек на рочиштето кога има изјава за признавање на вината

странките и бранителите. Одлуката може да биде позитивина или негативна. Позитивната пресуда се занова врз основа на чл.490 од ЗКП , а со негативната одлука донесува решение за неприфаќање на предлог спогодбата. Против ова решение не е дозволена жалба.

Оцената на обвинителниот акт е регулирана во чл. 336, кој го регулира обемот за вршење на основаноста на обвинителниот акт. Основаноста на обвинителлниот акт по правило се цени во целост во случаевите кога обвинетиот до судот нема доставено изјава за признавање на вина или изјавата не била прифатена и кога не е прифатена предлог спогодбата. Делумна оцена на обвинителниот акт имаме кога оцената на обвинителниот акт се врши врз оделни кривилни дела кои се содржани во актот во случај кога имало спогодување и судот донел пресуда за тој дел.

Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт можат со решение да го одбиат обвинителниот акт за сите кривични дела кои се на товар на обвинетиот или на дел од нив, доколку смеетаат дека:

- делото кое му се става на товар на обвинетиот во обвинителниот акт не е кривично дело;

- доколку има основни за исклучување на кривичната одговорност, а нема однов да се применат мерките на безбедност;

- доколку нема предлог од оштетениот, нема барање од овластен тужител, нема одобрение од надлежен државен орган доколку е потребно според законот или постојат основи кои го исклучуваат гонењето или

- во прилог на обвинението нема досатавено доволно докази.

Обвинителниот акт судијата или советот за оцена на обвинителниот акт го одбива актот во со одлука во форма на решение кое се доставува до странките, а сите списи од целиот предмет се доставуваат до јавниот обвинител кој има право на жалба.

Одобрувањето на обвинителниот акт се донесува со решение кое мора да биде образложено. Во образложението не смее да се прејудицира решавањето на прашањата кои ќе бидат предмет на оцена и испитување на главната расправа. Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт во образложението на обвинителниот акт не се врзни за правната квалификација на делото кое јавниот обвинител ја навел во обвинителниот акт.

За да влезе на сила обивинителен акт потребна е клаузула за негово одобрување, која во форма на штембил се впишува на писмениот примерок од обвинителниот акт кога:

- нема поднесено приговор од страна на одбраната против обвинителниот акт;

- осомниченият нема доставено изјава за признавање на вина;

- ако советот за оцена на обвинителниот акт или судијата не сметаат дека е потребно одржување на рочиште за да одличат дали постои основаност на обвиниелниот акт.

- ако советот или судијата за оцена на обвинителниот акт не одлучиле да донесат решение за одбивање на овинителниот акт.

Јавниот обвинител има право во фаза на оцена на обвинителниот акт да обжали само две решенија што се донесени од страна на судот, а тоа се:

- кога судот се прогласил за ненадлежен

- кога решението целосно или делумно е одбиено како неосновано.

Сите останати решенија што ги донесува судот не подлежат на можност за обжалување.

Јавниот обвинител може да донесе одлука за повлекување на обивнителниот акт само пред судијата или советот за оцена на обвинителниот акт. По оваа одлука на јавниот обвинител, судијата е должен да донесе решение со кое ја запира постапката и да ги извести странките и нивните бранители за одлуката на јавниот обвинител и решението на судот.

Против решението за запирање на постапката оштетниот има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, овој рок е преклузивен. Во случај кога се работи за обвинителен акт кој е поднесен против повеќе лица, а само дел од нив поднеле приговор против обвинителниот акт, судијата или советот за оцена на обвинителниот акт по службена должност постапуваат како сите обвинети да имаат поднесено приговори.

За да влезе обвинителниот акт во сила пресудни се два датуми:

- денот кога е донесено решението за негово делумно или целосно одобрување и

- денот кога се впишува клаузулата за одобрување

До надлежниост суд се доставуваат: обвинителниот акт, решението за негово одобрување, листа на докази кои странките ја предлагаат и доставените метеријални докази. Судечкиот судија не ги добива записниците и исказите на сведоците од истражната постапка со цел тие да не влијаат на истрагата врз судењето, вербалните докази, записниците и снимките им се враќаат на странките.

4. Главна расправа и пресуда

4.1 Подготовки за главна расправа

Главната расправа ја делиме на два дела: подготовка за главна расправа и главна расправа. Како централен дел на целата кривична постапка е главната расправа, во чии тек пред судот кој е непристрасен и независен орган во контрадикторна постапка се изведуваат докази на странките врз чија основа судот донесува одлука.

Со измената на ЗКП овој дел на кривичната постапка сега се нарекува главна расправа, а претходното име го носи како главен претрес. Со измената на името на овој дел направени се и измени во концептот со што се напуштаат инквизиторните елементи. Доказите кои се предлагаат и изведуваат се од страна на странките. Весштаците и сведоците се испитуваат во вкрстено и директно испитување. Судот може да нареди супер вештачење по службена должност. Во главната расправа предлагањето на нови докази е ограничено.Одржувањето на главната расправа е пред првостепениот суд, а во случаи кога има предвидено во одредбите на редовните правни лекови тогаш се одржува и пред второстепениот суд. Одржување на главна расправа пред ВСРМ не е предведно.

Почетокот на главната расправа, денот, часот и местото ги определова Претседателот на советот со наредба, доколку има скратена постапка тогаш тоа го определува судијата поединец.[15]

За закажување на главната расрпава постојат законски определени рокови, доколку се работи за кривилно дело од областа на организираниот криминал има предвиден рок од 60 дена од денот на приемот на обвинението, а доколку се работи за друго кривично дело тогаш рокот е 30 дена од денот на приемот на обвинението во судот.

Доколку во списите на предметот има известувања и записници на кои неможе да се заснова судска одлука, тие се издвојуваат од предметот пред закажувањето на главната расправа и за нив претседателот на советот донесува решение за издвојување.

Одржувањето на главната расправа[16] е во местото каде што се наоѓа седиштето на судот. Доколку во просториите на судксата зграда нема услови за одржување на главната расправа тогаш таа може да се одржи во друга зграда, одлуката ја носи претседателот на судот. Исто така главната расправа може да се одржи и на друго место каде што судот е подрачно надлежен.

[15] Закон за кривична постапка, член 345-Закажување на главна расправа
[16] Закон за кривична постапка, член 346-Место на одржување на главна расправа

Претседателот на советот или судијата поединец имаат можност да ги одбијат[17] предложените докази доколку:

1. Станува збор за незаконити предлози кои според законот можат да се поделат на три категории: доколку предлогот се однесува на начин на прибирање на дкоази забранети за закон, доколку се однесува на доказ чија употреба не е дозволена со закон и доколку предлогот се однесува на факт кој според законот неможе да се докаже.
2. Станува збор за предлог кој е нецелосен или кој е насочен кон значително одолжување на постапка.
3. Станува збор за неважен предлог во случај ако: фактите кои се утврдуваат со тој доказ е се релевантни за одлучување, не се поврзани со решавачки факти за постапкта, поврзаноста на фактите што треба да се утврдат со доказот и решавачките факти во постапканата поради правни причини неможе да се установи.

Странките може да бидат повикани од претседателот на советот за да ги образложат предлозите т.е приговорот во однос на предожените докази. За да може советот да одлучи дали да се прифати или одбие доказот и да се изведе на главна расправа. Доколку предологт за изведување докази е одбиен тоа мора да биде образложено со решение.

На главната расправа судот ги повикув[18]а лицата кои треба да присуствуаат а тоа се странките и лицат кои според законот задолжително треба да бидат присутни. Во случај кога има задолжителна одбрана на главната расправа се повикува обвинетиот и неговиот бранител. Овлатениот тужител, јавниот обвинител или приватниот тужител и оштетениот се ист отака повикани на главна расправа. Доколку тужителот или оштетениот има бранител тогаш и тој е присутен. Сведоците, вештаците и техничките совеници се лица кои се повикуваат само доколку се предложени во листата на докази кои се доставени од страна на тужителот и лицата кои обвинетиот ги навел во пригтоворт кој е поднесен против обвинителниот акт. Толкувач[19] се повикува кога за тоа има потреба и е предвидено со чл. 9[20] од ЗКП.

Поканата која се доставува за главна расправа треба да има период од најмалку 8 дена до одржувањето на главната расправа, за да може да се подготви одбрана. Доколку оштететениот не е сведок во постапката и не се појави на главната расправа тоа не ја одлага истата. За приватниот тужител и неговиот бранител во поканата е наведено дека доколку се уредно повикани а не се појават на главната расправа значи дека се откажувал од обвинението и судот ке ја запре постапката со решение.

[17] Закон за кривична постапка, член 347-Одбивање на предложени докази
[18]Закон за кривична постапка, член 348- Повикување лица на главна расправа
[19]Јазичното **интерпретирање** или **толкување** е интелектуална активност на поедноставна комуникација со говорениот јазик или јазикот на знаци, и тоа симултано и консекутивно меѓу две или повеќе употребени јазици
[20] Закон за кривична постапка- член 9, Право на преведувач, односно толкувач

Во поканите на сведокот, вештакот, бранителот и обвинетиот задолжително е содржано предупредување за последиците од недоаѓање на главна расправа.

Доколку се утврди дека главната расрпава ќе се одолжи подолго, тогаш претседателот на советот има право од претседателот на судот да побара да е определат еден или двјаца судии поротници кои ќе присуствуваат на главната распрасва и ќе ги заменат членовите на советот кога тие се спречени.

Постојат околности кои дозволуваат испитување на сведоци надвор од судот, тоа може да се случи кога одредено лице кое е сведок и е повикано на главна расправа, а претходно не е испитано прито поради долготрајна болрст или неподвижност неможе да дојде во судот, па неговото испитување се врши во место каде што тој се наоѓа. Сведокот го испитува претседателот на советот или судијата член на советот ако има потреба тој и ке го заколне или испитувањето ке се изврши преку суија на претходна постапка на судот чие подрачије се наоѓа сведокот. За ваквото испитување се известуваат странките и бранителот.

Одлагањето на одржување на главната расправа може да се случе кога: странките поднеле предлог кој го обтазложиле а претседателот на советот со решение го прифати предлогот и ја одложи главната расправа, исто така може да се случи одлагање на главната расправа поради здравствени причини или други оправдани причини. Во наредбата за одлагање т.е записникот се внесуваат причините за одлагање и образложението за кој се одлага раправата.

Доколку тужителот се откаже од тужбеното барање судијата поединец, или претседателот на советот ке ја запре постапката со решение кое ќе го достави до странките и до оштетениот.

4.2 Начело на јавност на главната расправа

Основно начело врз кое се заснова кривичната постапка е начелото на јавност.[21] Со Уставот е определено дека расправата пред судовите и изрекувањето на пресуда се јавни и може да биде исклучена јавност само во случаи кога тоа е утврдено со закон. Според ЗКП на главната расправа може да присуствуваат само полнолетни лица. На главната расправа лицата кои присуствуваат не смеаст да носат оружје или опасно орудие.

Во главната расправа постои можност за исклучување на јавноста во определени случаеви кога тоа е дозволено со закон. [22]

Доколку тоа е потребно поради **чување на тајната** која може да биде од различен карактер: воена, стопаснка, службена односно информации кои се од доверлив карактер и со самиот факт дека тие треба да се изнесат на расправата и да станат општопознати јавноста се исклучува.

[21] Закон за кривична постапка, член 353-Јавност на главната расправа
[22] Закон за кривична постапка, член 354 - Исклучување на јавноста

Доколку е потребно поради чување на јавниот ред, во случај кога се работи за кривично дело кое предизвикува револт кај народот, па доколку јавноста е вклучена постои можност да биде нарушено судењето или надвор од судењето.

Доколку има потреба од заштита на сведокот или жртвата.

Доколку е тоа за заштита на интересите на малолетникот секогаш кога се суди малолетно лице јавноста е секогаш исклучена.

Исклучувањето на јавноста не се однесува на: оштетениот, странките, нивните застпаници и бранители. А доколку советот дозвол може да присуствуваат службени лица, јавни и научни работници, од друга страна докоплку бранителот побара може да присуства и брален другар, вонбрачен другар или роднини.

Одлуката за исклучување на јавноста ја донесува советот по службена должност или по предлог на странките, предлогот мора да биде образложен и јавно објавен.

4.3 Раководење со главната расправа

Во главната расправа претседателот и членовите на советото, исто така и судиите и поротниците треба непрекинато да присуствуваат во текот на расправата а тоа произлегува од правилата на непосредност и континуитет на главната расправа. Доколку сдијата или сдуија поротник не присуствувал на главната расправа и во текот на расправата не се приклучил и запознал со доказите неможе да учествува во донесување на одлука. [23]

Претседателот на советот е одговорен и води сметка за составот на советото за потребниот број на членови на советотот, дали постои причина за изземање на судија или судија поротник, член на советот или записничарот.[24]

Со главната расправа раководи претседателот на советот, тоа подразбира дека тој има улога на раководење во одржувањето на редот во судницата, одлучува за редоследот на доказите кои ке се изведуваат, им дава збор на странките, види сметка за ефикасно одржување на главната расрпава, води сметка учесниците во постапката да се однесуваат пристојно и одлучува за предлозите на на странките. Улогата за раководење со главната рљасправа на претседателот на советот е неприкоснована.

За да превземе претседателот на советот мерки за ефикасно одржување на главнат расправа и сестрано претресување на предметот, потребно е претходно добро да ги проучи сите списи на предметот, листите на докази кои се доставени за да моќе да ги воочи мерките кои ќе треба да се превземат во текот на главната расправа.

[23] Закон за кривична постапка, член 357-Задолжителна присутност на главната расправа
[24] Закон за кривична постапка, член 358-Обврски на претседателот на советот

За предлозите на странките доколку не е поинаку определено со посебна одредба одлучува претседателот на советот

Текот на главната расправа[25] се одвиа како што е пропишано во аконот односно: отварање на главната расправа, утврдување на присутните, утврдување н идентитетот на пбвинетото лице, започнување на главната расправа со воведен оговор на странките, поуки за праљвата и изјаснување за вина на обвинетото лице, доказната постапка по редоследек како што е утврден во чл. 382[26], потоа следувааат завршните зборови на странките и завршување на главната расправа со изрекување и објавување на одлуката.

Расправата трае непрекинато и ако не се заврши во едно рочиште тогаш таа да продолжи во друг ден одлучува претседателот на советот.

Да се одржи редот во судницата и достоинството на судот и сите учесници во постапката е должност на претседателот на советот. [27]Тој во отварањето на главната расправа ги предупредува присутните дека треба да се однесуваат пристојно и да не ја анрушуваат работата на судот. Претседателот има должност да ги заштите судот и учесниците од било каква навреда која го нарушува достоинството или интегритетот на судот.

Со цел да се одржи редот во судницата, претседателот на советот има право да нареди претрес на лицата кои се присутни, исто така да им се укаже на азабраната за носење на оружје која е пропишана со законот и незаконито снимање на текот на главната расправа.

Лицата кои се присутни на главната расправа, а не го почитуваат редот односно го нарушуваат, најпрвен се опоменуваат од страна на претседателот на советото, доколку истите не постапат по опомената може да се наредите од страна на советот истите да бидат отстранети од главната расправа, а доколку самите на ја напуштат расправата доброволно се повикува судската полција која ги отстранува лицата.[28]

Во судницата не е дозволено вршење на филмски и телевизиски снимања, единствено тоа може да го дозволи претседателот на ВСРМ[29] за расправа за која има голем интерес во јавноста.

За нарушување на редото и дисциплината во текот на главната расправа за сите учесници според законот пости одреба која ја одредува нивната казна.

Ако лицата кои прсуствуваат на главната распарва како што се јавниот обвинител, обвинетиот, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сведокот, вештакот, преведувачот, односно толкувачот или друго лице го

[25] Закон за кривична постапка, член 359-Тек на главната расправа
[26] Закон за кривична постапка, член 382- Изведување докази
[27] Закон за кривична постапка, член 360 -Одржување на редот во судницата
[28] Закон за кривична постапка, член 361 - Казнување поради нарушување на редот и дисциплината
[29] Врховен суд на Република Северна Македонија

нарушуваат редот, не се придржува до наредбите од претседателот на советот, овие лице најпрвен се опоменуваат. Кога лицата не постапуваат по опомената, се наредува лицето да се отстран од судницата исто така и да се казни парично.

Истото ова важи и за обвинитеиот и тој може да биде опоменат доколку не постапи по опомената, да биде отстранет и парично казнет.

Доколку полномошникот или бранителот и по изречената казна не престанат да го нарушуваат редот тие ке бидат ускрани од правото на одбрана и ке се повика друг бранител или полномошник. Полномошникот ики бранителот кој ке се отстрани од главна расправа ке добие наредба да ги палти трошоците кои се створени поради прекинот на расправата.

Во случај кога се отстрануваат приватниот тужител или неговиот законски застапник, судот ке му укаже дека главната рсправа ке се одржи и без нив, а тие можат да земат полномошник.

Кога јавниот обвинител е тој што го нарушува редоот, претседателот на советот го известува основниот јавен обвинител, и може да бара прекинување на расправата и негово разрешување со друг застапник на обвинението. Кога се казнува адвокат тогаш се известува Адвокатската комора.

Во текот на главната расправа може да се стори кривично дело. Во случај кога обвинетиот ке стори ново кривично дело се постапува според чл. 393[30] од ЗКП.

Кога било кое лице освен обвинетиот ќе стори кривично дело на главната расправа судот постапува на неколку начани:

- може да ја прекина главната расправа и по усно обвинение на тужителот;

- за делото кое е сторено да суди по завршување на главната расправа за кое е потребно овластен тужител, усно или писемно и

- за делое кое се гони по службена должност го известува јавниот обвинител за понатамошна постака доколку не е можно да му се суди веднаш на сторителот.

Ако се случи на главната расправа сведокот или вештакот да дадат лажен исказ, нив нема веднаш да им се суди. За да се смета исказот за лажен треба да се однесува на битните факти за конкретната кривична постапка, доколку дадениот лажен исказ се однесува на факти кои не се битни, тогаш исказот не претставува кривично дело.

[30] Закон за кривична постапка, член 393 - Измена и проширување на обвинението

4.4 Претпоставка за одржување на главна расправа

За да се започне главната расправа најпрвен треба поканетите лици да се присутни на расправата. Дококу уредно повиканото лице не се појави на расправата тогаш за него селдува санкција зависно од неговата улога во расправата.

Заседанието на судот опфаќа дејствија кои се превземаат во фаза на судење во една кривична постапка тоа се : отварање на заседанието со утврдување на постоње на претпсотавките за одржување на главна распраа и други дејствија на странките и судот, отпочнување на главната расправа со воведен говор на странките и изрекување и објавување на одлуката на судот.[31]

Заседаниот се отвара од страна на претседателот на советот и тој го објавува предметот за кој се одржува главната расправа ги запознава присутните поради кое обвинение, против кое лице и кое кривично дело се води п-ка. Се врши проверка за присутноста на лицата кои се повикани на главната расправа, доколку некое од лицата не е присутно се проверува дали е уредно повикано или дали го оправдале своето отсуство.

Во случај кога тужителот не дојде на главната расправа за него следуваат знакции во зависно од неоговото овластување во постапката. Доколку на главната расправа не се појави јавниот обвинител, а тој е уредно повикан тогаш тој ке биде парично казнет, а одржувањето на главната расправа ке се одложи за друг термин.[32]

Постапката со решение ке ја запре судот во случај кога на главната расправа без оправдано отсуство нема да се појави приватниот тужител, негов полномошник, претседателот на советот или судијата поединец.

За да се одржи главната расправа неопходно е присуство на обвинетиот. [33]Одржувањето на главната расправа без присуство на обвинетиот според законот е дозволено само во три случаи:

- доколку обвинетиот е отстранет од судницата поради казна за нарушување на редот и дисциплината;

- доколку е одлучено со решение тој да не присуствува на главната расправа според улови кои се предвидени во ЗКП или,

- кога се исполнети услови за скратена постапка

Ако станува збор за ситуација кога на обвинетиот неможе да му се достави уредно покана односно тоа тој го избегнува, тогаш советот ке наради негово присилно доведување на главната расправа.

[31] Закон за кривична постапка, член 363- Отворање на заседанието
[32] Закон за кривична постапка, член 364- Недоаѓање на тужителот на главната расправа
[33] Закон за кривична постапка, член 365- Недоаѓање на обвинетиот на главна расправа

Судот може да определи притвор за обвинетиот доколку смета дека тој избегнува да се јави на поканата.

Судње во одсуство на обвинетиот може да се случи само кога:

- овинетиот се наога во бегство, а не му е достпаен на државите органи и

- постојат важни причини за да му се суди иако тој е отсутен.

За да може судот да донес одлука за судење без присуство на обвинетиот, тој треба да добие предлог од тужениот за истото и со решение ќе го донесе советот пред кој се одржува главната расправа.

Постојат случаеви кога бранителот на обвинетото лице не се појави на главна расправа, а е уредно повикан и не го известил судот за причините поради кој е сопрен за присуство на главната расправа или бранителот без одобрение ја напушти главната распрата, а во моментот неможе да се замени со друг бранител тогаш на предчог на обвинетиот главната расправа ке се одложи.[34]

Кога се одлага главна расправа советот со решене го задолжува брамителот да ги сноси сите трошоци кои се настанати поради одложувањето на расправата е причиниата за тоа е тој.

Кога имаме ситуација во која обвинетиот или неговиот бранител не се појават на главна расправа, советот може да олучи да ја одржи главната расправа доколку се сигурни дека според доказите пресудата која ќе ја донесат ке биде ослободителна односно ке се одбие обвинението.

Ваква пресуда со која ќе се одбие обвинението судот ќе донесе, доколку:

1) за пресудување судот не е стварно надлежен;

2) постапката е водена без барање на овластен тужител;

3) тужителот од започнувањето па до завршувањето на главната расправа се откажал од обвинението;

4) немало потребен предлог, одобрение или ако надлежниот државен орган се откажал од предлогот, односно одобрението или ако оштетениот се откажал од предлогот;

5) обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение и

6) обвинетиот со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето или кривичното гонење не може да се преземе поради застареност, или ако постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење

[34] Закон за кривична постапка,член 366, Недоаѓање на бранителот на главна расправа

Ако на главната расправа не се појави сведок или весштак судот може да нареди нивно присилно доведување. Вкавата наредба може да ја изврши веднас или да нареди да се случи на главната расправа која ќе се одржи следен пат.

Без присуство на сведок или вештак дали ќе одржи главна расправа судот одлучува во текот на главната расправа. Сведокот или вештакот кој нема да се појави на главната расправа а притоа е уредно повикан, може да биде казнет со парична казна, во одредени случаи може да се примени и присилно довдување на главна расправа и парична казна.

4.5 Одлагање на главната расправа

За прекинување или одложување на главната расправа одлучува судот. Дали ке се одложи или прекине главната расправа зависи од пеичинирњ кои довеле до донесување на таква одлука. Главната расправа се одлага кога причините за одлагање бараат подолг временски период меѓу две рочишта, а кога главната расправа се прекинува значи дека причините за тоа се од краткотраен карактер.[35]

За прекинувањето или одлагањето на главната расправа одлучува претседателот на советот или судијата поединец со донесување на процесно решение на записник за главната расправа.

Постојат случаи кога главната расправа може да биде одложена и по барање на странките како авниот обвинител, браниетлот, обвинетиот или тоа да биде од страна на судот по службена должност поради е потребно дополнување на доказзнатап остапка поради постоење нови докази кои се створиле во текот на главната расправа или кога се има потреба од определување на супер вештачење.

Одложување на главната расправа се случува и кога по извршување на кривичното дело обвинетиот добил душевно заболување и поради тоа тој нема соодветен степен на психичка способност за активно да учествува во текот на главната расправа. Според законот постојат и други можности за одлагање на главната расправа доколку за тоа постојат сериозни пречки. Во овој дел не е точно наведено кој се сериозните пречки кои довозлуваат одлагање на главната расправа, па тоа е

[35] Закон за кривична постапка, член 370- Причини за одлагање на главната расправа

оставено на диспозиција на судот, тој да одлучи за тежината и сериозната на пречката.

Одлагањето на главната расправа е сведена на најкраток можен рок во кој би се отстранила пречката за нејејзино одржување. Претседателот на советот е должен секој месец да го известува претседателот на судот дали сеуште посојат причините за одлагањето на главната расправа.

Во решението за одлагање на главната расправа претседателот на советот е должен да го наведе толното време датум и час за нејзиното продолжување односно одржување. Во случај кога неможе да се утврди точното време на продолжување на главанта расправа бидејќи не се знае кога ке се отстранат пречките, тогаш не се внесува точен датум и време во решението туку главната расправа се одлага на неопределено време.

Наредба за обезбедување на доказите претседателот на советот може да издаде кога постои можност доказите да се оштетат или да се уништат поради одлагањето на расправата.

Против решението кое го донесува претседателот на советот со кое ја одлага главната расправа неможе да се поднесе жалба.

Продолжувањето на главната расправа може да се случи само доколку таа се одржува пред ист состав на советот на судии или истиот судија поединец. [36]Претсеедателот на советот може да определи главната расправа да продолжи онаму каде што застанала или истата да почне одново, пример кога обивнетиот на почетокот не се јавил на главната расапра а при нејзиното продолжување се појави тоогаш се одлучува да се започне расправата од почеток.

Во случај кога има промена на судија поединец или составот на советот тогаш задолжително се започнува расправата од почеток. Кога имаме ваков случај советото или судијата поединец може да одлучи со претходно одобрение од странките да не ги испитува сведоците и вештаците повторно туку нивните изјави доколку се внесени во записникот да ги прочита или пак доколку се снимала расправата да ги преслуша снимките.

[36] Закон за кривична постапка, член 371- Продолжение на одложената главна расправа

Кога одалагањето на расправата треало подолго од 90 дена тогаш задолжителнно расправата се започнува од почеток. Советот или судија поединец може да донесе одлука со која нема да го повика сведоците и вештаците на повторно расиптување туку ќе ги прочита изјавите од записникот.

Во текот на главната расправа може да се случи: бранителот да му го откаже полномошното на обвинетиот, обвинетиот да го отповика даденото полномошно на бранителот, може да се случи и бранителот без оправдување и причина да не се појави на главното рочиште па така судот ке го задолжи обивнетиот во рок од 15 дена да си пронајде друг бранител и да подготви одбрана.

Прекин на главната расправа имаме во случај кога е истечено работно време, поради одмор, или поради потреба од прибавување на докази за кој е потребен мал временски период.[37] Исто така може да се направи и прекин доколку му е потребно време за подготовка за давање завршни зброви од страна на странките. По прекинот на главната расправа секогаш се продолжува пред ист судија и пред исти совет.

Кога имаме случај на измена на обвинението од стран на јавниот обвинител, кој во текот на главната расправа со изведените докази утврди дека се промениле фактите со кои се опишува кривичното дело па е потребно изменување на обвиненитето, а за новото обвинение не е надлежен судијата поединец или советото на суди наместо есен судија и двајца поротници потребни се двајца судии и тројца поротници тогаш главната расправа ке започне од почеток со новиот состав.[38]

Судот исто така може да одлучи дали повторно ке ги испита странките или ке го порчита записникот од претходното нивно испистување. Исто така на обвинетиот неможе да му се одземе можноста тој повторно да биде испитан во текот на доказната постапка доколку истиот тоа го побара.

[37] Закон за кривична постапка,член 372-Прекин на главната расправа
[38] Закон за кривична постапка, член 373- Повторен почеток на главната расправа во случај на измена на обвинението

4.6 Записник за главна расправа

На главната расправа се води записник[39]. Со новиот ЗКП предвидено е тонско или визуелно-тонски снимање на главната расправа. Тонското снимање треба да е нарпавено на начин што секој што ке го преслуша успее да разбере и процени што се случува во секој момент од расправата, да процени кој зборува која фаза е главната расправа и слично. Со тонското снимање се оневозможува правење на пропуст при внесување на содржината во записникот од главната расправа.

Претседателот на советот има обврска пред почетокот на главната расправа да ги извести странките и присутните дека текот на главната расправа се снима и снимката може да послужи како доказ.

Кога не постојат технички услови за снимање на главната расправа на претседтелот на советот му се дава можност записникот да се води стенорафски. Во рок од 48 часа стенографскиот записник ке биде дешифриран и потпишан од лицето кое го пишувало, од странките и судијата поединец ии претседателот на советот, па ке се приклучи до останатите списи од предметот.

Тонскиот или визуелно тонскиот запис претставува дел од судскиот предмет се внесува во АКМИС[40]. Записот од главната расправа може да се користи само во кривична постапка и не смее да биде објавуван ниту се емитува или користи за било какви цели кои се надвор од кривичната постапка.

Откако ќе заврши главната расправа странките и бранителот добиваат копија од снимката веднаш по завршувањето или најдоцна во рок од 24 часа или во рок од 3 дена го добиваат стенографскиот записник.

Со донесување на пресуда и цеосна изрека на пресудата завршува главната расправа и тие се составен дел на запиникот за главната расправа. Писмената пресуда во целост треба да одговара на изреката што е внесена во записникот , па затоа исреката која е јавно објавена треба да ги содрќи сите елементи кои ја сочинуваат. Кога на главната расправа се донесува решение со кое се одлучува за притвор, истото мора да биде венесно во записникот на главната расправа во целост.

[39] Закон за кривична постапка, член 374 - Начин на водење на записник за главна расправа
[40] Авторизираниот информациски систем за управување со предмети во судовите

При почетокот на главната расправа коа влегува судечкиот совет сите присутни во судницата се должни да ги пречекаат стоејќи со што им изразуваат почит, што значи сите лица кои се повикани на главната расправа треба да бидат таму присутни пред влегувањето на советот. Исто така и кога член од советот му се обраќа на странките тие треба да бидат во стоечка позиција.

Во судницата распоредот на странките е ругулиран така што сите странки седат наспорти претседателот на советот, од неговата лева страна седат обвинетиот и неговиот бранител, а од десната страна се наоѓаат овластениот тужител, јавниот бовинител или приватен тужител,оштетен и неговиот полномошник.[41]

Кога се врши испитување на лица во текот на главната расправа тие стојат од десната страна на претседателот на советот и се свртени кон странките, за нив има обележано посебно место.



Слика 2: Современа судница во Република Северна Македонија

За да се одржи главната расправа најпрвен се утврдува дека се присутни сите повикани лица.[42] Претседателот на совето утврдува дали сите повикани лица се присутни и да го порвери нивниот идентитет. Доколку некое од повиканите лица не е пристуно во зависно од неговото својство во постапката, советот одлучува дали мозе да се одржи рочиштето без негово присуство.

[41] Закон за кривична постапка, член 376 -Влегување на судијата, односно на советот во судницата
[42] Закон за кривична постапка, член 377- Услови за одржување на главната расправа

Откако ќе се утврди идентитето на обвинетиот сведоците кои треба да се испитаат на главната расправа се повикуваат да чекаат надвор од судницата, каде што има определено место за тоа, се додека не ги повикаат во судницата за испитување. Вештаците можат да остнаат во судницата и да го следат текот на постапката и да ги чујат искааите на сведоците кои ќе се испитаат.

Овинетите во целиот тек на главната расправа се наоѓаат во судницата. Истото важи и за приватен тужител докој тој е оластен тужител во постапакта. Во одедени случаи и оштетениот е во својство на сведок а него судот не го отстранува од текот на главната расправа туку тој е присутен во судницата целото време.

Пред започнувањето на расправата а и во нејзиниот тек, може да се превземат мерки од страна на советот кои би спречиле сведоците мегусебно да се договараат за исказите кои ќе ги дадат. Доколку има услови се поставува судска полиција да внимава на нив.

Воведните говори[43] го означуваат почетокот на главната расправа. Њапрвен воведен говор дава тужителот, а потоа даваат бранителот на обвинетиот и обвинетиот. Доколку не сака обвинетиот немора да даде воведен говор или доколку сака тоа може во негово име да го направи неговиот бранител. Доколку нема бранител пстамува самиот да одлучи дали ке даде или не воведен говор.

Целта на воведниот говор е да се запознае советот со предметот кој ќе се докажува на главната расправа, односно со кои доказни средства ке го направи тоа тужителот а одбраната ќе го побива. Со одржување на бобедниот говор се запознава советот со предметот бидејќи претходно тие не се информирани за предметот туку за истиот дознават со отпочнувањето на главната расправа.

Странките со своите воведни говори ја изнесувааат својата теори за случајот и доказите врз кои се засноваат. Тужителот во својот воведен говор ја претставува концепцијата за начинот на кој обвинетиот го сторил кривичното дело, па во својат говор тој ги презентира доказите на обвинението.

[43] Закон за кривична постапка, член 379- Воведни говори на странките

Додека одбраната во својата теорија на случај ја побива тероијата на случај на тужителот, па затоа во воведниот говор ќе укаажат дека поседуваат докази со кои ќе го убеди советот дека обвинителот не сторил дело.

Воведниот дел треба да е краток и ефектен и да има поткрепа во предложените докази. За добар воведен дел секогаш странките трева да ги познаваат доказите на другата страна.

Барањето за предјавување на оштета се наведува по воведниот говор на јавниот обвинител, а пред воведниот говор на бранителот со цел тој да може да се признесе и за тој дел кој е поврзан со имотноправното побарување.

Претседателот на советот може да го огранили времето на давање воведен говор кога тоа е потребно за скратување на времето на главната расправа, забразување на постапката или кога странките непотребно ја одолговлекуваат расправата со повторување на истите работи во говорот.

Откако ке заврши воведниот говор на тужителот, обивинетиот од страна на претседателот на советот се прашува дали разбира поради кои причини е обвинет. А доколку се увиди дека обвинетиот не разбрал за што е обвинет тогаш накратко се изнесува содржината на обвинението на најразбирлив начин.

Обвинетиот од страна на советот ќе се поучи дека има право да даде свој исказ или да го искористи правото на молк. Истиот треба да ја следи внимателно главната расправа со што има право да изнесува докази кои ќе мму послужат во своја одбрана. Исто така има право и да му поставува прашања на сведоците, бештаците, сообвинетите и да става забелешки во нивните искази.

Претседателот на советот го повикува обвинетиот да се прозинесе за делата кои се обвинува дали се осеќа виновен или не.

Претседателот на советот го повикува обвинетиот да се произнесе за тоа дали се чуствува виновен за делото или делата кои ги има сторено и се опфатени со обвинението.[44] Признавањето на вината обвинетиот може да го стори за било кое кривично дело без разлика тежината на делото. Обинетиот може да ги прифати сите

[44] Закон за кривична постапка, член 380 - Поука за правата и изјаснување за вина на обвинетиот

дела кои се наведени во обвинението а може да признае вина и само за дел од нив. [45]За да се прифати признанието на вина тоа треба да содржи: да ги опфаќа сите битни обележија кои му се с таваат на товар, да не содржи основ за исклучување на противправност и да не содржи основ за исклучување на кривичната одговорност на обвинетиот.

Судијата поединец или претседателот на советот според ЗКП имаат обврска откако обвинетиот ке даде изјава за признавање на вина, да испитаат дали истото е дадено доброволно, дали обвинетитот е свесен за правните последици кои ќе ги сноси со признавањето на вината, дали е свесен за имотноправните трошоци кои се последица на признавањето на вина исто така и трошоците на постапка. Доколку сите претходно наведени законски услови се исполнети тогаш изјавата за признавање на вина се смета за прифатена.

По прифаќањето на изјавата за признавање на вина, судот во доказната постапка ке ги изведе само доказите што се однесуваат на одлуката за санкцијата.

Кога обвинетиот дава изјава за признавање на вина само за дел од кривичните дела кои се наведени во обвинението, судот донесува пресуда само за тие дела за кој обвинетиот признал вина, а за останатите дела за кои обвинетиот не признал вина ќе ја раздвои постапката.

Изведувањето на доказите[46] се врши по редослед:

1. докази на обвинението и докази врзани со имотноправното барање, ова значи дека најпрво се изнесуваат доказите кои ги предложил јавниот обвинител во неговата листа на докази која е приложена кон обвинителниот акт., или доказите на тужителот до започнувањето на главната расправа во скратената постапка.
2. докази на одбраната, кога станува збор постапка по приватна тужба, на главната расрпава првично се изведуваат доказите кои се предложени од тужителот, а потоа доказите кои се предложени од страна на одбраната
3. докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната (реплика), овие докази се сметаат за дополнителни докази кои ЗКП ги предвидува со цел побивање на доказите на одбраната и

[45] Закон за кривична постапка, член 381-Донесување на пресуда врз основа на признание на вината во текот на главната расправа
[46] Закон за кривична постапка, член 382 -Изведување докази

4. докази на одбраната како одговор на побивањето (дуплика), овие докази на одбараната се одговор на побивањето од страна на тужителот.

Кога се изведуваат доказите во текот на доказната постапката дозволени се три начина на испитување[47]:

- **Директно испитување[48]**, при ова испитување доколку прашањата се нејасни,сложени или неразбиурливи на испитаното лице му ја зголемуваат несигурноста. Ова испитување го врши странката која го има предложено сведокот што се испитува. Прашањата кои наведуваат на одговор неможе да се поставуваат на директното испитување, само по исклучок кога треба да се појасни изјавата на сведокот. Со директното испитување странката која го врш испитувањето го прави тоа на начин да си ја поддржи својата теорија на случајот. При ваквото испитување сведокот наајнапред се претставува, и кажува зошто неговото сведочење е релевантно. Поставувањето на прашањата од страна на странката кој го повикала сведокот е постапно, односно првен се наведува сведокот да се приближи до конкрениот кривично правен настан, а потоа се поставввуаат прашања со кои од сведокот ке се извлечат инфомрации кои го објаснуваат случајот.
- **Вкрстено испитување**, со овој начин на испитување му се дава можност на испитаното лице да го избегне вистинскиот одговор на прашањето и да даде свое образложение за она што се прашува. Ова испитување го врши споритвната странка. Во вкрстеното испитување дозволено е поставување на прашањата кои наведуваат на одговор. Не трееба да да поставуваат прашања кои се поврзани со факти и околности. Целта на вкрстеното испитување е да го оспори исказо на сведокот или вештакот при директното испитување. Прашањата во вкрстеното испитување се долги и го содржат исказот на испитуваното лице, со што се наведува на конкретен краток одговор.
  Во вкрстеното испитување од страна на американскиот адвокат Ирвинг Јангер, се дадени златни прави на вркстеното испитување, а тоа се: поставување на наведувачки прашања, винамтелно слушање на одговорот, испитувачот не смее да се расправа со сведокот,објаснување на сведокот не му е дозволено,испрашувањето на сведокот е ограничено, да не му се поставуваат сите прашања односно да не кажува се, не треба да се заврши испитувањето доколку има слаба поента, да не се повторува директното испитување и не треба да се дава до знаење дека свеокот го минирал случајот.
- **Дополнително испитување**, го врши странката која го повикала сведокот, во текот на ова испитување може да се поставуваат само прашања што се

[47] Закон за кривична постапка, член 383-Начини на испитување
[48] Закон за кривична постапка, член 384-Директно, вкрстено и дополнително испитување на сведоци

ограничени на прашањата поставени во текот на вкрстеното испитување. Дополнителното испитување му дава можност да се намалат последиците кои се призлезени од вкрстеното испитување. Во директното испитување се поставуваат прашања со кои се утврдуваат фактите и околностите за кои се однесува кривичното дело.

Откако ќе заврши испитувањето на странките, членовите на советот и претседателот може да им поставуваат прашања на сведокот или вештакот.

Во текот на изведувањето на докази постојат правила на судот.[49] Претседателот на советот има контрола врз начинот и редоследот на испитување на сведоците и вештаците и изведувањето на доказите, што значи дека најпрвен се изведуваат докази на тужителот, потоа докази на одбраната, па на крај докази за побување на доказите на одбраната. Кога има сведоци кои се повикани од страна на странките, тогаш странките одлучуваат по кој редослед ке ги повикаат да дадат исказ. Редоследот на изведувањето на доказите е битен бидејќи станките си имаат претходно спремен план со кој ке ја докажат својата теорија н случај. Доколку има потреба за ефикасност и економичност на постапакта, само тогаш може да се промени редоследот на изваеудувањето на доказите.

Претседателот на советот одлучува дали постоавеното прашање и неговиот одговор ќе ги забрани во случај кога тој смета дека прашањето е недопуштено, доколку смета дека е веќе одговорено или доколку прашањето е ирелевантно за предметот.

Во одредени случаеви претседателот на советот може да даде кратко образложение и да одбие одреден доказ да се изведува, но во практика ова многу ретко се слиучува бидејќи претседателот на советот или судија поединец неможат точно да утврдат дали одреден доказ би му бил корисен или не.

Вербалните докази се изведуваат на ист начин како и останатите докази, на главната распава ги изведуваат странките и го прават тоа на оној начин на кој што тие сметаат дека е најдобро за да ја докажат нивната теорија. Судот не ги ограничува се додека не ја навредуваат другара страна, не ја одолговлекуваат постапката или не го нарушуваат мирот во судницата.

[49] Закон за кривична постапка, член 385- Правила на судот во процесот на изведување докази

Кога се исведуваат вербалните докази претходно секоја стрнката треба да го подготви својот сведок за исиптувањето на главаната расправа. Но многу често се случува сведоците да се неподготвени и да дадат исказ спротивен на тој што се очекува, а тоа да се случи поради: трема, страв, недоволно искуство, влијание врз него и слични работи. Во случај кога странките не се задоволни од исказот на сведокот кој тие си го предложиле тогаш имаат можност од судот да побараат вкрестно испитување.

Во редовната постапка претседателот на советот, а во скратена постапка судија поединец, имаат за обврска да се грижат за достоинеството на сите учесници во постапката односно за свеодоците, странките, обвинетиот, вештаците. Во текот на целата постапката претседателот на советот или судијата поединец се грижат учесниците да се однесуваат пристојно и достоинствено и да ги почитуваат останатите учесници.

Претседателот на советот или судијата поединец во текот на целата постака треба да се грижат поставуваните прашања да се дозволени, а доколку се недозволени тие треба да се однесуваат на факти и околносите кои не смеат да бидат докажувани,да навлегуваат во интимата на сведоците, прашања за сексуалноста, верска припадност, и слично. Исто така ивалидноста на одговорите ја следи претседателот на совето со цел дали одоговот се однесува на поставеното прашање. Исто така се води сметка и за тоа дали се оправдани приговорите на странките.

Приговорите кои се изнесуваат усно на главната расправа во процесот на испитување на сведоците, оштетениот или вештаците судијата ќе одлучи веднаш со решение.Судот има право да прифати еден приговор или да не прифати,а одлуките ги донесува врз сопствено уверување.

Сведок[50] во текот на главната расправа може да биде секое лице како и оштетениот и приватниот тужител. Лицата кои можат да бидат сведоци треба да имаат одредени информации кои се поврзани со кривичното дело, со сторителот на истото или околности кои можат да бидат од важност во постапката. Странките своите сведоци кои ги предлагат треба да се наведени во листата на докази која ја доставуват, односнно јавниот обвинител ја има приложено кон обвинителниот акт и листата на

[50] Закон за кривична постапка, член 386- Испитување на сведок

докази која се доставува од страна на осомниченото лице. Нов сведок во постапката може да се повика само во два случаеви кога се јавиле нови околности во текот на главната расправа и кога странките или оштетениот ке достават предлог за нов сведок.

Пред да се започне директното испитување на сведокот судот секогаш го опоменува дека треба да ја зборува вистината и да даде исказ за се што му е познато по конкретниот кривичен настан. Исто така сведокот се предупредува доколку не ја зборува вистината или лажно сведочи следуваат санкции согласно законот.

Пред да започне сведокот да го даде својот исказ тој дава заклетва кој е свелена изјава дека ќе даде вероостоен, искрен иска. Постои и можност сведокот да одбие да даде заклетва, па ваквата некова изјава ке се внесе во записникот.

Врз сведокот во текот на главната расправа не смее да се врши притисок. Сите учесници во постапката треба да се однесуваат со почит спрема сведокот, доколку истите не го сторат тоа односно му се заканууваат на сведокот, го навредуваат или ја загрозуваат на друг начин неговата безбедност, судот по службена должност ги предупредува или парично може да ги казни учесниците кои се однесуваат несоодветно со сведокот. Заканите, навредите и загорзоувањето на безбедноста на сведокот се елементи на кривилно дело кое се води по службена должност, па така судот ќе го извести јавниот обвинител за ваквото сторено кривично дело.

При испитувањето на вештак[51] во текот на главната расправа, претседателот на советот го опоменува вештиот наод и мислење да го иснесува на разбирлив и јасен начин за учесниците во постапката,наодот и мислењето да бидат во согласност со правилата и неговата струка. Во случај на давање лажен наод и мислење вештакот прави кривично дело. Исто како и сведоците и вештакот пред давањето на својат исказ најпрвен дава заклетва.

Доколку вештото лице во претходната постпака добило наредба од јавен обвинител за изготвување на вешт наод во писмена форма, тогаш вештиот наод на главната расправа ќе се прочита усно, а вештакот нема да се испитува доколку странките го

[51] Закон за кривична постапка, член 387- Испитување на вештак и технички советник

дозовлат тоа. Во случаевите кога вештакот се испиутва усно тоа се прави директно, вкрстено и дополнително испитување.

Лицето кое е технички советник, а е внесено во регистарот на вештаци може да биде стручно лице кое се испитува во псотапката порати стручните знаењеа кои ги поседува од одредена област. При неговото испитување тој го иснеува своето стручно мислење кои се во врска со неговата струка.

По испитувањето на сведоците или вештаците, тие остануваат во судницата додека претседателот на советот не одлучи да ги пушти или привремено отстрани од судницата. По службена должност судот или по предлог на страните , испитсните сводви и вештаци може да бидат остстранети од судницата, а подоцна да бидат повторно повикани за да се испитаат.

Доколку сведокот неможе да присустува на главната расправа[52], а неговиот исказ е важен за утврдување на решавачки факти, тогаш сведокот ќе биде испитан преку видеоконференциска врска или надвор од главна расправа.

Кога судот има потреба од запознавање со конкретното место или предмет поврзан со кривичниот настан, тогаш се врши увид со реконстукција на настанот, од страна на претседателот на советот или судија член на судечки совет. Странките, вештакот и сите останати кои се засегнати со постапкта се известуваат за времето и местото каде што ке се изврши увидот со реконстукцијата.

Испитувањето на обвинетиот[53] во текот на главната расправа се врши со предлог на одбраната и се изведува како доказ, а може и самиот обвинет да сака да даде исказ на главната расправа. Обвинетиот се испитува според правилата за директно, вкрстено или дополнително испитување, но со ова не значи и дека тој ја има истата положба како сведоците кои се испитуваат на ист начин. Обвинетиот си ги здржува неговите права како обвинет и го здржува неговиот статус на обвинет.

Обвинетиот директното испитување го добива од неговиот бранител, вкрстенотото испитување како следен чекор е од страна на јавниот обвинител. Ако се случи

[52] Закон за кривична постапка, член 390 - Испитување на сведок кој не може да дојде пред судот
[53] Закон за кривична постапка, член 391 -Испитување на обвинетиот

обвинетиот да нема свој бранител тогаш условите за негово директно испитување не постојат, со што обвинетиот го дава својот исказ сам.

Кога обвинетиот има бранител, директното испитување го врши бранителот, а кога имаме случај да нема бранител обвинетиот сам си го дополнува својот исказ.

Обвинетиот во текот на неговото испитување има свои права. Што значи обвинетиот пред да биде испитуван треба да се информира поради што е обвинет, кои се основите за сомнение. Едно од правата кои ги има обвинетиот е тоа дека тој немора да даде изјава.

Обвинетиот е пристуен во судница во текот на целото судење, освен кога некој од сообвинетите не сака да даде изјава во прирудтво на обвинетиот, во тој случај советот одлучува да го отстрани обвинетиот привремено од судницата. Истото се случува и доколку сведокот не сака да даде изјава пред обвинетиот, па странката која го предложила сведокот му дава предлог на претседателот на советот за привремено отстранување на обвинетиот.

Откако ке се испитаат сведокот или сообвинетиот, обвинетиот се враќа назад во судницата и него ќе му биде прочитан исказот што го дале сообвинетиот или сведокот.

Во записникот од главната расправа се внесуваат сите писмени докази кои се изнведуваат во целиот тек на расправата. Покрај записниците за увид, потврди за предмети кој се одземени или вратени,списи и книги исто така и материјални докази кои можат да бидат изведени како и предмети кои биле употребени за извршување на кривичното дело или кои се произлезени од неговото извршување, електронски докази, записници за препознавање, снимки и слични писмена кои имаат доказна вредност.

Сите горе наведени доказани средства до судот треба да се достават во оргинална форма. Доколку неможе да се достави оргинален формат од доказното средство тогаш од истото треба да има направено копија заверена на нотар. Во противно доколку до судот се достават незаверении фотокопии или преписи судот неможе да ја заснова одлуката врз нив.

Писмените докази по правило се читаат на главната расправа од страна на страната која ги предложила. Но поради економичност и скратување на времето на траење на главната расправа ваквите писмени докази само се внесуваат како изведени докази во записникот на главната расправа.

Во текот на главната расправа може да се случи да е произлезе со поинаква актичка состојба од доказите кои се изнеле и да има потреба обивнението да се измени. Измените може да бидат во описот на обвинението и во правната квалификација на кривичното дело[54]. Доколку дојде до измена на обвинението тоа не подлежи на оцена и одобрување.

Со ваквите измени често доаѓа до предлог од страна на одбраната за изведување на нови докази.

Откако ке заврши доказната постапка странките и оштетениот имаат право да баарат дополнение на доказната постапка биејќи во нејзиниот тек се појавиле нови околности[55]. Вештачењето е доказно средство преку кое стручно лице утврдува разни факти кои се од големо значење за донесување на одлука во одреден правец. Доколку настанат противречности во надоите и мислењата на стручните лица, тогаш судот определува супервештачење, на предлог на стран странките во постапката или по службена должност.

Доколку не се предложат предлози за дополнение на доказната постапка, по изведените докази или ако предлогот од полонение на доказанта постапка биде одбиен тогаш судот ќе обајви завршување на доказната постапка. Дополнението на докази значи дека странките можат да достават нови докази само во врска со ново настанатите околности во текот на доказната постапка.

Откако ќе се заврши доказната постапка[56] следува завршниот збор. Тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот се повикуваат од страна на судот да го дадат завршниот збор. Странките и вранителот во своите завршни зборови даваат свое мислење за она што е произлезено од изведените докази и извнесуват сови заклучоци за недокажаноста или докажаноста на фактите кои се решавачки.

[54] Закон за кривична постапка, член 393 - Измена и проширување на обвинението
[55] Закон за кривична постапка, член 394- Дополнение на доказна постапка
[56] Закон за кривична постапка, член 396 - Завршување на главна расправа

Оштетениот и неговиот бранител во своите завршни зборови се осврнуваат на доказите кои се однесуват на имотноправното барањето кое го имаат пријавено.

Според законот се дозволува обвинението да е застапувано од повеќе обвинетели, а исто така и обвинетиот да има повеќе бранители, што значи дека сите ќе го дадат својот завршен збор, единствено што не смеат е да се повторуваат во говорот. Со законот не е определено, но во практиката дозволено е право на реплика на завршниот збор на спротивната страна.

По изнесувањето на завршните зборовите на сите учесници во постапката[57], се објавува завршување на главната распрасва од страна на претседателот на советот, а во записникот се внесува во колку часот е завршена расправата. По крајот на главната расправа советот се повлекува на советување и гласање за донесување на пресуда.

5. Пресуда

Пресудата[58] претставува одлука на судот со која тој одлучува за кривично правен предмет, со која одлука на овинетиот може да му се изрече кривична санкција.

Ако судот не одлучи дека е потребно повторно отварање на главна расправа, разјаснување на одделни прашања или дополнување на постапката, се изрекува пресуда. Одлуката судот ја днесува на усно советување и гласање од страна на советот. Заседавањето се врши тајно и е раководено од претседателот на советот. Во просторијата каде се врши заседанието се присутни само членовите на советот и записничарот, а резултатите од гласањето не се објавуваат. Во текот на советувањето и гласањето се води посебен записник кој се издвојува од останатите списи во посебна обвивка.[59]

По завршувањето на главната расправа, советот се повлекува на гласање и советување, по што се донесува пресуда која се објавува јавно во името на граѓаните.

[57] Закон за кривична постапка, член 395 - Завршен збор
[58] Одлука, решение што го донесува судот по завршувањето на судскиот процес.
[59] Закон за кривична постапка,член 397 - Изрекување на пресуда

Во пресудата е содржан одговорот на прашањето што е дадено од обвинението односно дали обвинетиот го сторили или не го сторил кривичното дело кое му е ставено на товар и дали е кривично одговорен, што значи дека отука произлегува постоење на објективен и субјективен идентитет меѓу пресудата и обвинението.

Субјективниот идентитет постои кога пресудата се однесува на лицето на кое се однесуваат генералиите наведени во обвинението. И кога имаме повеќе лица во обинението и тука постои субјективниот идентитет, при што за негово исполнување во пресудата мора да е содржана одлука од судот во однос на секое лице кое е опфатено во обвинението, но кога постапакта за одредено лице е запрена или во текот на главната расправа е донесено решение со кое се одвојува постапувањето на еден или повеќе обвинети од важни причини тогаш не ги опфаќа субјективниот идентитет.

Објективниот идентитет постои во описот на делото кое е предмет на обвинение и е содржано во обвинителниот акт. Под објективниот идентитет и поимот исто дело се подразбира настан од минатото, а неговата фактичка состојба е детално опишана и содржана во обвинението. Од овде произлегува дека доколку тужителот на главната расправа не го измени илио не го прошири обвинението, во пресудата ќе биде опфатен само како што е опишано во обвинението иако на главната расправа се изнесени нови факти и околности.

Доколку посоти случај кога пресудата не се совпаѓа со обвинението во објективниот дел тогаш постои апсолутна суштествена повреда на одедбие на кривичната постака на два налина:

- ако судот со пресудата не го решил предметот на обвиненеито наполно или
- кога овинението е пречекорено

При правната оцена на делото судот не е врзан за предлзоите на тужителот, што значи доколку во пресудата постои поинаква правна квалификациа тоа не значи дека има повреда на објективниот идентитет.

Засновањето на пресудата судот ја врши само врз факти и докази кои биле изнесени во текот на главната расправа, што значи дека сите докази се извесуваат само на главната расправа а во текот на прехдоната постапка само се прибираат.[60]

Судот има должност секој доказ да го оцени поединечно и во врска со другите докази, па врз оваа основа да дојде до заклучок дали фактот е докажан. Овој дел судот го рапви врз основа на начелото на објективност и начелото на слободна оцена на доказите. Исто така судот е обврзан на ист начин да ги испитува доказите и кои му се на товар на обвинетиот, а и они кои му се во корист.

Еден од доказите на кој неможе да се темели или заснова пресудата е исказот на загрозениот сведок кој се прибавува со одредбите за прикривање на идентет или изгелд поради негова заштита на негови блиски лица. Само во случај кога покрај неговиот изказ ќе има и други докази изведени и прибавени во текот на доказната постапка може да биде основ за зановање на пресуда.[61]

Со пресудата може да се одбие, да се ослободи или да се огласи за виновен обвинетиот[62]. Кривичната пријава решава три основни прашања:

1. Дали постојат услови за водење на кривична постапка, т.е дали постојат пречки за нејзино водење. Доколку постојат пречи кои неможе да се отстранат пресудата завршува без зијаснување за основаноста или неоснованоста на кривичното барање. Во пресудата се констатира дека постојат пречки кои неможат да се остранат и се запира текот на постапкат.
2. Второ прашање кое следува е дали поистои кривичното дело кое му е става на товар на обвинетиот и дали тој е негов сторител и која е неговата кривична одговорност. Доколку обивнетиот на овие прашања одговори одречно тогаш ќе добие ослободителна пресуда, а доколку одговори потврдно ќе се огласи за виновен.
3. Како последно и решително прашање е одлучувањето за санкција,која се изразува согласно вината и опасноста на сторителот.

Кога пресудата се одлучува мертироно за одредениот предмет, или поради определени причини судот неможе да одлучува мериторно тогаш пресудата спаѓа во една од две групи:

[60] Закон за кривична постака, член 399 - Докази врз кои се заснова пресудата
[61] Закон за кривична постака, член 400 - Докази врз кои не може да се заснова пресудата
[62] Закон за кривична постапка, член 402 - Одбивателна пресуда

- Формална пресуда – со нејзиното донесување судот воопшто не го расправа нејзиниот спор што значи судот во овој случај не се изјаснува за постоењето или непостоењето на вина, дали обвинението е основано или не туку само се задржува на фомралните елементи на предметот
- Материјална пресуда – со донесувањето на овој тип на пресуда судот се впушта во расправа за спорот и неговата суштина, по што мериторно одлучува за кривичното барање и обвинението кое е содржано во него, па по свое уверување утврдува дали наводите во обвинението се докажани или не по што може да го проглас обвинетиот за виновен или да го ослободи.

Доколку против обвинетиот има поднесено обвинение за повеќе кривични дела, судот ќе одлучува за секое дело посебно, што не значи дека за сите дела обвинетиот ќе биде осуден за некое дело може да биде ослободен, па на крај ќе се одлучу колкава казнена знакција ке добие, согласно одредбите од кривичниот закон.

Изркување на пресуда со која се **одбива обвинението** судот ќе изрече во случаи кога:

1) за пресудување судот не е стварно надлежен – откако судот ќе увиди дека не е надлежен за одредениот предмет, се огласува за ненадлежен и по правосилноста на решението предметот го доставува до надлежниот суд.

2) постапката е водена без барање на овластен тужител – ова основа е последица од начелото на акузаторност, од каде произлегува и тоа дека без овластен тужител нема ни кривична постапка.

3) тужителот од започнувањето па до завршувањето на главната расправа се откажал од обвинението – ова право го добива тужителот со начелото на мутабилитет со што му се дозволува на подносителот на кривичното барање слободно да располага со него, а доколку откажувањето од кривично гонење е изјавено пред главната расправа тогаш судот донесуца решение за запирање на постапката.

4) немало потребен предлог, одобрение или ако надлежниот државен орган се откажал од предлогот, односно одобрението или ако оштетениот се откажал од предлогот - со уутврдување за не постпоње на горе наведените работи судот ќе донесе одбивателна пресуда. Соколку има откажување од одобрението за гонење тоа треба да е дадено јасно и изрично, и неоже да се повлече.

5) обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение – овде имаме веќе пресуден предмет, но доколку постојат пречки со кои претходно постапката била прекината или поднесување на кривично гонење од неовластен подносител тогаш при отстранувањето на пречките постапката ќе продолжи.

6) обвинетиот со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето или кривичното гонење не може да се преземе поради застареност, или ако постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење.

Пресудат на судот ќе биде **ослободителна**[63] доколку:

1) делото за кое се обвинува не е кривично дело според законот – доколку судијата утврди дека фактите наведени во обвинението не се кривични дела според законот тогаш се донесува ослободителна пресуда.

2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност – ове станува збор за сторено кривилно дело, но околностите за неговото сторување ја исклучуваат вината а тоа се, извршување на делото под влијание, закана или извршување на делото од страна на напресметливо лице и сл.

3) јавниот обвинител или тужителот не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува - за непостоењето на доволно докази дека кривичното дело е сторено од обвинетиот одлучува судот по анализа на доказите кои се изведени на главната расправа.

Изрекувањето на пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен односно **осудителна пресуда**[64] се изрекува кога:

1) за кое дело се огласува за виновен, со назначување на фактите и околностите што претставуваат обележје на кривичното дело, како и на оние од кои зависи примената на определена одредба од Кривичниот законик – овде се наведува фактичката состојба која судот ја има утврдено, описот на делото кое е сторено, општите и посебни обележија на делото, што го прави различно од останатите дела,начинот местото и други карактеристика на извршувањето на делото.

[63] Закон за кривична постака, член 403 - Ослободителна пресуда
[64] Закон за кривична постапка. член 404- Осудителна пресуда

2) законски назив на кривичното дело и кои одредби од Кривичниот законик се применети – како и внесување на членот од кривичниот закон со кој е супсумиран описот на делотт односно неговата правна квалфицикација на утврдената фактичка состојба.

3) на каква казна се осудува обвинетиот или се ослободува од казна според одредбите од Кривичниот законик – односно главни и споредни казни и нивниот вид и висина, се определува за секој обивнет посебно или доколку се работи за стек на извршени дела тогаш во сипозитивот се внесуваат казните кои се утврдени со секое кривично дело одделно, а на крајот се наведува казната кој му се изрекува за сите сторени дела.

4) одлука за алтернативна мерка – се определува според Кривичниот закон

5) одлука за мерките на безбедност, конфискацијата на имот и имотната корист и одземање предмети – се опрделува според одредбите од Кривичниот закон

6) одлука за засметување на лишување од слобода, на притвор или на веќе издржаната казна – во казната се прсеметува и притоврот и казната што сторителот веќе ја има издржано по пресуда од странски суд.

7) одлука за трошоците на кривичната постапка, за имотноправното барање, како и за тоа дека правосилната пресуда треба да се објави преку печатот, радиото или телевизијата – во пресудата точно е наведено колку и што треба да палти овинетиот

Осудителната или т.н кондеминаторна пресуда е еден вид мериторна одлука со која се докажало дека утижителот усепал да доказже дека обвинетиот го сторил кривичното дело во конкретната постапка кое му е ставено на товар, со што го огласува обвинетиот за виновен и му изрекува кривилна санкција или го ослободува од казна.

Доколку со пресудата, обвинетиот е осуден со парична казна тогаш пресудата мора да содржи и рок од 18 дена до 3 месеци во кој обвинетиот треба да ја плати паричната казна или доколку не е во можност за плаќање на паричната казна во вкупна сум тогаш се дозволува плаќање на рати во период не подолг од две години.

По советувањето и гласањето судот превзема процесно дејствие со кое веднаш ја објавува пресудата со што му овозможува на странките и на другите пристуни лица на главната расправа да бидат запознаени со содржината на судската одлука. Олуката ја објавува претседателот на советот. Кога постојат комплексни случаи тогаш има можност за одлагање на донесување на пресудата во рок од најмногу три дена.[65]

По донесувањето на пресуда, претседателот на советот пред странките, законските застапници, бранителит и полномпшниците изреката ја чита на кратко и им ги соопштува причините поради кои е донесена пресудата. Присутните во судницата за време на читањето на изреката ја слушаат стоејќи.

Откако ќе се објави пресудата претседателот на советот ги поучува странките за[66]

- Правото на жалба и право на одговор на жалба
- Значењето на условната пресуда и условите за кои треба да се придрзува обвинетиот
- Обврската за пријавување на промена на адреса додека не заврши постапката и биде правосилна

Со посебни одреди е регулирана формата и содржината на пресудата, а истата има голема важност. [67]Откако претседателот ќе ја објави јавно пресудата, следно што треба да направи е писмено да ја изработи и да ја достави до странките и оштетениот.

Писменото изработување на пресудата во зависно од нејзината сложеност треба да биде во рок од 15 дена, а доколку се работи за по сложен предмет тогаш рокот изнесува до 60 дена. Потпишувањето на пресудата го врши претседателот на советот и записничарот.

Доставувањето на пресудата до странките и оштетениот се врши со заверен препис од пресудата и поука за право на жалба. Пресудата се доставува до: обвинетиот и неговиот бранител, овластениот тужител, општетениот, до правно лице спрема кое е

[65] Закон за кривична постапка. член 405- Објавување на пресуда
[66] Закон за кривична постапка, член 406 - Поуки и предупредувања
[67] Закон за кривична постапка, член 407 - Изработка и доставување на пресуда

изречено одземање на имотна корист, до лицето чиј предмет е одземен со таа пресуда.

Пресудата се исрекува во име на граѓаните на нашата држава, а составена од три елементи :

- **Увод** – во потполност треба да оговара со израката на пресудата што ја објавил судот, овде е важно да биде наведен и датумот кога е објавена пресудата

- **Изрека** – ги содрќжи личните податоци на обвинетиот без разлика за каков вид на пресуда се работи. Во зависно од каков вид на пресуда се донесува секоја засебно има свои спецификации. Доколку се донесува осудителна пресуда, а обвинетиот се огласува за виноев во изреката мора да се содржани сите елементи на кондеминаторна пресуда со која се бара осуда на тужениот на определео давање, чинење или трпење. Кога се работи за пресуда во која се донесува осудителна пресуда за стек на кривични дела тогаш во изреката се вцнесени сите казни одделно и единствената казна која му се изрекува. А доколку се донесе ослободителна пресуда во изреката се опипшува делото за кое лицето било обвинцето исто така се внесува и долуката за торошците во постапката и имотно правното барање доколку било предјавено.

- **Образложение** – е обвцрска на судот пресудата да биде образложена. Ако донесе осудителна пресуда обврска на судот е да ја образложи секоја точка од зреката и фактите што се докажани или недокажани, доказите од кои се утврдени фактите, поради кои причини се уважени предлозите на странките, околностите кои ги зел во предвид за решавање на делото и одмерувањето на казната. Во ослободителната пресуда судот е должен да ги наведе причините поради кои ја донесува ослободителната пресуда. По објавувањето на пресудата странките имаат право да се откажат од правото на жалба, со што преписот од пресудата му се доставува на странките доколку тие го побараат тоа. Доколку странките се имаат откажано од правото на жалба и доколку не бараат доставување на препис од пресудата тогаш во пресдата судот немора да наведе образложение.

Кога пресудата се изработува и при нејзиното пишување, можно е да се напараваат ненамерни и очигледни грешки како грешно име, број, назив, недостатоци во форма, грешка при сметање или несогласување на писмено изработената пресуда со извроникот. При ваков тип на грешки и по барање на странките, претседателот на советот со посебно решение ги исправа грешките кои се направени во писменото изработување на пресудата.[68]

6. Правни лекови

Универзално право на човекот и граѓанинот е правото на правен лек. Ова право е универзално од причини што во законодавствата во целиот свет е познато. Во нашата земја правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред сут се гарантира со член 15 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија. Доколку странките се незадоволни од донесената првостепена пресуда или постапка во која пресудата е донесена на незаконит начин или е неправилна имаат право на вложување правен лек.

Правни лекови се процесни дејствија со кои овластено лице може да ги оспорува одлуките донесени во казнената постапка- пресуди или решенија. Правните лекови се делат на две основни групи:

- **Редовни правни лекови** – овозможуваат одлагање на извршувањето на одлуката против која се изјавени, а во нашата казнена постапка како единствен правен лек е жалбата и
- **Вонредни правни лекови** – се поротив правосилни одлуки, а во нашиот систем тоа се: повторување на постапка, барање за вонредно преиспитување на правосилната пресуда и барање за заштита на законитоста.

Друга поделба на правните лекови е:

- **Суспензивни** – го долагаааат извршувањето на одлуката, овој тип на правни лекови се жалбите против пресуда

[68] Закон за кривична постапка, член 409 - Грешки во пресудата

- **Несуспензивни**

Следна поделба имаме правни лекови кои се делат на:

- **Деволутивни** – со овој тип на правни лекови по нивнот изјавување одлучува повисокот тело за одлуката која е оспорена

- **Ремонстративни –** со овој тип на правни лекови по жалбата одлучува органот кој ја донел одлуката.

6.1 Редовни правни лекови

Како редовен правне лек се јавува жалбата ба првостепениот суд и има суспензивно и деволутивно дејство, со овој правен лек како единствен во нашата кривична постапка се напаѓаат фактичките и правните повреди.[69]

Поднесувањето на жалба против првостепена пресуда е ограничено со рок од 15 дена, во скратените постапки рокот е 8 дена. За сложени дела рокот за жалба изнесува до 30 дена односно се продолжува уште се 15 дена, во пракса за по сложени дела се сметаат делата со организиран криминал или дела кои се сторени од повеќе лица.

Навремено поденсената жалба од овластен подносител го одлага извршувањето на пресудата и во тој случај имаме суспензивна жалба, а за деволутивната жалба секогаш одлучува повисок суд.

Субјекти кои мозат да поднесат жалба се странките, бранителот, законскиот застпаник на обвинението и оштетениот. [70]

По доставување на пресудата на обвинетиот во негова корист, но не и без негово одобрение може да поднесат жалба негов брачен другар, роднина по крв во прва линија, посвоител, сестра или хранител.

[69] Закон за кривична постапка, член 410 - Право на жалба и рок за поднесување
[70] Закон за кривична постапка, член 411 - Субјекти кои можат да поднесат жалба

Јавниот обвинител има специфична кривична положба, со тоа што тој може да изјави жалба и во корист и на штета на обвинетиот. Јавниот обвинител е должен да се грижи за законитоста и јавниот интерес за донесување на правилни одлуки во постапките.

Оштетениот има право да изјави жалба само во делот на трошоци на постапката и доколку има досудено имотно правно побарување. Приватниот тужител како областен тужител има право да поднесува жалба по сите законски основи.

Лицата на кои во постапката му бил одземен предмт,конфискуван имот или правните лица на кои му е одземена имотна корист или му е изречена мерка конфискација, имаат право на жалба само во поглед на мерката со која му се одзема предметот или конфискација на имотот.

Со изјава на странката дека не сака да го користи правото на жалба значи дека тој се одрекува од жалба[71], а тоа може да се сличи во следните случаеви:

- по доставувањето на пресудата
- пред доставување на пресудата кога претходно јавниот обвинител и странките се одрекеле од правото за жалба

Доколку со пресудата е изречена казна затвор, обвинетиот нема право на жалба. Откажувњето од жалба обвинетиот може да го направи со пропуштање на рокот за поднесувањето на жалбата, со откажување од изјавената жалба до донесување на одлука на второстепениот суд и може да се откаже од жалбата што ја изјавил негиовиот бранител во негова корист.

Тужителот и туженият може да се одречато д правото на ќалба од објавувањето на пресудата до истекот на рокот за жалба. Исто така моожат да скажат ии веќе изјавената жалба до донесувањето на одлуката од второстепениот суд. За да се откаже од веќе изјавената жалба тужетлот или оштетениот дава изјава пред судот каде се наоѓа предметот. Одрекувањето и откажувањето од жалба не може да се отповика.

[71] Закон за кривична постапка, член 412 - Одрекување и откажување од правото на жалба

Жалбата содржи[72] :

1) означување на пресудата против која се изјавува жалбата;

2) основ за побивање на пресудата;

3) образложение на жалбата;

4) предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или преиначи, и

5) потпис на лицето што изјавува жалба.

Со жалба пресудата може да се побива по следните основи[73]:

1) поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка,

2) поради погрешно утврдена фактичка состојба,

3) поради повреда на Кривичниот законик и

4) поради одлука за кривичните санкции, за одземање на имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотноправните барања, како и поради одлука за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата.

Суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка постојат кога[74]:

1) ако судот бил непрописно составен или ако во изрекувањето на пресудата учествувал судија или судија - поротник кој не учествувал на главната расправа или кој со правосилна одлука е изземен од судењето;

2) ако на главната расправа учествувал судија или судија - поротник[75] кој морал да се изземе ;

3) ако главната расправа е одржана без лице чие присуство на главната расправа е задолжително според законот;

4) ако спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа;

[72] Закон за кривична постапка, член 413 - Содржина на жалбата
[73] Закон за кривична постапка, член 414 – Жалбени основи
[74] Закон за кривична постапка, член 415 - Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка
[75] Закон за кривична постапка, член 33- Причини за изземање

5) кога се повредени прописите на кривичната постапка по прашањето дали постои обвинение од овластен тужител или предлог од оштетениот, односно одобрение од надлежниот орган;

6) кога пресудата ја донел суд кој поради стварната ненадлежност не можел да суди во тој предмет или ако судот неправилно го одбил обвинението поради стварна ненадлежност;

7) кога судот со својата пресуда не го решил наполно предметот на обвинението;

8) кога пресудата се заснова врз доказ врз кој според одредбите на овој закон не може да се заснова пресудата освен ако со оглед на другите докази е очигледно дека и без тој доказ би била донесена иста пресуда;

9) ако обвинението е пречекорено[76] (член 398 став (1));

10) ако со пресудата е повредена одредбата на членот 428 од овој закон;

11) ако пресудата е нејасна и противречна на самата себе или во неа не се наведени причините за решавачките факти или докази изведени на главната расправа, или

12) кога судот ги повредил одредбите за употреба на јазикот во постапката утврдена со овој закон.

Исто така суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка има и кога во текот на подготвувањето на расправата или во текот на главната расправа кога ја донесувал пресудата неправилно ја применил некоја одредба од кривичниот закон и истата влијаела врз законитото и правилно донесување на пресудата, како и ако се повредени правата на одбраната и истото влијаело врз законитоста и правилно донесување на пресуда.

Повреда на Кривичниот закон[77] имаме кога:

1) делото за кое се гони обвинетиот не е кривично дело;

2) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност;

[76] Закон за кривична постапка, член 398- Поврзаност на пресудата со обвинението (објективен и субјективен идентитет)
[77] Закон за кривична постапка, член 416 - Повреда на Кривичниот законик

3) има околности што го исклучуваат кривичното гонење, а особено ако настапила застареност на кривичното гонење или гонењето е исклучено поради амнестија или помилување или работата е веќе правосилно пресудена;

4) во однос на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени;

5) со одлуката за казната, за условната осуда или за судската опомена, односно со одлуката за мерката на безбедност, или за одземање на имотната корист е пречекорено овластувањето што го има судот според законот и

6) се повредени одредбите за засметување на притворот, како и на секое лишување од слобода во врска со кривичното дело и на издржаната казна

Основа на секоја пресуда е утврдување на фактичката состојба која се базира на фомралното и материјалното право, утврдената фактичка состојба произлегува од доказите кои се изведени на главната расправа. Решавачките факти во казнената постапка имаат довстрана природа, како прво е процес на аргументација во кој надлежните субјекти утврдуваат факти врз основа на законите па потоа се донесуваат заклучоци дали се вистините или невистинити. Како второ докажувањето претставува збир на дејствија на надлежните органи во постапката и другите порцени учесници. [78]

Од утврдувањето на процесноправните и материјално правнио релевантни факти зависи примената на низа казненоправни норми.

Во жалбената постапка постои начелото на преклузија, што значи постои можност за предлагање на нови докази во жалбата, само доколку страната која се жали докаже дека доказите кои сега ги приложуваат во текот на главната расправа не им биле достапни или не им биле познати.

[78] Закон за кривична постапка, член 417 - Погрешно утврдена фактичка состојба

Одлука за казна[79] – при оваа одлука најпрво се утврудa дали постојат околности кои се решавачки факти кои судот ги цени по нивното влијание врз видот и висината на казната.

Условна осуда и судска опомена – судот се раководи од законските одреби со кој се пропишани правила за одмерување на казна. Доколку се оцени дека судот непавилно ги ценел доказите за одредување на казна може да се жали на тој основ.

Одлука за мерката на безбедност или за одземање на имотната корист – доколку при изрекувањето на овие мерки не се пречекорени овласутавањата што судот ги имал според законот неможе да се спори првостепената пресуда.

Обајвување на пресуда – доколку од страна на тужителот е побарано да се обајви пресудата преку печат, радио , телевизија, а судот не ја објавил тогаш може да се жали по овој основ.

6.2 Постапка по жалба

Оваа постапка започнува пред судот што ја донел првостепената одлука, па пред доставување на предметот до второстепениот суд, по приемот на жалбата судот има обврска да превземе определени дејствија.

Со поделбата на обрските, постапката по жалба се дели на два дела:

- постапување и овластување на првостепениот суд
- постапување и овластување на второстепениот суд

Поднесувањето на жалбата се врши преку судот кој ја донел првостепената пресуда која сега е обжалена до второстепениот суд надлежен да олучува по жалбата, одно преку првостепениот суд до надлежниот апелационен суд.[80] Доколку станув збор за обжалена второстепена пресуда тогаш таа се поднесува преку апелационен суд до Врховниот суд на Р.Северна Македонија. Поднесувањето на жалбата треба да е во доволен бро примероци од кои ќе има за судот, за спротивната страна и за бранителот.

[79] Закон за кривична постапка, член 418- Одлука за казната, условна осуда и судска опомена, за мерката на безбедност или за одземање на имотната корист и објавување на пресудата
[80] Закон за кривична постапка, член 419 - Поднесување на жалба

По поденсувањето на жалбата првостепениот суд откако ке ја прими има обврска да ги провери околностите:

1. содржина на жалбата – се проверува дали жалбата ги содржи сите елементи кои се потребни
2. навременоста на жалбата – првостепениот суд ипитува дали жалбата е поднесена во навременеиот рок кој е определен со пресудата.
3. дозволеноста на жалбата – како последна насока во која првостепнеиот суд ја испитува жалбата е дали жалбата е поднесена од стран на овластено лице

Првостепениот суд по примањето на жалбата е должен да достави примерок до спротивната страна со цел остварување на начелото на контрадикторност. Во рок од 8 дена спротивната странка е должна да пондесе одговор на жалба, која се поднесува до првостепениот суд.

По приемот на одговорот на жалба или по истекот на рокот за поднесување на рокот за одговор на жалба, судот е должен заедно со жалбата и списите на предметот да ги достави до второстепениот суд.

По примањето на списите од првостепениот суд до второстепниот во рок од три дена се определува судија известител.[81] Доколку се работи за дело кое се гони по службена должност тогаш списите се доставуваат до јавниот обвинител во вишото јавно обвинителство. По што вишиот јавен обвинител во рок од 15 до 30 дена ги враќа списите назад во второстепенито суд. При враќањето на списисте вишиот јавен обвинител има право сам да одлучи дали по предметот кој е обжален ке достави до судот писмен предлог за неговиот став во врска со предметот и дали ке го приложи во текот на седницата на сооветот на второстепениот суд. Во практиката на дел од апелационите судови, писмените мислењеа на јавниот обвинители се доставуваат до обвинетиот и до неговиот бранител.

Вишиот јавен обвинител редовно се известува за седницата на советот, а бранителот и приватниот тужител се известуваат само доколку тоа го имаат наведено во жалбата или одговорот на жалба. Во случаите кога се работи за кривично дело во кое се изрекува казна затво над пет години, седницата на советот на второстепениот суд е јавна по барање на странките.

[81] Закон за кривична постапка, член 421 - Судија известител

По сопствена иницјатива судијата известил за да овозможи непречена работа на советот на второстепениот суд може да превземе по сопствена иницјатива процесни дејствија како што се:

- прибавување извесптај до првостепениот суд за повредите на одредбите на кривичната постапка, а по поднесеното барање првостепениот суд е должен во рок од 30 дена да одговори на барањето;
- ги проверува наводите кои се содржани во жалбата и новите докази и факти преку првостепениот суд или преку судија на претхоидна постапка, а тие се должни во рок од 30 дена да му одговорат на барањето;
- доколку се потребни извештаи и списи од други органи или правни лица истите ги прибавува и
- доколку утврди дека во списите се наоѓаат известувања и записници кои се издвоени од доказите биејќи врз нив не се зановаат судската одлука, ги доставува до првостепнениот суд пред одржувањето на седницата на второстепениот совет, а со цел претседателот на советот на првостепениот суд да ги издвои списите и по працосилноста на решението да му ги предаде на судијата на претходна постапка за да ги чува одвоени од останатите списи.

Седницата на советот[82] ја започнува судијата известител и усно ги известови членовите на советот за состојбата на конкретниот случај. Потоа подносителот на жалбата ја образложува поднесената жалба пред советот. По изнесувањто на жалбата следен добива збор спротивната страна која поднела одговор на жалба и во своето проинесување ги образложува наводите од одговорот на жалбата.

Овој ред ке се задржи и во случаи кога:

- странките се уредно повикани, а не се присутни

- обвинетиот не е присутен, бидејќи не го известил судот за промена на адреса или живеалиште

Седницата на советот е јавна, но може да биде и исклучена од јавноста согласно членовите 353[83], 354[84], 355[85] и 365[86]од Законот за кривична постапка. Во текот на седницата се води записник кој се приклучува кон списите на предметот.

Исто како првостепениот суд и второстепениот има право да ја провери дали жалбата е благовремена и поднесена од овластено лице.

[82] Закон за кривична постапка, член 422 - Седницата на советот
[83] Закон за кривична постапка, член 353 - Јавност на главната расправа
[84] Закон за кривична постапка, член 354 - Исклучување на јавноста
[85] Закон за кривична постапка, член 355 - На кого не се однесува исклучувањето на јавноста
[86] Закон за кривична постапка, член 356 - Одлука за исклучување на јавноста

Второстепениот суд за донесувањет на одлука одлучува на два начини:

- со одржување на седница или
- со одржување на расправа.

На седницата на советот може да се одлучи дека е потребно да се одржи расправа која се закажува најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на расправата. Одржување на расправа пред второстепениот се закажува доколку се утврди[87] :

- дека постои суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од членот 415[88] став (1) на овој закон кои според оценатa на советот може да се надмине со одржување на главна расправа или

- дека постои погрешно утврдена фактичка состојба во текот на првостепената постапка или кога новите факти и докази за првпат изнесени во жалбата се оценети како дозволени.

На расправата се повикуваат странките кои советот оценил дека е потребно да се присутни како: бранителот, странките и други учесници во постапакта. Текот на постапката е по истите одредби од главната расправа пред првостепениот суд. Во делот на доказната постапка странките се ограничени само на оние докази кои биле непознати и им биле недостапни. Одлуката на судот за ивездувањето на докази зависи од основите врз кои странката се повикала во жалбата која ја поднела.

Судијата известител ја започнува расправата со извештај за предметот и е должен да ја изложи состојбата на работите без да дава свое мислење за ставовите наведени во жалбата. Доколку е потребно може да се прочита пресудата која била донесена од првостепениот суд.[89]

Потоа добива збор поднесителот на жалбата, откако тој ќе заврши со своето излагање следна е спротивната страна. Во случај кога и двете странки имаат поднесено жалба, збор добива јавниот обвинител.

[87] Закон за кривична постапка,член 424 - Одржување расправа пред советот на второстепениот суд
[88] Закон за кривична постапка, член 415 - Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка
[89] Закон за кривична постапка, член 425 - Тек на расправата пред советот на второстепениот суд.

Зависно од резултатот од спроведената расправа, овластениот тужител има право да се откаже целосно или иделумно од обвинителниот акт или да го зимени обвинението во корист на обвинетиот.

Во зависно од резултатите од главната расправа на второстепениот суд , советот донесува пресуда. Пресудата се изработува во писмена форма, во рок предвиден со Законот за кривична постапка. Кога се работи за случај обвинетиот да е во пртивот во рок од 45 дена се доставува одлуката од страна на советот на второстепениот суд заедно со останатите списи од предметот.

Ипитувањето на првостепената пресуда е во одредени граници. Така што обжалената пресуда од страна на второстепениот суд е испитувана само во делот на побивањето со жалбата и воопшто не ги расшрава деловите од првостепената пресуда кои не се опфатени со жалбата.

Постојат случаеви кога второстепениот суде по службена должност ја испитува првостепената пресуда:

- дали постојат апсолутни суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка;

- дали главната расправа била одржана спротивно на Законот за кривична постапка односно без присуство на обвинетиот или отсуство на бранителот кога е задолжителна одбраната и

- дали на штета на обвнетиот е повреден кривичниот законик, без оглед на тоа кој ја изјавил жалбата.

Доколку во жалбата која е изјавена во корист на обвинетиот не се пропишани податоци за основот за побивање на пресудата и образложение на жалбата, второстепениот суд во тој случај ќе ги испитува повредите по кои е должен да внимава по службена должност, испитувањето на одлуката за казната, мерките на безбедност и пдземање на имотна корист.

Во жалбата изјавена во корист на обвинетиот без разлика од кого е изјавена, неможе да се преиначи првостепената пресуда на полошо. Ова е вака бидејќи жалбата која се изјавува во корист на обвинетиот неможе да му штети.

Со ова се задоволуваат начелото на двостепеност и правичност.

Жалбата има проширено дејство поради различните основи за нејзино изјавување. Кога имаме жалба изјавена само за погрешно утврдена фактичка состојба или повреда на кривичниот законик во корист на обвинението, судот ја цени и одлуката за кривичната санкција и одземање на имотно правната корист иако не се изјавени во жалбата. А доколку овие основи се наведени во жалбата тогаш таа нема проширено дејство.

Доколку со жалбеното барање второстепениот суд одлучи да донесе одлука во корист на обвинетиот, а соучесниците или дел од нив немаат поднесено жалба, судот ке смета дека и тие имаат изјавено жалба и одлуката во корист на обвинетиот ке биде од корист и за сообвинетите лица. Ова се нарекува привилегија на здружување, која може да постои не само во посгапката по жалба туку и во:

- постапка по жалба на пресудата од второстепениот суд;

- постапка која се воци по приговор против обвинителен акт;

Исто така привилегијата на здружување ја има и во вонредните правни лекови:

- повтороување на кривична постапка;

- барањето за заштита на законитоста и

- барањето за вонредно преиспитување на правосилната пресуда

Второстепениот суд како одлуки по жалба може да ги донесе следните:

1. со решение да ја отфрли жалбата како ненавремена[90]
2. со решение да ја отфрли жалбата како недозволена[91]
3. со пресуда да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената пресуда[92]
4. со пресуда да ја преиначи првостепената пресуда[93]

[90] Закон за кривична постапка, член 432 - Отфрлање на жалбата како ненавремена
[91] Закон за кривична постапка, член 433 – Отфрлање на жалбата како недозволена
[92] Закон за кривична постапка, член 434 – Одбивање на жалбата како неоснована

5. со решение да ја преиначи пресудата и да изрече судска опомена[94]
6. со решение да ја укина провстепената пресуда и да го врасти предметот на првостепено одлучување[95]
7. со решение да ја укине првостепената пересуда и ќе нареди одржување расправа[96]

Во случај кога повеќе овластени субјекти поднесуваат жалба против иста пресуда, второстепениот суд за сите жалба одлучува со една одлука, од одлуката ќе бидат опфатени сите изјавени жалби со тоа што секоја ќе биде одлучена засебно на пример: може да биде една отфрлена, друга прифатена целосно или делумно, пресдуата во дел или целосно да биде потврдена, преиначена, укината и сл.

За донесената одлука второстепениот суд е должен да даде образложение кое мора да содржи два елементи:

1. оцена на советот на второстепениот суд на изнесените жалбени наводи во различните субјекти што ги поднеле и
2. Да биде наведено кои од повреди второстепениот суд ги ценел по службена должност[97]

Доставување на жалба по истекување на рокот се смета за ненавремена и судот ја отфрла со решение кое го донесува советот на второстепениот суд.

Отрфлање на жалбата како недозволена се случува кога: жалбата е поднесена од неовластено лице, жалбата е поднесена од лице кое се одрекло од правото на жалба или од лице кое се откажало и повторно изјавило жалба и доколку според законот не е дозволена жалба. Во ваквите случаеви второстепениот суд на совет со решение ја отфрла жалбата како недозволена.

Одбивањето на жалбата како неоснована второстепениот суд го одлучува на седница по одржана расправа кога основите во жалбеното барање не се сметаат за

[93] Закон за кривична постапка, член 435 –Преиначување на пресуда
[94] Закон за кривична постапка, член 435 – Преиначување на пресуда
[95] Закон за кривична постапка, член 436 – Укинување поради суштествено повреди
[96] Закон за кривична постапка, член 437 – Укинување на првостепена пресуда и одржување расправа
[97] Закон за кривична постапка, член 427 - Граници на испитување на првостепената пресуда и член 429 - Проширено дејство на жалбата

основани, по што со пресуда од второстепениот суд се потврдува обжалената пресуда на првостепениот суд.

Со одлука во форма на пресуда кога второстепениот суд ќе одлучи дека првостепениот суд ја има утврдено правило фактичката состојба, но не го применил правилно законот со што се добива можност пресудата да биде преиначена во делот на правната квалификација или во односот на кривичната санкција.

Преиначување се прави и кога:

- советот на второстепениот суд ќе оцени дека жалбените основи се основани и жалбата е уважена како основана во целост или делумно;

- по испитувањето на тужбата по службена должност ќе се утврди дека прави правилна примена на законот пресудата треба да е преиначена;

- кога советот на второстепениот суд ќе одлучи дека првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка и тоа во три случаи:

- дали постои обвинение од овластен тужител или предлог од оштетениот ;
- со пречекорување на обвинението е повреден субјективниот или објективниот идентитет и
- ако со пресудата е повредена забраната за менување на полошо

Преиначување на првостепената пресуда, советот на второстепениот суд ќе донесе со одлука во форма на решение во случај кога ќе оцени дека жалбените основи или по службена должност ги исполнуваат законските услови за да се изрече алтернативна мерка судска опомена.

Со стекнување на услови за преиначување на првостепена пресуда со која е изречен притвор. Второстепениот судот може да го укине притворот, со донесување на посебно решение против кое не е дозволена жалба. Укинувањето на мерката пртивор се исполнети кога второстепениот суд ја преиначува првостепената пресуда и донесува една од следните одлуки:

- ќе изрече ослободителна пресуда;

- ќе изрече одбивателна пресуда;

- поради преиначување на првостепената пресуда во делот на кривичната санкција и засметувањето на притворот ќе се произлезе дека обвинетиот веќе ја издржал казната затвор;

- кога обвинетиот ќе биде прогласен за виновен, но ослобден од казна поради постоење на основи од кривичниот законик;

- ако на обвинителот му се изрече алтернативна мерка или

- ако обвинението е одбиено

При утврдување на суштествена повреда, второтепениот суд ја укинува првостепената пресуда со решение и предмето повторно го враќа на судење кај прводтепениот суд. Дали во жалбеното барање биле наведени основи кои се основани или не за да се укине пресудата и врати на повторно одлучување не е важно бидејќи советот по службена должност при испитувањето на пресудата оценил дека е сторена суштествена повреда на одреите од кривичната постапка.

Зависно од сторените суштествени повреди, советот на второстепениот суд може да нареди одржување на нова главна расправа во првостепениот суд со променет совет. При донесувањето на васква одредба советот на второстепениот суд е должен да ја овразложи истата и да ги наведе причините кои ја поткрепуваат ова одлука за измена на судскиот совет.

Должност на второстепениот суд при укинувањето на пресудата е да ги наведе и образложи, кои се и од што се состојат одредбите кои се повредени и да даде упатства по кои ќе треба да постапува првостепениот суд при повторно судење.

Со донесувањето на решение за првостепена пресуда, второстепениот суд е должен да испита дали сеуште постојат причини за мерка притвор по што донесува посебно решение дали притворот ке се укине или ке се продолжи. По ова решение не е дозволена жалба.

Второстепениот суд ако оцени дека постојат суштествени повреди на кривичната постака кој се надминуваат со одржување на расправа, кога оценува дека првостепениот суд погрешно ја има утврдено фактичката состојба или новите факти и докази кои се изнесени по прв пат во жалбата се оценети како дозволени тогаш второстепниот суд ја укинува првостепената пресуда и одржува расправа.

Првостепената пресуда може да се укине целосно или само дел од неа, доколку тој дел може да се издвои без штета за правилно пресудување. Со делумно укинување расправата се одржува амо за делот кој е укинат со решението.

Доколку пресудата кој е обжалена претходно еднаш била укината, тогаш второстешениот суд одржува расправа и мериторно одлучува по предметот со цел да се одбегне неразумно траење н постапката.

Откако ќе донесе одлука второстепениот суд, списите од предметот заедно со својата одлука е должен да ги врати на првостепениот суд. Второстепениот суд при достава е должен:

- второстепената одлука да достави до првостепениот суд во доволен број примероци за да се достави до странките и другите учесници и

- доколку обвинетиот се наоѓа во притвор доставувањето на одлуката треба да биде во рок од 45 дена или во продолжен рок од 60 дена во посложени случаи

6.3 Жалба на пресуда на второстепениот суд

Жалба против пресудата на второстепениот суд е дозволена до судот од трет степен што може да одлучува во следните случаеви[98]:

1) второстепениот суд изрекол казна доживотен затвор, или ако ја потврдил пресудата на првостепениот суд со која е изречена таква казна;

2) второстепениот суд донел пресуда врз основа на одржаната расправа и

3) второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот е ослободен од обвинението и изрекол пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен.

[98] Закон за кривична постапка, член 349- Дозволеност на жалба

Против жалбата на второстепениот суд одлучува Врховниот суд на РСМ како суд од трет степен. При одлучувањето се применуваат одредбит од законот за кривична постапка што важат и во постапката на второстепениот суд. Пред третостепенеиот суд не може да се одржува расрпава. Поднесувањето на жалбата е преку првостепениот суд до втростоепниот, па од второстепениот до третостепениот суд. По жалбата третотепениот суд одлучува на сеница која е состевена од совет од 5 судии.

Олдучувањето на третостепениот суд е по одлуката на првостепениот суд. Третостепениот суд може да ја укине одлуката на второстепениот суд, а потоа може да ја укине или преиначи одлуката и на првостепениот суд.

Врховниот суд е надлежен да одлучува и согласно Законот за правда на децата.

6.4 Жалба на решение

Решениата од прв степен донесени од страна на судијата на претходна постапка или против други решениа на судот, може да изјават жалба странките и останатите лица кои се опфатени со решението а нивните прав се повредени. Во случај кога со закон е определно дека не е дозволена жалба проти решението тогаш неможе да се ијзави жалба.

Решениата донесени од страна на кривичниот совет од чл. 25 ст. 5[99] во текот на претходната постапка не е дозволено право на жалба. Во текот на предистражната и истражната постапка кривилниот совет одлучува во втор степен против решенијата или жалбите изјавени од страна на судијата на претходната постапка. Исклучок во овој дел има во одлучувањето против решениета од прв степен каде се определува мерка притвор.

[99] Закон за кривична постапка, член 25, став 5- Првостепените судови, во совет составен од тројца судии, одлучуваат за жалби против одлуките на судијата на претходна постапка и против други решенија кога тоа е определено со овој закон, донесуваат одлуки во прв степен надвор од главната расправа, донесуваат пресуда според одредбите за извршување на странска кривична пресуда утврдени со посебен закон и стават предлози во случаите предвидени во овој или во друг закон.

Кога нема предвидено право на жалба поритив решение, тогаш тоа може да се побива со жалбата кој е изјасвена портив првостепената пресуда. Во овој случај се решенијата кои се донесувата во текот на подготвувањето на главната расправа.[100]

Поднесувањето на жалба против решенето се прави преку судот кој го донел решението и одлучувал во прв степен. Во случај ако жалбата е ненавремена или недозволена судот со решение ќе ја отфрли.

Рокот за поднесување на жалба против решение изнесува три дена од приемот на решението.

Поднесената жалба против решението има сузпензивно дејство односно го одлага извршувањето на решението, доколку со закон не е поинаку определено. Одлагањето на решението настанува кога ќе измине рокот за поднесување на жалба. Во случај кога не е изјавена жалба тогаш решението е правосилно и извршно исто така и кога жалбата се отфрла како ненавремена и недозволена решението е правосилно.

Во случај кога во решението е наведно дека жалбата не го одлага извршувањето на решението, тие решеиа стапуваат на сила од моментато на нивното донесување. Овој вид на решенија го имаме во: решението за казнување на лицето кое ќе одбие да ги предаде предметит што треба привремено да одземат, жалба против решение на советот за продолжување на притвор, привремено одземање на компјутерски податоци, решение со кое обвинетиот ќе се испрати на посматрање во соодветна здраствена установа, решение со судење во отсуство, привремени мерки во согласност со одредбите за привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, забрана за вршење на определена дејност или на сите дејности на правното лице до завршување на постапката и забрана за статусни промени.

Како надлежен орган за одлучување по жалба против решението на првостепениот суд е второстепениот суд, кој одлучува на седница на советот, доколку со закон не е поинаку определено.[101] Постои сиклучок од ова за рашенијата кои ги носи судијата на претходна постака за кои одлучува кривичниот совето составен од трујца судии.

[100] Закон за кривична постапка, член 440, Дозволнесот на жалба против решение
[101] Закон за кривична постапка, член 443 – Надлежен орган за одлучување на жалбата

Судот при решавањето по жалбата може да ги донесе следните одлуки:

- да ја отрфли жалбата по два основи:

  - доколку е ненавремена жалбата значи дека е поднесена по истекот на законскиот рок кој е предвиден за да се поднесе жалбата или
  - доколку е недозволена односно е изјавена од страна на лице кое не еовластено за да поднесе жалба или лице кое се одрекло од правото на жалба или лице кое по откажувањето од жалбата повторно изјави жалба и ако со закон не е определено изјвавување на жалба против решението.

- судот може да ја уважи жалбата и да одлучи мериторно, решението да го преиначи или укине и по потреба предметот да го врати на повторно одлучување со применување на одредбите за жалба на пресуда;

- судот може да ја одбие жалбата како неоснована;

Кога одлучува по жалба судот треба да води сметка за забраната на преиначување на решението на полошо и за принципот за привилефија на здружување.

6.5. Вонредни правни лекови

Поднесувањето на вонредни правни лекови портив правосилни судски одлуки е со цел изменување на материјалната правосилност на донесената пресуда. Со вонредните правни лекови се создава можност да се отстраната незаконитостите кои можат да се воочат откако пресудата ќе стане правосилна. Вонредните правни лекови придонесуваат да се донесе законита и правилна судска одлука, со шти оттука се побива максимата дека секоја пресудена работа е вистина и дека правосиланта судска одлука неможе да се промени. Вонредните правни лекови можат да се поднесат само во ситуации кои водат до значителна промена на правосилната судска одлука. Доколку основот по кој е поднесен вонреден правен лек не е основан и неможе да ја измени правосилната судска пресуда или решение, судот кој ја има надлежноста за одлучување го одбива како неоснован.

Основни карактеристики на вонредните правни лекови се:

- несуспензивноста односно не ја одлужува шравосулноста и деволутивноста на пресудата;

- деволутивноста односно за жалбата одлучува друг повисок орган, а не оној кој го решил предметот во прв степен;

- непотполност односно вонредните правни лекови имаат различна природа и некои од нив се поднесуваат за фактички и за правни прашања, а други само за правни прашања;

- временски неограничени освен за барање за повторување на постапка на лице кое било осудено во отсуство една гоина по дознавање на лицето за пресудата или барање за вонредно преиспитување на правосилната пресуда најдоцна во рок од 30 дена и

- привилегија на здружување е особено изразено кај барањето за заштита на законитоста и соодветно кај барањето за вонредно преиспитување на правосилната одлука.

При услови за поднесување на два вонредни правни лека како што се заштита на законитоста и повторување на постпаката, најдобро е да се искористи оној правен лек со кој може да се измени поголем дел на пресудата.

6.6 Повторување на кривичната постапка

По барање од овластено лице да се повтори кривичната ппостапка која е завршена со правосилно решение или правосилна пресуда може истота да се повтори во случај и со услови кои се предвидени со Законот за кривична постапка[102].

- **Карактеристики** на повторувањето на кривичната постака е што тоа е вонреден, несуспензивен и недеволутивен правен лек со кој се побива правосилна судска одлука. Правосилните пресуди и решениа се судски одлуки за кои може да се бара повторување на судска постапка. Доколку се работи за извршување и признавање на странска кривична пресуда пред

[102] Закон за кривична постапка, член 446 – Повторување на кривичната постапка

домашен суд, можност за поднесување на барање за повторување на постапка.

- **Основи** за да се повтори кривичната постапка треба да се бара поради фактички прашања, но не и поради повреда на одредби од метеријален или процесен закон. Вонредните правни лекови имаат за цел да ја корегираат неправилно донесената судска одлука која може да биде во корист и на штета на осуденият. Повторување на кривичната постапка што е на штета на осуденият се дозволува само додека осуденото лице е живо.
- **Субјекти** кои можат да поднеста барање за повторување на постапката се странките и бранителот, по смртта на осуденият го поднесува јавниот обивнител доколку постапка се водела по негово барање или лица кои му биле блиски на починатото лице.
- **Целта** на повторувањето на постапката е правосилно осудено лице да биде ослободено, да му се суди по поблаг закон или повторно да се испита правосилната пресуда.
- **Рокот** за поднесување на барање за повторување на постапка зависи од повќе околности:

  - дали пресудата била донесена во отсуство

  - дали барањето се поденсува додека е осуденият жив или по неговата смрт

  - застареност на кривичното гонење и слично

- **Две фази на одлучување** се пропишани со одредбите за повторување на постапката тоа се:

  - фаза кога светот одлучува за основаноста на барањето за повторување на постапка и

  - фаза на повторување на кривичната постапка, при што надлежниот суд во повторената постапка не е врзан за решенијата донесени во поранешната постапка.

Без да се повтори кривичната постапка може да се преиначи доколку:

1) во две или повеќе пресуди против истиот осуден правосилно се изречени повеќе казни, а не се применети одредбите за одмерување на единствена казна за дела во стек;

2) при изрекувањето на единствена казна со примена на одредбите за стек е земена како утврдена казната што е веќе опфатена во казната изречена според одредбите за стек во некоја поранешна пресуда;

3) кога по правосилноста на пресудата ќе се јават околности што ги немало кога се изрекувала пресудата или не биле познати иако постоеле, а тие очигледно би довеле до поблага осуда;

4) правосилната пресуда со која за повеќе кривични дела е изречена единствена казна не би можела да се изврши во еден дел поради амнестија, помилување или од други причини и

5) по правосилната пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен за продолжено кривично дело се појават нови оштетени лица, првостепениот суд ќе ја преиначи пресудата во делот за имотноправното барање, а постапката се поведува по предлог на оштетените во рок од три месеци од денот на дознавањето на пресудата.

Продолжување на кривичната постапка може да бара овластениот тужител кога постапката завршила во полза на обвинетиот, со што е потребно да приложи нови докази врз основа на кои ќе се увери судот дека се стекнати услови за повторно поведување на кривична постапка.

Запирањето на кривичната постака до почетокот на главната расправа поради откажување од гонење на јавниот обвинител може да се продолжи доколку јавниот оввинител со правосилна пресуда се докаже дека бил огласен за виновен поради откажување на гонење.

Повторување на кривичната постапка во корист на осудениот може да се случи во следните случаи:[103]

[103] Закон за кривична постапка, член 449 – Повгторување на постапка во корист на осудениот

1) се докаже дека пресудата е заснована врз лажна исправа, визуелно-тонска снимка или врз лажен исказ на сведокот, вештакот, толкувачот или преведувачот, односно толкувачот;

2) се докаже дека до пресудата дошло поради кривично дело на судијата, на судијата - поротник или на лице кое ги вршело истражните дејствија;

3) се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што самите за себе или во врска со поранешните докази се подобни да причинат ослободување на лицето кое било осудено или негова осуда според поблаг кривичен закон;

4) на некое лице за исто дело повеќе пати му е судено или ако повеќе лица се осудени поради исто дело што можело да го стори само едно лице или некои од нив;

5) во случај на осуда за продолжено кривично дело или за друго кривично дело што според законот опфаќа повеќе истовидни или повеќе разновидни дејствија се изнесат нови факти или се поднесат нови докази што укажуваат дека осуденият не го сторил дејствието што е опфатено со делото од осудата, а постоењето на овие факти би било од суштествено влијание врз одмерување на казната и

6) со правосилна одлука на Европскиот суд за човековите права се утврди повреда на човековите права и основни слободи во текот на постапката.

Повторувањето на кривичната постапка на штета на осуденият може да се случи само во случаи кога пресудата со која се одбива е донесена поради стварна ненадлежност на судот, а пред надлежен суд од страна на јавниот обвинител, веќе е покрената постапка и е побарано повторување на постапката.

Овластени лица кои можат да поднеат барање за повторување на постапка се:

- странките – осуденият, јавниот обвинител и приватниот тужител;

- јавниот обвинител – ако осуденият е починат, а тој постапката е по негово барање;

- блиски лица на осуденият доколку тој е починат.

Кривичниот закон овозможува повторување на постапката и откако осуденият веќе ја издржал казната, без оглед на застареноста, амнестијата или помилување.

При можност за повторување на кривичната постапка судот е должен да го извести осуденият или неговите блиски. Бидејќи тие се овластени лица за поднесување на барање за повторување на постапката.

Надлежен за одлучувањ по барањето за повторување на кривична постапка е советот кој ја донел првостепената пресуда.

Барањето за повторување на кривичната постапка мора да содржи два елементи:

- законската основа по која се бара повторвуање на постапка и

- доказите во поткрепа на фактите врз кои се заснова барањето.

Отфрлање на барањето без навлегување во материјална оцена ќе се случи доколку:

- барањето го поднело неовластено лице

- нема законски услови за повторување на постапката,

- фактите и доказите врз кои се заснова барањето веќе биле изнесени во поранешното барање за повторување на постапката што е одбиено со правосилно решение на судот,

- фактите и доказите очигледно не се подобни врз основа на нив да се дозволи повторување или утврди дека станува збор за лажна исправа или лажен исказ на сведокот или вештакот

Совет може да го уважи барањето за повторување на постапката или да го одбие барањето.

За сообвинетите кои не поднеле барање за повтрување на постапката, а судот утврди дека постојат причини за повторување на постапка ќе постапи по службена должност исто како да имаат поднесено барање.

Со решението за повторување на постапката, советот ќе одлучи во кои стадиуми ќе се врати постапката дали веднаш ќе опредедли нова главна расправа или пердметот ќе го врати во истражна постапка.

Со поднесените докази за повторување на постапакта,судот може да одлучи извршувањето на казната на обвинетиот да се прекине до завршувањето на повтрувањето на постапката доколку советот оцени дека:

- во повторената постапка осуденият може да бие осуден на казна која со заметување на веќе издржаната казна би се пушитл на слобода;
- може да се ослободи од обвинението или
- обвинението да биде одбиено.

Решениот за повторување на постапката по правосилноста, го запира извршувањето на казната, но јавниот обвинител може да даде предлог до судот со кој ќе се определи притвор доколку се исполнети следните услови:[104]

1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;

2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;

3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или

4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата.

Спорведување на нова постапка е втора фаза од вонредните правни лекови. Новата постапка се води според истите одредби кои важеле и за првата постапка. Со решението од поранешната постака судот во новата постака не е врзан.

[104] Закон за кривична постапка, член 165- Основи за определување притвор

Доколку судот во новата постапка го запира почетокот на главната расправа со решение за запирање на постаката, ја укинува и поранешната пресуда.

Со завршувањето на повторувањето на постапката судот донесува пресуда со која одлучува за претходната пресуда со решение донесено на неколку начини:

- ќе ја стави целосно или делумно вон сила;
- ќе ја стави во сила или
- ако повтрувањето е дозволено само за некое од повеќето кривични дела содржани во поранешната пресуда, судот ги зема претходно изречените казни како утврдени и изрекува една казна според одредбите на КЗ.

На лице кое му се судело во отсуство, а сега настанала можност за повторување на постапка и судење во негово присуство со поденсување на барање во рок од 1 година од страна на осуденото лице или неговиот бранител ќе се повтори постапката. Бијќи основно право на обвинетиот според ЕКЧП е да му се суди на обвинетиот во негово присуство во контрадикторна постапка.

Кога се работи за постапка за екстрадација, независно од роковите дали се истечени судот дозволува повторување на постапката бидејќи нашата држава има потпишано меѓуанродни документи кои се поврзани со екстрадицијата и дозволувааат повтрување на постапката во вакви случаи. Повторувањето на екстрадирано лице се дозволува:

- против лицето осудено во остуство е во тек постапка за негова екстрадација и
- државата во која се наоѓа лицето бара гаранции дека на лицето ќе му се дозволи право на повторно судење во негово присуство.

И двата горенаведени услови мора да се кумулативно исполнети за да се примени членот од законот.

Во практиката, лицето на кое му се суди во отсуство немаат доставено обвинение бидејќи неможе да се пронајдат, па затоа со решението за дозволување на повторување на постапката му се доставува обвинителниот акт и судот може да оцени да го врати преметот во состојба на истражна постапка во случај кога таа не била спроведена претходно.

Повторувањето на постапката на лице на кое му се судело во отсуство не е апсолутно, бидејќи судот нема да дозволи повтроување на постапакта на лице на кое

веќе еднаш му било дозволено повтрување на постапка поради судење во присуство, но во текот на повторената постапка лицето повторно станало недостапно за органите на прогонот.

6.7 Барање за заштита на законитоста

Основи за поднесување на на барање за заштита на законитоста се[105] :

- барање за заштита на законитоста доколку е повреден Уставот на РСМ ;

- барање за заштита на законот или меѓународен договор, ратификуван согласно Уставот на Република Македонија

Барањето за заштита на законитост претставува вонреден, несуспензивен и деволутивен правен лек со кој Јавниот обвинител ги напаѓа судските одлуки доколку со нив е повреден Уставот, Законот, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот. Повреда на законот значи повреда на материјалниот и процесниот закон.

Овластен орган за поднесување на барање за заштита на законитоста е државиот Јавен обвинител како државен орган со надлежност за заштита на законитоста. Странките, заинтересираните лица, пониските јавни обвинители го известуваат државниот Јавен обвинител и до него поднесуваат иницијатива за поднесување на барање за заштита на законитоста. Државниот Јавен обвинител само одлучува дали ќе поднесе барање. Одлуката за неприфаќање на иницјативата за поднесување на барање државниот Јавен обвинител ја доставува во форма на известување.

Надлежен суд за заштита на законитоста е ВСРМ, својата одлука ја донесува на седница на совет, кој е составен од петмина судии.

Јавниот обвинител може да го повлече барањето за заштита на законитоста, а судот со решение го отфрла барањето. При утврдување на судот дека не постпи повреда на законот, со пресуа го отфрла барањето за заштита.

[105] Закон за кривична постапка, член 457 – Основи за поднесување

V. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Разлики меѓу новиот и стариот Закон за кривична постапка

Нов ЗКП	Стар ЗКП
Модернизирана акузаторна постапка со стандардите на земјите членки во ЕУ.	**Мешовита кривична постапка, со нагласени инквизиторни елементи**
Јавно обвинителска истрага	**Службена судска истрага**
Акузаторност	**Инквизиторско начело**
Непосредност и контрадикторност при изведување на доказите	**Двојно изведување на докази**
Продлабочена примена на владеење на правото и обозможување на брз и еднаков правичен пристап на граѓаните до правдата, со почитување на основните човекови права, слободи и пресумпција на невиноста.	**Напуштање на судскиот патернализам во текот на истрагата, осовено на главниот претрес.**
Активна улога на странките во прибавувањето на доказите и нивно предлагање и презентирање пред судот на главната расправа.	**Судската истрага прејудицираше и пресуда.Судечкиот совето располага со сите докази од истражниот судија, со што се доведува до целосо оформен став за фактичката стостојба и кривична одговорност на обвинетиот пред судот, а пред воопшто да биде започната главната расправа.**
Обврска за прибавување на доказите е обврска на јавниот обвинител кој ги има на располагање сите надлежни институции, со што се зголемува објективноста на истрагата.	**Обврска на истражниот судија да превзема дејствија за водење на истражната постапка.**
Судија на претходна постапка	**Неефикасна судска истрага**

Можност за спогодување на осомничениот и јавниот обвинител во фаза на истрага.	
Не постои задолжително испитување на обвинението од страна на судот и контрола на неговата основаност, единствено право на обвинетиот е приговор против обвинителниот акт.	**Филтрација на посгинатото обвинение, задолжителна судска контрола на процесуираното обвинение-судија за оцена на обвинителен акт**
Секоја страна може да да креира сопствена теорија на случај и на главата расправа да ја презентира и соодветно потркрепи со докази. Со што судијата е пасивен следач кој само го задржува редот на гланата расправа со што се придонесува судот да биде непристрасен и објекривен при донесувањето на одлуката	**Измена на редоследот на изведување на доказите. Судијата веќе однапред ги има доказите и ја има сликата за фактичката состојва и кривичаната санкција.**

VI. КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ТЕКОТ НА КРИИВЧНАТА ПОСТАПКА

1.Компаративна анализа помеѓу Македонскиот закон за казнено законодавство со Француското и Германското законодавство

- Основните казненоправни постулати врз кои се базира КЗМ и кривичната постапка се: казнено-правна филозофија на либералното казнено право, казнено право на правната држава и примат на индивидуалните права и слободи на човекот, сообразување на казненото право со новиот систем на вредности, востановување на рационален и ефикасен казненоправен систем за сузбивање и превенција на криминалот, усогласување со европското казнено право, следење и имплементација на меѓународните обврски на Република Македонија итн.

- Основна одлика на реформата на кривичната постапка во Република Македонија е целосно напуштање на судскиот патернализам заснован врз традиционалните сфаќања дека судот може да ја утврди материјалната вистина и верувањето дека во таа функција ќе биде успешен и непристрасен, а притоа ќе води сметка како за интересот на државата за ефикасност, така и за правата на обвинетиот. Постапката станува странечка, со нагласена улога на процедуралната правичност и начелото на контрадикторност на главната расправа. На тој начин, со новиот ЗКП во целост се менува концептот на една во суштина инквизиторна постапка дизајнирана како службена истрага на судот. Таквата кривична постапка беше долга и скапа, а судот оптоварен со обврската целосно да го расчисти случајот објективно не беше позицијата на непристрасен одлучувач. Се работи за коренита измена на основните постулати врз кои е изградена постојната постапка од т.н. „мешовит“ тип, што подразбира сосема нови цели на фазите на постапката и улогата на главните актер и во истата. Затоа, битно е да се разбере дека новиот систем е многу повеќе од едноставна замена на судската истрага со обвинителска. Напуштањето на судската истрага е една од главните точки на реформата.. Ако предоминантна цел на истрагата навистина е собирање на докази заради донесување на одлука дали обвинителот ќе подигне обвинение, тогаш не е логично доказите за ова на јавниот обвинител да му ги собира истражниот судија. Со тоа постапката значително се забрзува, што воедно им одговара и на органите на прогонот и на осомничениот. Имено, со ова бројот на

„работни станици“ во претходната постапка се редуцира од четири или повеќе на две. Имено, наместо по предметот најпрвин да работи (I) полицијата, потоа (II) обвинителството, па (III) истражниот судија, за (IV) на крајот повторно предметот да се врати на јавниот обвинител (кој може да бара и дополнување на истрагата (V), сега случајот од полицијата или друг пријавувач на кривичното дело се префрла само до јавното обвинителство, а со неговото рано вклучување во постапката се прави обид овие да се спојат во една единствена работна станица во која јавното обвинителство ќе ја раководи или насочува правосудната полиција. Сведувањето на судот на контролор на законитоста и гарант на слободите и правата наместо активен истражувач, на судот му овозможува непристрасно да може да одлучува за притворот, посебните истражни мерки, претресите и сите останати зафаќања во слободите и правата. Без обврска самиот активно да го истражува случајот, оваа заштитна функција судијата на претходната постапка подобро ќе ја одигра отколку што тоа сега го прави истражниот судија оптоварен со истражното начело и обврската да го расчисти случајот.

– По сугестија на речиси сите странски експерти кои учествуваа во подготвувањето на законот, во комисијата за изработка на новиот ЗКП преовлада ставот обвинетиот воопшто и да не се известува за фактот дека против него е поведена истражна постапка, освен, се разбира, кога тој ќе се повика на разговор, ќе се претресе и сл. Тоа е без сомнение поповолно за обвинителството од едноставна причина што можноста истрагата да се осуети од страна на осомничените така ќе биде многу помала. Сепак, ова одбраната може да ја хендикепира, иако не треба да се заборави дека ваквото решение има и свои предности за осомничените: така, можно е да се вознемируваат граѓани кои можеби никогаш и нема да бидат под обвинение; помала е веројатноста да бидат ставени во притвор (што во случај на нивно информирање за тоа дека се под истрага може да се случи заради стравувањето дека ќе побегнат или ќе влијаат врз текот на постапката со криење или уништување на доказите итн.) и сл. Една од главните причини за напуштање на истражниот судија е тоа што тој се покажа како неефикасен и во двете улоги: во суштина не собираше многу нови докази, различни од оние што претходно веќе ги собрале органите на откривање и гонење, ниту пак ефикасно ги штитеше правата и слободите на поединецот.

Навистина, фиксирањето на доказите со нивно валидно изведување уште во истрагата обезбедува судењето побргу да се одвива, а се намалува и ризикот исказите дадени во истрагата да се ускратат или променат на судењето, на што се гледа како важно за обезбедување осуда на криминалците. Но, токму ова последното е особено контроверзно, бидејќи судската истрага со изведувањето на доказите уште во истрагата претставува своевидно „судење пред судењето“, и со тоа неспорно битно влијае врз крајниот исход на постапката. Главната расправа и воопшто концептот на фер судење пред непристрасен суд со тоа губи на своето значење, бидејќи речиси сите искази од истрагата полноважно се користеа како основ за пресудата (судиите по правило ги ценат дури и како поверодостојни!) Од овие причини, истражната постапка сега битно се деформализира - доказите не се изведуваат, туку само се собираат, а за прв пат се изведуваат на главната расправа (како сега е преименуван главниот претрес), освен во посебно определени случаи каде што може да се организира посебно доказно рочиште (тогаш кога се очекува дека сведокот нема да може да учествува на главната расправа или кога постојат конкретни околности кои укажуваат дека тој е изложен на насилство, закана, ветување на корист за да не сведочи или лажно да сведочи). Со тоа претходната постапка значително се забрзува, а се нагласува и значењето на главната расправа како централен дел на кривичната постапка каде што доказите се тестираат во јавна и контрадикторна расправа, што е есенцијално за едно правично судење. Со ова новата македонска казнена постапка се приклонува кон модерните демократски казнени процедури кои правично ги балансираат интересите на државата за ефикасен казнен прогон, со правото на обвинетиот на фер судење. Така, претходната постапка повеќе нема да биде „судење пред судење“. Во смисла на ова, правилата за докажување не се исцрпно регулирани во истрагата, а доказните средства се извлекуваат во посебна Глава и се обработуваат во посебна Глава. Законот има поинаков концепт на истражните дејствија од постојниот ЗКП, бидејќи доследно имплементирање на појдовниот концепт не подразбира сослушување или испитување на осомничените и сведоците во смисла на изведување на доказите.

– Постапката започнува со откривањето и првичните проверки на полицијата и другите државни органи со слични овластувања. Законот со разликата на овие (под)фази на истрагата предвидува кога таа првична полициска истрага мора

помине во обвинителска, или со други зборови кога јавниот обвинител мора активно да се вклучи во случајот. Ова не е без значење, особено ако се има предвид дека германската и многу други кривични постапки боледуваат токму од дискрепанцата во законите и теоријата кои налагаат раководна улога на обвинителството наспроти практиката обвинителот да е пасивен, работи канцелариски и најчесто се држи настрана сè до крајот на истрагата. Јавниот обвинител во реформираната истрага бездруго не треба да го прави истото што досега го правеше истражниот судија. Имено, полициската и обвинителската истрага во новиот систем се надополнуваат и фузионираат, а судската истрага практично се прескокнува, а не се заменува со некаква нова (формална) обвинителска истрага. Тоа значи дека полициските извиди во смисла на откривање, собирање и првична проверка на доказите си остануваат. Откако случајот ќе се предаде на јавниот обвинител, наместо тој да прави површни проверки во смисла на т.н. „претходно собирање известувања“ и да гони така што прво ќе поднесе едно првично обвинение во форма на барање за судска истрага, за вистински да гони по една наводно исцрпна и објективна судска истрага, сега обвинителот ќе ги собере потребните информации и докази за да одлучи дали ќе поднесе обвинителен акт. Во таа смисла поточно е да се зборува за укинување на формалната судска истрага,, наместо за воведување некакванова обвинителска истрага. Новите односи помеѓу јавното обвинителство и полицијата и формирање на правосудната полиција и истражни центри на јавното обвинителство се втора голема новина во претходната постапка. Истрагите на одбраната се третата новина. Новиот концепт на странечка или обвинителска истрага уште повеќе го актуелизира учеството на одбраната во претходната постапка. Колку и обвинителот да е обврзан на објективно изаконито истражување на случајот, тој сепак е странка во постапката и се раководи, од намерата да ја потврди тезата зад која застанал со одлуката да поведе истрага дека осомниченият навистина го сторил делото за кое се товари. Ова е извор на некои од најделикатните замки на новиот концепт. Имено, очигледна е тенденцијата обвинетиот што е можно повеќе да се држи настрана од истрагата (подоцна да се извести, да има порестриктивен увид во списите и сл.). Ова дотолку повеќе ја усложнува неговата можност уште на самиот почеток да го отфрли неоснованото обвинение или да подготви адеквантна одбрана. Во таа насока, ЗКП предвидува од почетокот на извршување на својата должност,

бранителот да може да презема определени дејствија заради пронаоѓање и собирање на докази во корист на одбраната. Заради собирање потребни известувања, бранителот или од него овластениот приватен истражител може да разговара со лица кои можат да изнесат околности корисни за целите на истражните дејствија. Бранителот ќе може на јавниот обвинител и на судијата на претходната постапка непосредно да им ги презентира информациите и доказите кои се во прилог на лицето што го застапува. Новиот ЗКП битно го редуцира учеството на одбраната при преземањето на процесните дејствија што ги води јавниот обвинител, со што ја намалува можноста за „еднаквост на оружјата“ во истражната постапка. Додека едни мислат дека со учеството на одбраната непотребно се намалува ефикасноста на постапката, други тврдат дека ако неприсуството на одбраната не е услов за преземање на истражните дејствија, тоа нема непотребно да ја развлекува постапката. За одбраната е сепак важно да може да има увид во списите, а не и да се повикува да присуствува на дејствата, па нејзиното присуство и воопшто формалниот пристап кон истражните дејствија се чини несоодветен ако земеме во предвид дека во оваа фаза доказите само ќе се прибираат, а нема да се изведуваат. Обвинување.

– Според прифатениот концепт во новиот ЗКП единствен овластен тужител во редовната кривична постапка е јавниот обвинител. Се напушти супсидијарната тужба како коректив на постапувањето на обвинителот, а воспоставен е контролен механизам според кој оштетениот може да се обрати со жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител од оној кој ја донел одлуката за откажување од гонење односно за неповедување кривична постапка. Пред избор на концептот за контрола на обвинителниот акт повеќе компаративни решенија и искуства во однос на судска контрола на обвинителниот акт беа предмет на анализа, како што е законодавството на Германија. По завршување на истражната постапка јавниот обвинител го подготвува и упатува обвинителниот акт до надлежниот суд кога ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда. Елементите кои ја чинат содржината на обвинителниот акт остануваат неизменети. Обврска е на јавниот обвинител во прилог на обвинителниот акт да ги достави сите материјални докази и да приложи листа на докази кои предлага да се изведат на главна расправа со наведување за кои факти и околности се предлагаат. Новина е што со

обвинителниот акт не се доставуваат изјавите што јавниот обвинител ги добил во текот на истражната постапка односно во прилог на обвинението не се доставуваат вербалдокази (изјави од сведоци и други лица дадени пред јавниот обвинител). Тие остануваат кај јавниот обвинител и оже да послужат во текот наглавната расправа за реочување на претходно дадена изјава во случај кога лицето во текот на расправата дава изјава што се разликува од она што претходно ја дал. По прием на обвинителниот акт осомниченият има три можности:

1) да поднесе приговор против обвинителниот акт - и покрај измените во концептот за судска оценка на обвинителниот акт се задржа можноста за контрола на обвинителниот акт по повод поднесен приговор од осомниченият кој се доставува до судијата односно советот надлежен за оценка на обвинителниот акт. Тој има овластување да го оцени приговорот во однос на навременоста, дали е поднесен од овластено лице и да донесе решение за негово отфрлање односно да пристапи кон оценка на обвинителниот акт ако смета дека приговорот не е основан;

2) да поднесе изјава за признавање на вината во рок од 8 дена од прием на обвинителниот акт, осомниченият може да поднесе изјава за признавање на вина во однос на сите или одделни кривични дела содржани во обвинителниот акт што условува одржување на посебно рочиште за оценка на обвинителниот акт кога е претходно дадена изјава за признавање на вина; или

3) да достави листа на докази кои предлага да се изведат а главната расправа при што е дозволено ова да се стори или во приговор против обвинителен акт или по прием на решението со кое обвинителниот акт е оценет како основан.

– Оценката на обвинителниот акт судијата ја врши самостојно, а советот на седница. Јавниот обвинител може да се откаже од обвинителниот акт, пред донесување одлука за неговото одобрување по што судијата односно советот за оценка на обвинителниот акт носи решение за запирање на постапката и веднаш

го известува осомниченият и неговиот бранител. Воедно, решението за запирање на постапката му се доставува на оштетениот со поука дека може во рок од 8 дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител. Обвинителниот акт влегува во правна сила со денот на донесување на решението за негово одобрување односно со впишување на клаузулата за одобрување на обвинителниот акт. Во поглед на главната расправа има нов модел на судење. Отстранувањето на инквизиторните елементи во нашата т.н. мешовита казнена постапка оттука не е актуелно само за истрагата. Растоварувањето на судот вистината да ја утврдува по службена должност, што непотребно го оптоварува судството наметнувајќи му практично дел од обврските на странките во постапката е стратешко прашање што заслужува приоритет. Системски сегашното уредување на главната расправа е последица на компромисот меѓу елементите на кривичната постапка на акузаторниот и инквизаторниот тип, востановено во мешовитиот тип на кривична постапка на XIX век кој што меѓутоа, во тој компромис предноста ја дал на инквизиторната максима и на правото на претседателот на советот да го испитува обвинетиот со цел добивање на неговиот исказ како доказ (инквизиторни елементи). Покрај тоа, системските промени што се случиле во претходната постапка и што тој стадиум на кривичната постапка го направиле доминантен стадиум. Целта на реформата пред сè е судот да се растовари од обврската самиот по службена должност да го разјаснува случајот. Функцијата во целост би требало да ја преземе обвинителството, кое го презема и водењето на претходната постапка, како и товарот вината да ја докаже надвор од секакво разумно сомнение, што на извесен начин ќе придонесе судот да остане независен и непристрасен арбитер. Првенствено е значајно обезбедувањето поголема иницијатива на странките при предлагањето и изведувањето на доказите. Судот треба да се активира само тогаш кога одбраната ќе се покаже неспособна за својата улога.

– Потребата од преуредување на системот на правни лекови во македонското процесно казнено законодавство односно нивна рационализација е една од основни одредници на реформата во казнената постапка целите наведена во Стратегијата за реформа на казненото право. Правните лекови заслужуваат посебно внимание бидејќи овозможуваат отстранување на грешки или

неправилности во однос на утврдената фактичка состојба, односно во примената на правото сторени во текот на првостепената или во второстепената постапка.

Приказот на европското кривично процесно право со осврт врз германската кривична постапка во компарација со нашата кривична постапка не нуди готови решенија во однос на процесната реформа, но ни овозможува побезбедно пронаоѓање на одделни одредишта на патот на нивното барање. Тие одредишта се однесуваат на: а) ново сознајно (хеуристичко) тежиште на кривичната постапка; б) нова рамнотежа меѓу главните процесни субјекти, особено во претходната постапка, в) нова диференцијација и специјализација на државните репресивни органи и г) нови, пошироки рамки на автономија на поединци (обвинетиот и оштетениот) пред државната власт во кривичната постапка.

Развојот на кривичното правосудство во Европа може да се опише како процес на прифаќање на елементите на common law во континенталниот систем. По француската револуција тежиштето на кривичната постапка постапно се префрлило од тајна истрага на јавна главна расправа. Но, кога во 1808 година во Наполеоновиот Code d'instruction criminelle за прв пат е воведена функцијата на истражен судија juge d'instruction, тој нов правосуден функционер ја добил задачата да ги испитува обвинетите и сведоците, забележувајќи ги нивните искази и изработувајќи спис кој бил „'рбет" на предметот против обвинетиот на судењето. Меѓутоа, ново е што истражниот судија не бил вклучен во судењето, со што е воспоставена важноста на главната расправа како посебен стадиум на постапката. Континенталните земји и денес ја задржале оваа основна двојна поделба на функционалната надлежност (со исклучок на Шпанија), во која во постапките за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 6 години истражниот судија може на расправата да донесе пресуда и казна.

Во втората половина на XIX век Германија има воведено усно испитување на сведоци на судот и т.н. начело на „непосредност" („Mündlichkeit", „Unmittelbarkeit der Beweisaufnahme"), со што во начелото, тежиштето на посапката го префрлиле од претходната врз расправната фаза. Имено, австрискиот модел од 1873 година ја комбинирал претходната постапка на францускиот модел со судењето на расправа

моделирана според common law со што во определена мерка претходната постапка станала дури и непотребна. Поради тоа на јавното обвинителство му е овозможено да поднесува т.н. непосредни обвинителни акти, кои станале се позачестени. Меѓутоа, по паѓањето на владата на Наполеон неговиот Code d'instruction criminelle останал и натаму во европските земји кои или го задржале (како што тоа го направила Белгија) или го користеле како основа за изработка на свој сопствен процесен закон (како што направиле Италија, Австрија и Германија). Поради тоа историјата на континенталната кривична постапка е приказна за тоа како тие го прифаќале, го модифицирале или го откажувале францускиот модел ако го држеле како „премногу авторитативен".

Притоа јасен тренд во тој развој претставува укинувањето на истражниот судија (juge d'instruction). Во Германија тој е укинат во 1974 година. Во Франција, таа лулка на судската истрага, имало предлози за укинување на истражниот судија, и тоа во 1949 и 1990 година. Таа појава се објаснува со две причини:

- Прво, се додека расправниот суд ја заснова својата одлука врз списот што го подготвил истражниот судија, не може да се очекува конечната одлука на судот да биде заснована врз нешто друго. Но, еднаш кога на расправата ќе започнат да се изведуваат докази, судската истрага станува се повеќе непотребна, а претходната процесна фаза добива поинаква функција: хеуристички не е насочена кон собирањето докази, туку само сака на странките да им ја даде ориентацијата за тоа кои докази ќе се изведуваат на судењето и на јавниот обвинител да му го овозможи формулирањето на обвинителниот акт. За тие функции во сознајната смисла доволни се ограничените истражувања што можат да им се препуштат на полицијата и на јавниот обвинител – кој, имено, веќе и порано ги обавувал тие функции во предистражната постапка (која во времето на инквизиторната постапка, како т.н. inquisitio generalis имала за цел да му овозможи на судот донесување одлука за покренување на формална судска истрага, inquisitio specialis). Значи, кога концептот на јавната главна расправа и на „непосредното" изведување и оценување на докази е преземен од системот на common law, функцијата на

истражниот судија го загубила своето значење и се претворила во „непотребно и временски условено повторување на она што претходно е одработено од страна на јавното обвинителство и полицијата“.

- Второ, просветениот граѓански либерализам ја застапува основната идеја дека задачата на судот е во заштитата на личните и процесните права на обвинетиот во постапката. За да ја обави оваа задача веродостојно, судот мора да биде непристрасен и објективен. Поради тоа од императивна важност е функцијата на гонењето да му се довери на обвинителот, функцијата на одбраната на обвинетиот, а судијата да се постави во непристрасна, објективна положба на водител на постапката. Од тоа произлегува триаголната структура, клучна за идејата на правична постапка: судот ја води постапката меѓу спротивставените странки, внимателно слушајќи ги двете страни и вршејќи надзор врз здравата рамнотежа на нивните процесни овластувања (т.н. „еднаквост на оружјата“).

Традиционалниот истражен судија, иако доверувањето на функцијата на кривично гонење до јавниот обвинител го ослободило од таа функција, сепак не обезбедил непристрасна и објективна положба. Тоа е видливо кога се работи за одлуките за притвор. Познато е дека на системот на common law бројот на притворени лица се уште е низок во споредба со бројот на притвори на континентот. Дел од објаснувањата за тоа е во фактот што „во Франција, судијата кој ја донесува одлуката за притвор на обвинет е независен од истрагата т.е. традиционално juge d’instruction (истражниот судија) – чија функција само теоретски е водењето истрага но често му одговара предметот на истрагата да му биде при рака, па е очигледно дека – ако ништо друго – постои ризик притворот пред судењето да се користи како начин на притисок врз обвинетиот да соработува.“ Може да заклучиме: доверување на истражувањето на фактите на судот во претходна постапка не само да е непотребно и губење на време и средства, туку дури и го спречува судијата во правилно обавување на улогата на гарант на личните права на обвинетиот.

Во францускиот модел истражниот судија ја спроведува истрагата еднакво во корист на двете странки (à charge et à décharge), реално е да се очекува дека

полицијата и државниот обвинител, без оглед на тоа што се прогласуваат за објективни државни органи во постапката, автоматски кај подготвувањето на обвинителниот акт ќе тежнеат кон тоа да се сконцентрираат врз она што е потребно за обвинението, а не врз аспектите што се поволни за обвинетиот. Психолошки е невозможно истовремено да се работи во корист и на штета на претпоставките на сопственото делување. Докажано е дека таа ситуација довела до случаи во кои поради полициското заташкување на доказите дошло до осудување на невините. Поради тоа во системот е потребно да се внесат дополнителни мерки на безбедност за да се урамнотежи моќта на полицијата и обвинителството од едната страна и легитимните интереси на обвинетиот од другата. Тие обезбедувања можат да ги вклучат: **а)** процесните механизми што му одговараат на постулатот „еднаквост на оружјето“ (делотворните решенија што овозможуваат поднесениот обвинителен акт пред расправата да се преиспита во фактичките и правните основи Од посебна важност се процесните форми што на полицијата и на јавното обвинителство им оневозможуваат да вршат недозволени притисоци врз обвинетиот. Тоа е причината зошто во бројните системи на полицијата не и е дозволено да го испитува осомниченият кој се уште ја немал можноста да се советува со бранителот (како што е случај во Германија од 1964 година и во Франција од 1993 година).) и **б)** јакнењето на независноста и самостојноста на истражните органи на полицијата и државното обвинителство. Познато е дека на истражниот судија, поради институционалната независност од извршната власт, може да му се верува дека нема да ја форсира истрагата, а ниту да ги премолчи доказите поради политичка чувствителност. Во Франција токму разликата помеѓу јавниот обвинител кој им подлежи на упатствата на министерството за правосудство и судијата кој е независен е она што ја објаснува поддршката на јавноста до институцијата на истражниот судија (juge d’instruction), за кого се чини „дека ќе преживее во Франција се додека јавниот обвинител и останува подложен на политичката контрола“. Поради тоа, доколку истражниот судија се укине, потребно е на јавниот обвинител со закони и организациски да му се обезбеди независноста од извршната власт каква што ја имаат судовите. Независноста на истражниот судија од извршната власт меѓутоа, како аргумент значително губи на тежина таму каде што тој според законот и во практика зависи од јавниот обвинител, па евентуалноту укинување на судската истрага губи на важноста. Во францускиот систем, juge d’instruction не зависи од барањето на јавниот обвинител, бидејќи може да делува и врз основа на тужба на граѓаните,

partie civile а освен тоа, еднаш кога ќе започне судската истрага, тешко е да се запре доколку истражниот судија нема волја да се согласи на компромис со политичките моќници. Меѓутоа, ако практиката покажува дека истражниот судија нема волја да прави нешто што јавниот обвинител изрично не бара – како што денес е случај и во Македонија – тогаш јавниот обвинител станува доминантна фигура на претходната постапка и прашањето на независноста се преместува врз неговата функција.

Во Франција, јавните обвинители имаат статус на магистрати, т.е. во основа ист статус како судиите. Вообичаено врз обвинителите и судиите да се гледа како на една група (magistrature/magistratura). И едните и другите се регрутираат и именуваат врз основа на конкурс и исти стручни квалификации. Но, постојат разлики меѓу тие земји. Во Франција јавното обвинителство е хиерархиски организирано, на врвот со министерот за правда (garde des Sceaux) кој е надреден на генералниот обвинител (procureur general) кај Касационниот суд и на јавните обвинители (procureur généraux) при жалбените судови (cours d'appel). Вторите пак им се надредени на „обвинителите на Републиката" (procureur de la République) кај пониските судови. За напредувањето или преместувањето одлучува министерот за правда или владата, со мислење на Conseil supérieur de la magistrature (CSM). Дисциплинските мерки против јавните обвинители во Франција ги спроведува министерот за правда, а не CSM. Конечно, во извршувањето на своите функции, јавниот обвинител во значителна мерка е обврзан да ги почитува упатствата што ги издава министерот за правда, дури и во однос на конкретни предмети.

Во Франција неодамна имало обиди за јакнење на контролата на јавниот обвинител врз полицијата: со измена на законот од 2000 година внесена е одредба со која се бара procureur de la République кога ќе и издаде упатства на полицијата да спроведе истраги, да го определи временскиот рок и од полицијата да побара да му поднесе извештај за напредувањето по шест месеци.

Во Германија , иако јавниот обвинител е предвиден како водител кој ја насочува и врши надзор врз активноста на полицијата, во практиката полицијата е таа која независно истражува, па бројните коментатори сметаат дека таквата ситуација наметнува сериозни прашања врзани за владеењето на правото. Може да се заклучи дека, без оглед на нормативните разлики, практиката на полицијата во претходната постапка на мнозинството европски постапки се поклопува во поглед на

полициските задачи и методите со коишто се служат. Поради тоа законодавецот би требало, од една страна, да ја прифати и разработи идејата за колку што е можно повеќе полициски истраги, а од друга страна, да воспостави систем на координација и соработка меѓу полицијата и јавното обвинителство. Тој би требало да ги обезбеди претпоставките за вклучување на обвинителството во полициски истраги но истовремено да дозволи полицијата и обвинителството, како различни субјекти да можат да имаат различни почетни хипотези околу водењето на истрагите. Иако во стварноста ќе постои мешавина на мотиви, сепак целите кон кои се тежнее ќе бидат одразени во расподелбата на функциите на обвинителството и полицијата и во модалитетите на нивната соработка и комуникација. Флексибилноста на обвинителството во делегирањето на истрагите на полицијата може да се разликува, зависно од мандатот на јавниот обвинител. Системот мора да биде оспособен да го воспостави и одржува пронајдениот механизам кој на јавните обвинители им овозможува да интервенираат и да ја преземат одговорноста за истрагите кога тоа е потребно, а притоа со бројот на предмети и нивното значење да не се преоптовари јавното обвинителство. Конечно, при сето тоа несмее да се заборави и на заштитата на правата на жртвата веќе во претходната постапка делотворно да ги оспорат одбивањата на полицијата да спроведе истраги или на јавните обвинители да покренат кривично гонење. Таа задача е можна според германскиот модел или Klageerzwingungsverfahren модел на супсидијарна тужба.

Во Франција изјаснувањето за вината е воведено во ЗКП во март 2004 година (законот кој се нарекува “Perben II”). Таа опција постои за оние обвинети за кривични дела (délits) за кои пропишаната казна затвор не надминува пет години. Во германското право постои едноставен облик на постапка кој на обвинителите и на судиите им овозможува завршување на предметот по пат на кривичен налог без расправа (Strafbefehlsverfahren, procedimento per decreto). Обвинетиот добива налог што го подготвил јавниот обвинител и го издал судот. Доколку не вложи приговор, тогаш тој кривичен налог стапува на сила.

Франција и Германија, исто така имаат воведено постапки на алтернативно санкционирање кои го овозможуваат завршувањето на предметот без расправа ако јавниот обвинител има одредена согласност или подготвеност на осомничениот да ја преземе одговорноста за кривичните дела за кои е обвинет, на нив може да се гледа

како да имплицираат некаков облик на признание на вината на обвинетиот. Поради - избегнувањето на долготрајни судски постапки, а притоа да не го жртвува основното начело дека за изрекување на кривичните санкција е потребна судска одлука која не може да се замени со одлуката на јавниот обвинител - германскиот систем му овозможува на јавниот обвинител да одлучи за алтернативните санкции врз основа на начелото на целисходност на кривичното гонење (како што опишавме горе често е критикуван од аспект на претпоставката на невиност на обвинетиот и на уставната поделба на власта). Јавните обвинители во системите како што е германскиот, на кои им е препуштена одговорноста за истраги, кои врз основа на своите сопствени наоди одлучуваат за кривичното гонење и со тоа можат во широк распон на дискрециони одлуки да одлучуваат за санкциите против обвинетиот без каква било судска контрола и кои со тоа ги уживаат сите тие овластувања, спротивно на тоа што се особено зависни од министерот за правосудство.

Во Франција кое било лице што тврди дека било жртва на кривично дело може да поднесе пријава и да стане „граѓанска странка“, partie civile во кривичната постапка пред судот (без оглед дали постапката се води пред juge d'instruction или пред расправниот суд). Со тоа може да му се придружи на јавниот обвинител, а ако него го нема, со поднесување на пријавата за отштета независно го покренува кривичното гонење од страна на судијата. Со тоа, жртвата има право да покрене постапка и со издавање на судска покана (citation directe). Надлежниот судија тогаш мора да ја донесе одлуката без оглед на стојалиштето на јавниот обвинител. Недостатокот на овој модел е во тоа што учеството на жртвата зависи од надлежноста на судот, а во покренатата постапка жртвата нема улога во истражната фаза. Француските прописи од 2003 година имале за цел да ја подобрат ситуацијата на жртвите; од јавниот обвинител се барало да ги наведе причините за отфрлањето на пријавата, а жртвата го добила правото да ја оспорува одлуката на обвинителот за отфрлањето на пријавата со вложување жалба упатена до Procureur general. Во Германија на жртвата неодамна и е посветено доста внимание во измените и дополнувањата на ЗКП и другите закони.

ЗАКЛУЧОК

Република Македонија доста долго со неколку мали измени го применувала југословенскиот ЗКП, кој што влечел корени од Наполеоновиот француски Закон за Казнена постапк, кој имал т.н мешовита казнена постапка и од него се извел австрискиот ЗКП, Најпрвен во Југослаија се внел преку Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

Законот за кривична постапка во Република Северна Македонија е всушност потомок на австрискиот Strafprozessordnung (StPO) од 1873 година. Внесувањето на австрискиот модел во Република Македонија се случило преку Законот за судската кривична постапка на Кралството Југославија од 1928 година. Во 1948 година бил донесен нов закон,Закон за кривична постапка,па по втората светска војна Македонија станува дел од Југославија како федерална единица. Обновувањето на кривичното законодавство се случило во 1953 година кога бил донесен Законикот за кривична постапка,потикнато од политичкото раскинување на ФНР Југославија со Советскиот Сојуз. во 1997 година се донесува нов сопствен ЗКП на Република Македонија. Своите први парцијални измени овој првичен сопствен закон ги доживеал пет години подоцна односно во 2002 година. Во 2004 година се случиле по големи измени на македонскиот ЗКП.

Текот на кривичната постапка во Република Северна Македонија се одвива во следните фази: претходна постапка, истражна постапка, обвинување, главна расправа и пресуда. По пресудата или решението странките имаат право на редовни и вонредни правни лекови.

За нашето казнено право да стане компатибилно со европското и да може успешно да одговори на предизвикот за борба против организираниот криминал, целокупната структура на казнената постапка мора да се промени или да се рекомбинираат делови од постојните системи за да се формира сосема нов систем на казнено правосудство, кој ќе одговара на нашето поднебје и традиции, а сепак да биде на ниво на европските стандарди. Главни закони кои служеа како модел за нашиот нов ЗКП беа законите за кривична постапка на Италија, Австрија и Германија, Босна и Херцеговина, Србија и Хрватска.

Ова бара големи промени не само во структурата на постапката, туку и во овластувањата и организацијата на главните актери. Горните анализи покажуваат дека сегашната кривична постапка, заснована врз традицијата на мешан тип на кривична постапка со нагласени инквизиторни елементи во истрагата и на главната расправа и со дисфункционалните карактеристики на претходната постапка треба да се преуреди на линијата на процесните институти на кривичната постапка од акузаторен (странечки) тип, но со внимателно прилагодување кон домашните специфичности и потреби, со цел преземањето на акузаторните елементи да не доведе до штетни последици врз кривичното правосудство во целост. Тоа имено, претставува системски ланец, чија силина може да се мери само со силината (или слабоста) на најслабата карика.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Б.Петрич, Приручник о примени закона о кривичном посупку, НИО ,,Пословна политика,, Београд, 1985 год.
2. Б.Секуловски, Улогата на жртвата во предкривичната постапка, Здружение на кривично право и криминалистика, Охрид, 2000 год.
3. В.Камбовски-Коментар на кривичниот законик на РМ,Матица,2011г.
4. Г.Бужаровска, Н.Матовски, Г.Калајџиев, Казнено процесно право-второ изменето и дополнето издание ,,Академик,, Скопје, 2011 год
5. Г.Бужаровска, Б.Мисовски, ,,Забрзување и поедноставување на кривичната постапка,, компаративно истражување, Правен факултет Скопје, 2007 год.
6. .Г.Бужаровска, Г.Калајџиев. Спогодување за вина – Прирачник за практичари, Скопје, декември 2010 год.
7. Г.Бужаровска,Б.Мисоски,В.Анастасова-Коммпаративно истражување на контрола на обвинението во споредбеното право,МРКК,бр.2-2008.
8. Г.Бужаровска-Правните лекови во Законот за кривична постапка на Република Македонија ,2011 година
9. Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година
10. Истражување за кривично правната регулатива помегу теорија и пракса,Наталија Петровска,проф.Др Бобан Мисоски-2018,Скопје.
11. Истражни дејствија-Прирачник, БУЖАРОВСКА ГОРДАНА
12. Ј.Проевски, М.Крцковски, Закон за кривична постапка, објаснување, коментар, судска практика, ,,Академик,, Скопје, 1997 год.
13. Ј.Јовчевски-Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ,МРКПК,бр.2/2009
14. Казнено право,Владо Камбовски
15. Коментар на законот за кривичната постапка, Г.Калајџиева, Г.Лажетиќ, Л.Неделкова,
    М.Денковска,М.Тромбева,Т.Витларов,П.Јанкуловска,Д.Кадиев,2018 година.
16. М.Крцковски-Закон за кривична постапка,објаснување,коментар,судска практика,Скопје,1997
17. Н.Матовски,Г.Бужаровска,Г.Калајџиски-Казнено процесно право,Второ изменето и дополнето издание,Скопје,2011г.
18. Напредна обука за новиот ЗКП-Прирачник- Љиљана Ивановска Шопова, Судија на Апелационен суд Скопје - Зоран Димитриевски, Судија на Апелационен суд Скопје - Момир Маричиќ, член на Совет на јавни обвинители
19. .О.Бачановиќ, Правата на оштетениот во предкривичната постапка и истрага, Здружение на кривично право и криминалистика, Охрид, ноември 2000 год.
20. Прирачник за Закон за Кривична постапка, Министерво за внатрешни работи,Биро за јавна безбедност центар за обука, Јануари, 2012 година Скопје
21. Прирачник за адвокатски вештини за одбрана во кривичната постапка, Емил Мифтари Драган Гоџо Александар Гоџо Филип Медарски Симеон Петровски Холгер Хембах Доналд Бисон Флориан Рацесбергер Март, 2009
22. Закон за мегународна соработка во крибичната материја сл. Весник бр.124/2010г

23. Закон за помилување,сл,весник 20/93,измени во 12/09
24. .П.Марина, Теорија на кривичната постапка, Скопје 1958 год.
25. .П.Марина, Коментар на законот за кривична постапка, Скопје 1978 год
26. П.Марина, Оштетениот како субјект во кривичната постапка, ,,Правна мисла,, Скопје 1980 год.
27. .П.Марина, ,,Теорија на кривичната постапка,, 1959 год
28. ПРЕКРШОЧНА VS КРИВИЧНА ПОСТАПКА, М-р Никола Главинче, адвокат
29. Посебни истражни мерки- Домашна и меѓународна практика, [Вилма Русковска, Јован Илиевски, Марија де Лас Херас], - Скопје, : ОБСЕ 2010
30. Реформа на кривичната постапка-Г.Бужаровска,Г.Калајџиев-Скопје-Охрид,2009
31. Спогодување за Вина-Г.Бужаровска,2010 година
32. ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник- Јани Нича, Судија на Основен суд Скопје 1 Скопје - Маја Коневска, Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на оргаризиран криминал и корупција - Дељо Кадиев, Адвокат ,2013 година
33. Зборник во чест на Панта Марина, Правен факултет ,,Јустинијан први,, Скопје, 2007 год
34. Закон за кривичната постапка (Сл.весник на Р.М бр.15 од 3 април 1997 год.)

Интернет литература

35. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/07/Vodich-Prethodna-krivichna-postapka.pdf - Водич - Претходна кривична постапка-Македонско здружение на малди правници
36. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/istrazna-postapka-nov-zkp.pdf ИСТРАЖНА ПОСТАПКА – Прирачник, Мери Тромбева, Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола - Д-р Павлина Јанкуловска, Основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола - Маја Денковска, Судија во Основен суд Куманово,2013 година
37. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/scewww.pdf Вкрстено испитување-Прирачник, Дејвид Ре, Мајкл Г. Карнавас,2010 година
38. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-krivichnata-postapka-18-11-2010.pdf Закон за кривична постапка на Р.Македонија-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.38/05 7 март 2005 год.)
39. http://healthrights.mk/pdf/Zakoni/2018/11.2018/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%B7%D0%BC.%20%D0%B8%20%D0%B4%D0%BE%D0%BF.%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%97%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B0%20%D0%A1%D0%92%20198-2018.pdf Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка на Р.Македонија (Сл.весник на РМ бр.74/04 22.10.2004 год.)
40. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/sudski-odluki.pdf Збирка на судски одлуки,2009,Здружение на правници и Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје.

A